## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Триесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 27 ноември 2008 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,50 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Светлана Јакимовска, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**Светлана Јакимовска:** Дами и господа пратеници,

Ја отворам Триесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Јани Макрадули, Илија Димовски, Радмила Шекеринска, Мендух Тачи, Арбен Џафери, Флора Кадриу, Али Ахмеит, Хисен Џемаили, Фијат Цаноски и Вулнет Амети ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

На седницата поканети се претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Министерството за труд и социјална политика достави одговор на пратеничкото прашање поставено од пратеникот Ратко Димитровски.

Го молам пратеникот Ратко Димитровски да се произнесе дали е задоволен ..

Повелете процедурално госпоѓа Иванова Цветанка.

**Цветанка Иванова:** Благодарам потпретседателке.

Од името на цела пратеничка група на Социјал демократскиот сојуз реагирам на денешнот однос на Владата кон Собранието на Република Македонија, на денешнот однос на Владата кон опозицијата на Република Македонија и кон граѓаните затоа што ова е прва седница на пратенички прашања во овој мандат на Владата и мислам, неочекувано е ваков однос да има на првата седница.

Затоа доколку Владата имала нешто важно да и соопшти на јавноста требала да си ги планира активностите и да покаже поинаков однос, онаков каков што доликува кон Собранието и кон опозицијата.

Бидејќи доцниме некаде околу еден час што ни е одземено како пратеници за поставување на пратенички прашања, а поради доцнење на Владата, бараме оваа седница за пратенички прашања да се продолжи за еден час за онолку колку што доцнеше Владата. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Пауза од 10 минути.

Ги повикувам координаторите на пратеничките групи во Охридска сала.

Паузата од 10 минути е за договор со координаторите, затоа што согласно Деловникот член 68 право на продолжување има претседателот на Собранието на Собранието на Република Македонија. Но, со оглед дека пратеничката група преку својот координатор постави процедурално интервенција, 10 минути пауза во Охридска сала со координаторите на пратеничките групи.

(По паузата седницата продолжи со работа во 11,55 часот)

Продолжуваме со работа.

На координацијата со координаторите на пратеничките групи едногласно се договоривме да оваа седница трае еден час подолго, значи немасто до 18,00 до 19,00 часот.

Продолжуваме понатаму.

Го молам пратеникот Ратко Димитровски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за труд и социјална политика на прашањето што се однесува на нереализирање на судска одлука од страна на вработените во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Ратко Димитровски.

**Ратко Димитровски:** Благодарам потпретседателке.

Моето прашање беше доставено до министерот за труд и социјална политика, а се однесува на спроведување на една судска одлука во Фондот за пензиско и ја добиле судската пресуда. Судската пресуда е правосилна. Судската пресуда се однесува на утврдување на стаж во периодот од 9.04.1972 до 14.11.1972 година. Меѓутоа, стручните служби во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, во подрачната единица во Делчево не сакаат да ја реализираат таа судска одлука.

Поаѓајќи од Законот за општа управна постапка, дека сите предмети треба да се решат најдоцна во рок од 60 дена, а истите не се завршени, поради тоа што Фондот за пензиско и инвалидско осигурување од Делчево бара дополнителни докази, покрај судската пресуда, правосилната судска пресуда, бара дополнителни докази со кои што тужителите, вкупно 14 на број треба да докажат дека во тој период работеле во тогашна “Партизанка” односно наследникот “Палтекс” - Делчево.

Делумно сум задоволен од одговорот на прашањето, но би поставил дополнително прашање до министерот за труд и социјална политика, на кој начин треба да се реализира оваа судска одлука за да 15-те лица, да им се впише работниот стаж за периодот што го цитирав од 9.04.1972 до 14.11.1972 година. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Министерот за труд и социјална политика ќе одговори на вашето дополнително прашање, на дел од истото тоа ваше прашање. Повелете.

**Џелал Бајрами:** Благодарам.

Што се однесува до спроведување на таа постапка, да се имплементира таа судска пресуда во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување

во подрачната единица, сите тие лица на кои се однесуваат овие пресуди ќе добијат писмени известувања како сето тоа ќе се регулира. Значи до сите, кај нив поединично ќе испратиме писмено известување. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Согласно член 40 од Деловникот на Собранието на Република Македонија пратениците за поставување на пратенички прашања, писмено го известија претседателот на Собранието 24 часа пред одржување на седницата.

Во договор со координаторите на пратеничките групи пратениците на денешната седница ќе поставуваат пратенички прашања според утврдениот редослед кој е поделен на координаторите на пратеничките групи.

Пред да преминеме на поставување на пратенички прашања Ве потсетувам дека согласно член 39 став 3 и 4 од Деловникот на Собранието на Република Македонија пратеникот може да постави најмногу 3 прашања во траење од 10 минути, а има право да се произнесе дали е задоволен од одговорот во траење од 3 минути.

Согласно член 43 од Деловникот на Собранието на Република Македонија пратеникот што го поставил прашањето по добиениот одговор има право да постави дополнително прашање во траење од 3 минути.

Преминуваме на поставување на пратенички прашања.

Согласно договорот со координаторите, има збор пратеникот Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Благодарам потпретседателке.

Колеги пратеници, премиере, членови на Владата,

Нека ни е аирлија новата сезона на поставување прашања, за што сум убеден дека ќе имаме добри прашања. Се сомневам дека ќе имаме искрени и добри одговори. Но, веројатно ќе ме демантирате.

Еве, првиот демант дојде и денеска, да во очекување на оваа седница, добро е што Владата се уплаши од овие прашања па свика вонредна седница посветена на една многу крупна тема со што ќе го почнам моето прво прашање, а тоа е глобалната светска, регионална, финансиска и економска криза и нејзините реперкусии во Република Македонија.

Најдобрите коментари не треба да ги дадам јас, се извинувам, прашањето е упатено до кандидатот за претседател можеби и премиер, вицепремиерот Ставрески ...

**Светлана Јакимовска:** Да, јас ги замолувам и сите пратеници кои ќе поставуваат пратенички прашања да се произнесат до кого ќе го постават прашањето.

**Игор Ивановски:** До вицепремиерот Ставрески.

Најдобрите коментари за тоа како македонските власти ја третираат оваа криза нема да ги дадам јас, само ќе ги цитирам во неколку наврати.

Прво октомври, Славески, тој е дел од економското трио Груевски, Ставрески, Славески, вели "во моментов не постојат никакви ризици за македонскиот финансиски, банкарски систем".

Одиме понатаму. Исто така, Ставрески сега вели "случувањата во Македонија засега ни даваат сигурност дека евентуални последици врз Македонија нема да има и нема да бидат значајни".

Ставрески отвора учебна година на Економскиот факултет во Штип, нивниот проект што ќе биде пред крах некое време, вели "сметаме дека финансиската криза бара будност од сите земји, но во овој момент кризата нема да влијае и нема да остави значајни последици врз Македонија", изјави господинот Ставрески.

Одиме понатаму, повторно вицепремиерот Ставрески вели на 10 октомври, 10 дена подоцна "очекувам дека Македонската берза нема да биде долгорочно погодена и дека постепено ќе почне да закрепнува". Македонската берза нема ден да не паѓа, а далеку од тоа да закрепнува.

Па во меѓувреме, после десетина дена Ставрески вели "факт е дека економијата во целина нормално ќе има последици во одредена форма, но тоа е тешко во овој момент да се предвиди". Тука имаме одредена еволуција во ставовите.

Па продолжуваме понатаму, СДСМ во меѓувреме дава пакет на најмалку пет директни оперативни мерки во делот на населението и стопанството, меѓу кои што една е да се врати сигурноста, безбедноста и доверливоста во банкарскиот сектор и да се зголеми прагот на депозитите што ќе бидат заштитени. Цело време и Ставрески и Славески не убедуваат дека тоа нема воопшто потреба да го направиме. Но замислете, затоа премиерот Груевски кој им е ним надреден вели "има закана за распад на финансискиот сектор", ова е кажано на 3 ноември 2008 година,"како што имаше Америка и неколку европски држави, тогаш сме подготвени да излеземе со итен закон со што ќе се заштитат сите штедни влогови. Во тој дел, за сега, нема никакви штети и затоа нема интервенција од наша страна".

Продолжуваме понатаму. Има уште многу примери каде што во изминативе два месеци постои тотална некоординираност, поточно хаос во изјавите на врвните луѓе задолжени за економијата во Македонија. Тие контрадикторни изјави предизвикуваат да нема никакви ефекти да нема никакви мерки за решавање и дополнително конфузни и збунувачки пораки до инвеститорите, до населението и до сите играчи во делот на економијата.

Како резултат на сето ова имаме одредени факти. Намален е кредитниот рејтинг на Република Македонија. Тоа е факт утврден од Кредитната агенција ФИЧ, која што, наместо досегашниот позитивен, Македонија сега има стабилен кредитен рејтинг. Дополнително, во изминатиот период баравме во неколку наврати директно да се интервенира во делот на најпогодениот сектор, а тоа е Секторот на рударството и на металопреработувачката индустрија, но добивме одговори од страна на врвните министри дека

"Владата не може со парите на даночните обврзници да интервенира во овие фирми", вели Трајко Славески, притоа заборавајќи дека Владата досега, во овие три години директно интервенираше во МЕПСО, во ЕСМ, во ТЕ Неготино со преку 20 милиони евра, интервенира во Бунарџик за Џонсон Контрол, во ТЕ Неготино и најмногу од се интервенира во секторот за производство на реклами.

Имаме дополнителни изјави од министрите кои велат дека, замислете, економската криза е и шанса за Македонија, бидејќи фирмите од странство што имале проблеми ќе дошле во Македонија и тогаш ќе започнале да инвестираат.

Со еден збор господине премиер, заменик премиер, министер за финансии, министер за економија имаме сериозен проблем што во овој момент е завршен со пад на индустриското производство од 10% во однос на периодот од лани или за 17% во однос на септември. Во октомври, индустриското производство е намалено во континуитет. Продолжува намалувањето на бројот на работниците вработени во индустријата.

Во овој момент има 389 илјади невработени лица, согласно евиденцијата на Бирото за вработување, преку 40% од граѓаните имаат заостанати и неплатени сметки за струја, има 50% од граѓани кои се на суд за неплатени сметки, преку 1200 вработени се надвор од металургијата, 600 луѓе од ОХИС и ЕМО немаат 7-8 месеци примено никаква плата, повеќе од 500 транспортери ја изгубија својата работа, повеќе од 1000 рудари не знаат дали до крајот на годината ќе останат без своите работни места.

СДСМ предложи голем пакет на мерки. Гледаме дека денеска Владата прифатила дел од нив. Затоа и ќе ја поздравиме за некои од нив.

Но она што сакам да ве прашам господине Ставрески е да ни ги кажете трите мерки насочени кон невработеноста, сиромаштијата и кон населението кое најмногу ги чувствува последиците од оваа криза. Ако ми покажете барем три, ќе можеме да продолжиме да дебатираме.

Второто прашање е упатено до господинот премиер, кој беше неколку дена, заедно со приближно 50-60 луѓе во САД. И тоа е добро. Добро е што се одважи да патува и да ја промовира македонската економија. Времето и местото се згрешени, бидејќи токму во Америка се чувствува најголемата финансиска криза и токму тие се ориентирани кон сопствените проблеми.

Таму, од Њујорк или Чикаго, се извинувам, слушнавме дека Македонија дошла од дното до средината на странски инвестиции по човек. Последните податоци, објавени за сите, во оваа држава, од 2007 година е дека Македонија е на претпоследното место со 161 евро по човек, веднаш зад Албанија што е последна. На пример Бугарија има 820, Хрватска има 760 евра, Македонија има 161 евро за 2007 година. Тоа не е средина. Тоа е дното на табелата.

Дополнително слушнавме дека најголем успех на оваа Влада во тие 10 дена било дека се вратила со два меморандуми. Пазете, меморандуми и тоа за разбирање. Истиот оној Груевски кој во континуитет, како опозиционер и шеф на ВМРО-ДПМНЕ даваше коментари од типот, за претходниот премиер, дека освен меморандумот со пензионерите, Владата на Бучковски и Бучковски потпишувале меморандуми како со компанијата Џинсон Контролс, банката АНГ, но немало никакви резултати од тоа. Ова е ваш цитат од 12.06.2006 година.

Моето конкретно прашање е поврзано со вашиот исход, не за содржината на посетата, туку за вашиот исход. Многу е практично.

Со колку долари странски инвестиции од САД се вративте? Бидејќи јас ја разбирам потребата да се сретнете со ИТ индустријата, но баш ме интересира дали разговаравте со нив да во Липково отвориме фабрика за чипови?

Дополнително се обиде на веб страната на Интел да видам каде е тој меморандум за разбирање. Го најдов оној со Кина, го најдов оној со Тајван, но меморандумот за развивање со Република Македонија не постои, барем на официјалната страна на Интел, со кој што сте потпишале, можеби ќе ни го покажете, добро да знае македонската јавност.

Трето прашање, упатено исто така до премиерот, кој во својата Влада има министер, кој, веројатно по ваш налог, отворено врши притисоци и се заканува врз директорите и вработените во образованието во Република Македонија, барајќи тие да не го почитуваат или спроведат своето усавно, законско и човечко право на штрајк. Дополнително, господине Груевски вие ветивте, очигледно во предизборната кампања, но сега не го реализирате тоа што треба да им го дадете на вработените во образованието: да се вработат оние на определено работно време; да им се покачи храната и превозот и да им се помогне во сите останати барања.

СДСМ и досега и понатаму ќе ги подржува сите барања на работниците. СДСМ не го организира овој штрајк. Информациите објавени дека, наводно, се комуницирало помеѓу партиски лидери и Синдикатот во однос на СДСМ и претседателот Заев не се точни. Во таа смисла очекувајте дека, како и досега, така и понатаму ние упорно ќе бараме тие да ја истераат својата правдина до крај.

Моето прашање до вас - кога ќе платите 20 милиони евра на годишно ниво за барањата на вработените во образованието, науката и културата, со оглед на тоа што пари очигледно имате многу од овие граѓани. 400 милиони евра се предвидени за договори за дело, 20 милиони евра можат сосема комотно да се префрлат од нив за да се даде за вработените во образованието. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

На првото ваше поставено прашање ќе одговори заменик премиерот на Владата, господинот Зоран Ставрески, повелете.

**Зоран Ставрески:** Почитуван претседавач, почитуван господине Ивановски,

Ви благодарам за вашите прашања, што се секако навремени и токму практично даваат добра можност да ги презентираме мерките на Владата во однос на кризата во реалниот сектор што се случува во целиот свет, а ја зафати и Република Македонија.

Морам на почетокот да кажам дека навистина е за изненадување што вие, како асистент на Економски факултет поставивте некои прашања од кои навистина човек може да се зачуди дали се прави дистинкција од ваша страна меѓу тоа што е финансиски сектор и што е реален сектор. Односно, вие ги измешавте сите работи на еден куп, иако сте добро, веројанот, свесни и во текот на вашето излагање тоа можеше и да се забележи, доколку внимателно се слуша.

Дека изјавите, во однос на финансискиот сектор од првиот момент до ден денеска се конзистентни. Нашите изјави се дека кризата, што во светот започна, во финансискиот сектор, во Македонија не се почувствува со такви димензии. Финансискиот сектор во Република Македонија е стабилен, банките се стабилни, граѓаните се сигурни во однос на гаранцијата на нивните штедни влогови. Тоа е што се однесува до банкарскиот сектор од првиот до последниот ден. Нашите изјави, мојата, на премиерот, на министерот за финансии, на министерот за економија се конзистентни и ние и ден денеска го тврдиме тоа.

Исто така, од првиот ден до ден денеска кажавме дека македонската економија ќе има индиректни последици од светската економска криза. Значи, светската криза не се случи преку ноќ и во еден бран. Светската криза, како што би требало вие како економист да знаете, првично го зафати финансискиот сектор и потоа се продлабочи во реалниот сектор, односно сега веќе е изразена во длабока рецесија во САД и рецесија што и се заканува на Европа.

Таа рецесија, нормално, го погаѓа реалниот сектор, на сите економии во светот. Македонските фирми работат со тие фирми од Европа и Америка, каде има рецесија и  каде што е намалена побарувачката. Штом се намали побарувачката за нашите производи, логично е дека македонската економија ќе биде зафатена.

Секој умен човек ги прилагодува сопствените политики и мерки согласно случувањата во светот. Ние, во првиот момент кажавте дека работиме на тоа да подготвиме мерки, доколку е потребно да интервенираме во та фаза кога ќе е потребно. Можете да претпоставите, исто така, дека меркиве што денеска ги објавивме, пакетот од десет мерки и неколку други мерки што претходно ги презедовме не се подготвени преку ноќ, дека Владата се подготвувала студиозно и дека Владата во тој момент, кога се оцени дека кризата во реалниот сектор, во стопанството има навлезено подлабоко и ги има зафатено македонските фирми подлабоко, Владата веднаш интервенира и влегува со мерки за поддршка на стопанството.

Исто така во вашето излагање беше направена вербална еквиликвистика околу тоа дека било изјавено од страна на премиерот дека има криза во финансискиот сектор, но го испуштивте зборот “ако” на почетокот. Значи “ако” има криза во финансискиот сектор Македонија ќе реагира” така и така. Тоа е значајна разлика. Се надевам дека ја правите таа разлика.

Значи, финансиски сектор и банкарски сектор во Република Македонија, состојбата е стабилна и ние од првиот до последниот момент тврдевме дека е така и денеска тврдиме дека е така. Во реалниот сектор кризата се чувствува и од првиот до последниот момент велевме дека е така и денеска излегуваме со мерки за надминување и помош на македонското стопанство во однос на кризата.

Дозволете сега да ги кажам мерките што Владата на Република Македонија, со оглед на тоа што го прашавте ги презема за надминување на последиците од најголемата економска криза во светот во последните 80 години.

Се работи за пакет од 10 мерки, кои што во основа практично значат поддршка на фирмите во насока на подобрување на нивната ликвидност, подобрување на условите за работење да можат да го надминат овој кризен период и постапено понатаму да се преструктуираат и да можат понатаму да останат и да ги завршат вработените. Тоа е нашата цел со овие мерки.

Првата мерка е закон за мирување и отпишување на обврските на фирмите по основ на придонеси на задолжително здравствено осигурување.

Со овој закон се предлага сите заостанати придонеси за здравствено осигурување, заклучно со 31.12.2008 година да се стават во мирување односно четири години и поглавница и по камата обврските за овие придонеси ќе мируваат.

Во тој период фирмите се обврзуваат од нивна страна редовно да ги плаќаат достасаните обврски по придонеси за здравствено осигурување и доколку тоа го направат после 4 години, по истекот на тој период ќе бидат отпишани побарувањата кои што сега ги имаат по основ на главница и камата се со цел условите за работа за овие фирми да се олеснат и тие фирми да не чувствуваат притисок за плаќање на обврските кои што ги акумулирале од почетокот на приватизацијата кога вашата политичка партија ја заврши таа работа па до ден денс.

Второ, усвоивме закон за отпис на камати за достасаните обврски на фирмите по основ на даноци и по основ на други давачки, како што се данок на доход, данок на добивка, ДДВ, даноци на имот и придонеси за пензиско и инвалидско осигурување.

Имено сите фирми што во првите четири месеци од 2009 година ќе го платат заостанатиот долг по главница за овие обврски ќе може каматата да им биде отпишана во 100% износ.

Ако фирмите тоа го направат во периодот меѓу 1 мај и 31 август каматата се отпишува 75% и ако го направат во последниот квартал, последните четири месеци од 2009 година каматата се отпишува 50%.

Третиот закон кој што Владата го усвои беше Законот за даночна постапка.

Имено, со овој закон се овозможува фирмите кои што ќе побараат и ќе задоволат одредени услови да добијат репрограм за плаќање на нивните обврски. Тој репрограм може да се даде на период од 36 месеци односно три години. Со ова им се дава простор на фирмите да дишат, практично да можат да работат тековно за да ги сервисираат сопствените обврски тековно, да вложуваат во инвестиции и слично, а на одреден број на рати да го платат заостанатиот долг.

Во однос на Законот за платен промет, со оглед дека голем број на македонски фирми се соочуваат со проблемот на блокирани сметки Владата сметаше дека во оваа фаза добро е на фирмите да им дадеме уште една година да можат да се прилагодат, да помине кризата и во тој период да се решава прашањето на сметките односно да може да се реши нивната ликвидност на ситуација и кога ќе измине тој кризен период фирмите ќе се прилагодат на одредбите на законот.

Во однос на четирите државни фирми за кои што во изминатите 10-тина години се акумулирале огромни долгови кон државата, главно кон државните институции Владата со мерката предлага практично конверзија, претворање на нивните обврски во влок од страна на државата со што практично се овозможува да се зголеми нивната атрактивност при продажбата на државните акции, односно да влезе стратешки и странски инвеститор кој што ќе ги купи фирмите, ќе ги задржи вработените, ќе го рашири бизнисот и ќе ја купи фирмата ослободена од обврските кон државата.

На тој начин практично ние даваме придонес за да добиеме добри инвеститори во овие фирми и да опстанат работниците на работа, затоа што се тешки времињата, а овие фирми за жал во времето кога доминантно голем дел од тој период СДСМ беше на власт, акумулираа големи долгови и не успеаа да се извлечат од кризата.

Во однос на оданочувањето на добивката има еден крупен реформски проект кој што предвидува практично натамошно подобрување на условите нафирмите во Македонија за плаќање на данок на добивка.

Во оваа ситуација сега со новите измени предлагаме да се примени во Македонија естонскиот модел кој се покажа како еден од најуспешните во светот, при што добивката се задржува. Практично, данокот на добивката се задржува само во тој момент и само доколку фирмата практично ја распредели во дивиденда добивката.

Доколку фирмата се реши да ја задржи дивидендата или сака веднаш да инвестира или да акумулира во текот на неколку години и потоа да инвестира не е оданочена. Сметаме дека ова многу ќе придонесе во овој тежок период да се одржи нивото на инвестиции, како домашни така и странски.

Значи, сметаме дека многу се помага и на домашните фирми и се зголемува интересот на странските фирми.

Со измените на царинскиот тарифник, како седма мерка, се намалува општото ниво на царини и се намалуваат практично царините со цел суровините кои што ги увезуваат македонските компании да бидат поефтини.

За две години го одложивме плаќањето на данок на камата на штедните влогови со цел да се подржи порастот на штедните влогови во банките и тоа е една од мерките за понатамошно подобрување на состојбите во банкарскиот сектор.

Владата презема мерки за подобрување на условите за оданочување на земјоделците.

Имено, наместо неефикасниот катастарски приход во 2009 година . . .

(реакција на пратениците од место и опомена од претседавачот со ѕвончето)

. . . индивидуалните земјоделци кои што остваруваат приход до 5 илјади евра нема да бидат оданочени. Значи, ги ослободуваме сите земјоделци во Република Македонија кои што имаат приход до 5 илјади евра со мерката на оваа Влада во иднина нема да имаат обврска за плаќање на данок. Значи, нема плаќање на данок по катастарски приход, напротив целосно се ослободени.

Тие што имаат годишен приход меѓу 5 илјади евра и 20 илјади евра, или попрецизно меѓу 300 илјади денари и милион и 300 илјади денари се ослободени 80% од даночната основица, која што им се намалува односно плаќаат данок само на 20%.

Со други зборови за да биде поразбирливо, ако земјоделецот има годишен приход од 20 илјади евра ќе плати данок на добивка, персонален данок од само 10% на тој износ, на износ од 4000 евра, односно 400 евра е висината на данокот ако има годишен приход од 20 илјади евра.

Конечно, Владата презема и една симболична мерка во насока практично на испраќање сигнал до сите субјекти во Македонија за намалување на сопствените трошоци на сите државни институции, на сите агенции, на сите фондови, на сите јавни претпријатија и на акционерските друштва во државна сопственост, се откажуваат од трошењето на средства за новогодишните празници, за репрезентации, податорици и било што друго што претставува и заштеда на средства, а истовремено сигнал дека мора

домаќински сите да се однесуваме во услови на криза и секој да го стега ременот во својот дел.

Тоа се 10-те мерки од пакетот на Владата за поддршка на македонското стопанство. Овие 10 мерки практично треба да се гледаат како континуитет на досегашните мерки што Владата ги презеде за подобрување на долговите за македонските фирми.

Освен овие 10 мерки ние имаме практично уште три крупни реформски мерки со кои што му помагаме на стопанството и подготвени сме во секоја ситуација практично да интервенираме.

Првата мерка е, како што претходно најавивме, да се надоврзам на тоа, бидејќи вие цитиравте доста од нашите изјави, и тоа е добро што ги следите изјавите, тоа покажува еден степен на внимание што секако е добро да се сведи работата на Владата. Ние во секое време сме отворени за вашите идеи кога ќе оцениме дека некоја од тие идеи заслужува внимание. Значи, ние сме подготвени целосно, доколку има потреба, да го потенцирам зборот”доколку”за да не го испуштите следниот пат, доколку има потреба 100% да ги покриеме штедните влогови на граѓаните по банките, ако состојбите во светот и финансиската криза се продлабочат во Македонија.

Засега нема таква најава, нема такви индиции, нема таква потреба, но Владата има подготвено закон со кој што може веднаш тоа да го направи, како што го направивме со овие 10 мерки.

Втора работа е од 1.01.2009 година, една од најркупните реформски мерки која што е во програмата на Владата, намалувањето на социјалните придонеси, придонесите за пензиско и инвалидско осигурување, за здравствео осигурување и за осигурување во случај на невработеност за една третина во однос на досегашното ниво.

Ова е една од мерките која што ќе придонесе за значително растоварување на македонското стопанство, намалување на трошоците на фирмите и зголемување на нивната конкурентност.

Конечно, последната мерка која што е практично составен дел на буџетот на Република Македонија е буџетот на Република Македонија што за 2009 година предвидува внатрешна прераспределба и преструктуирање на трошоците кон попродуктивни расходи односно расходи кои што се насочени кон капитални инвестиции. Инвестиции во износ од околу 480 милиони евра вкупно за инфраструктурни проекти, главно за изградба на патишта, регионални и локални патишта, водоводи, канализации, изградба на железнички пруги, изградба на социјални станови, спортски објекти, училишта болници итн.

Од прилика значи вие побаравте ќе завршам со овој последен дел од моето обраќање да ви кажам три мерки кои што Владата ги преземала за стопанството, за невработеноста и за населението.

Јас мислам дека кажав 10 пати, по три мерки во текот на излагањето, значи преку 20-тина мерки вкупно кои што досега се преземени од кои што сите буквално заедно со воведувањето на близу рамен данок, заедно со регулаторната гилотина се мерки насочени кон стопанството и кон отворање на работни места.

Значи, ние сметаме дека во пазарни услови Владите не отвораат работни места туку создаваат услови приватниот сектор да инвестира и да отвора работни места. Тоа е нашето кредо и нашата економска идеологија и ќе останеме на таа идеологија. Сметаме дека таа идеологија е единствената успешна што може да даде резултати.

Впрочем заради фактите би споменал дека бројката што ја спомнавте за невработени во Република Македонија  не е точна. Бројката на невработени согласно Државниот завод за статистика изнесува 310.441 последна бројка и за споредба стапката на невработеност со последен податок од статистика е 33,8%. Во 2005 година таа стапка беше 37,3%. Значи, прилично голема разлика од тој период, иако, да го нотирам и тоа дека ние сме свесни дека стапката на невработеност во македонија е висока, ние сме с весни дека економската состојба во Македонија е тешка, ние сме свесни дека фирмите во Македонија се соочуваат со  сериозни предизвици како и граѓаните.

Оваа Влада не го негира тој факт и не може да го негира. Првенствено треба да се гледа дали она што го прави Владата придонесува кон постепено решавање на работите.

Ние сметаме дека 15 годишно акумулирање на проблеми не може да се реши во две години или три години. Важно е дека трендовите одат на подобро, важно е дека економскиот раст е двојно повисок од периодот кога СДСМ беше на власт. Важно е дека конечно започна постепено да се подобрува состојбата во однос на вработеноста и во однос на инвестициите.

Ние не сме луѓе што ќе кажеме дека се сме завршиле и дека се можеме да направиме. Ние сметаме дека правиме колку што имаме физичка и умствена сила да ги подобриме состојбите. Работиме напорно така и ќе продолжиме и во иднина, граѓаните ќе си оценат дали се задоволни или не од тоа, а ние ќе го дадеме нашиот максимум како Влада. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Процедурално за збор е пријавена Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам потпретседателке.

Сакам да реагирам за злоупотребата на говорницата од страна на вицепремиерот Зоран Стравreски и секако заради вашето нереагирање на неговиот одговор на поставеното прашање од наш пратеник.

Имено, ние ја знаеме ирационалната одредба во деловникот според која пратениците во 10 минути

треба да поставаат дури три прашања, а нема никакво ограничување за претставниците на Владата при одговорот на поставеното пратеничко прашање.

Со дадениот денешен одговор и ли поточно со одржувањето на еден политички говор од страна на вицепремиерот за постигнувањата на ВМРО ДПМНЕ во сите свери практично се прекрши, вие дозволивте да биде прекршен Деловникот со тоа што ниту го опоменавте, ниту не дај Боже се осудивте да му одземете збор кога вицепремиерот наместо да одговара на поставените прашања тој практично направи свој маркетинг за е вентуалните достигнувања што ги направила Владата во овој период.

Затоа ве молам, во иднина додека не ја смениме оваа одредба од Деловникот да водите сметка колку се злоупотребува говорницата, како се злоупотребува, осбено за пратеничките прашања и да преземате мерки што ги имате согалсно Деловникот и Уставот на Република Македонија. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Јас воопшто не го имам прекршено Деловникот.

Согласно Деловникот побарано е одговор, одговорот има право да си го даде оној кој што е повикан да го даде одговорот. Јас не можам да опоменам дека одговорот не е во насока на поставеното прашање.

Сметам дека оваа процедурална зазбелешка воопшто не е пракршување на Деловникот.

Повелете, процедурално бара збор господинот Андреј Жереновски.

**Андреј Жерновски:** Почитувана потпретседателке, ова е до вас, не до Владата.

(Во моментот нема никакво озвучување во салата)

Почитувана потпретседателке, јас знам дека сте импресионирани што партиското раководство, ваше е спремно да зборува колку што сака. Но, вие сте овде во функција на потпретседател и во овој момент на оној парламентарец кој што раководи со седницата, каде што се упатуваат пратенички прашања. Господинот Ставрески е таков каков што е и секогаш ќе зборува така. Тоа е негово право и негов стил. Вие сте таа која што треба да обрнете внимание дека не може да дискутира онолку колку што сакаат, затоа што може господинот Ставрески согласно мотото “24 часа седум дена во неделата да зборува до вечер” и да имаме едно пратеничко прашање.

Точно е тоа дека за жал не е регулирано ни во вашиот нов Деловник, но тоа не значи дека тој може да одговара до вечност. Затоа би ве замолил ако можете и ако сте согласни за тоа, согласно вашиот капацитет да ја водите седницата онолку колку што можете и како што треба. Инаку, ќе ни се случи премиерот да зборува до вечер и ќе останеме на тоа, затоа што стратегијата на Владата која што непотсетува на едно мото од рекламата “Џангл -тиви” па вели во нашата телевизија жирафите се црвени, пеперутките плави и животот нервзен. Тоа е тоа што Владата ни го прави во овој момент. Тоа е нешто што може на телевизија со парите на граѓаните, да го спречиме тоа. Ние сме тие кои што треба тоа да го направат, не сте виновни за тие кои што сакаат да го узурпираат тоа, но вие треба да кажете дека треба да зборуваат толклу колку што сакаат. Особено што не одговараат на прашањата што се поставени. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** И вашата процедурална забелешка е како забелешката на госпоѓа Цветанка Иванова. И вие потврдивте дека точно е дека во Деловникот онака како што стои стои механизмот на потпретседателот, во случајот на претседавачот не е таков дека јас можам да го ограничам одговорот. Се разбира, тука е и целата Влада присутна и го слуша она што вие го ставивте во насока на процедурално прашање.

Продолжуваме понатаму.

Дали пратеникот Игор Ивановски е задоволен од одговорот.

Повелете господине Игор Ивановски.

**Игор Ивановски:** Не сум задоволен од одговорот. Добро е што господинот Ставрески барем вие нема да бидете и да предавате и да предавате на факултет. Јас би ве замолил сериозно да си го отворите срцето и душата и да почнете да ја зборувате вистината.

Во вашиот одговор кој што не е одговор на моето прашање, но ќе ја раскажете уште еднаш прес конференцијата затоа што и на новинарите веќе им е досано, трипати веќе ја слушаат, таму кажавте најмалку 4 работи што СДСМ ги имаше во програмата за потребните парламентарни избори и ви честитам што препишавте од нашата програма, само затоа што јас мислам дека ја нема. 0% инвестирана добивка бараме две години. Укинување на данок на каматите на штедните влогови бараме две години. Ако, добро е што ги прифативте.

Третата работа ја побара нашиот заменик координатор пред една недела од вашиот минстер за финансии да се одложи примената на законот за платен промет. Министерот за финансии рече дека тоа е нелегално, што значи или вие сте го смениле законот или ние, како цела Влада врз база на таа логика на Трајко Славески вршите нелегална дејност. Но, во секој случај подобро отколку ништо да не правите.

Добро е што по два месеци лутање има криза, нема криза. Ќе се одрази, нема да се одрази, за да не се буните за економистите во Штип кога сте ја дале оваа изјава. Јас се обидов да ги земам од сите обиди, бидејќи за вас е необјективно. Ќе ви ја оставам ако треба, во изјавата немаше “ако”, за премиерот, а вашата изјава дадена во Штип вели дека нема да остави значајни последици, психички.

Ќе ги чуваме внимателно за да бидеме објективни.

Господине Ставрески, Република Македонија во овој момент има две милијарди долари трговски

дефицит. Република Македонија во изминатите 10 години е водена од ВМРО ДПМНЕ и по 6 години, знажи во последните 10 години се што се случува во Македонија од економија, политика, безбедност, надворешна политика е дело на ВМРО ДПМНЕ, во кој што сите 6 години или како еден министер, или како втор министер или пак како премиер на крајот на краиштата господинот Никола Груевски 60% во десетгодишниот мандат во овој момент имате и вие. И за ЕМО, бидејќи сте од тој крај ќе видите што сте направиле, ние и вашите луѓе.

Дополнително ова многу ме воодушевува за репрезенатацијата на јавните претпријатија и се обидов да го видам буџетот кој што е 2 милијарди и 700 евра не сте го намалиле, не чув таква мерка и во него барам и гледам дека 110 милиони евра се предвидува за купување на мебел. Веројатно ова мебел не е репрезентација и со него значително ќе ги репродуцирате добрите расходи на Република Македонија. 110 милиони евра одат за непродуктивни расходи. Тоа, господине Ставрески е доволен показател дека сето ова што сега сте го напишале во овие десет мерки, 50% се на СДСМ, 50% се пополустички, ама главните 2 милијарди и 700 евра, од кои што 110 милиони за мебел, 400 милиони евра за вработување и договори за дела, се апсолутно уште еден дополнителен стилмул на кризата која што вие ја правите. Немам дополнително прашае, бидејќи на некои прашања не може да се добие одговор дури и со полициска природа. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** БЛагодарам.

За одговор на вашето второ пратеничко прашање, ќе добиете одговор од премиерот на Владата на Република Македонија господинот Никола Груевски. Повелете.

**Никола Груевски**: Почитуван потпретседател на Собранието,

Почитувани пратеници, почитуван господин Ивановски, би благодарам за поставените праШања.

Штета што немавте дополнителни прашања за господинот Ставрески да можеШе уште еднаш дави повториме дека оваа Влада е прва Влада која што уште на почетокот на својот мандат донесе одлука за одложување на набавка намебел и автомобили и тоа траеше речиси две години во претходниот состав, а имаме одлука тоа да трае и во првата година од овој состав, значи до јуни, освен за некои нови институции доколку е тоа нужно. Така што, навистина ми е жал што кога го читате буџетот, ги читате групните ставки, а извлекувате само еден збор, само зборот “ негово”. Таа ставка има и други делови како што знаете, има компјутери, има и други работи, така што уШте еднаш ќе ве потсетам дека од 2006 година до денеска, а така планираме и до јуни да продолжиме, Владата има донесено одлука да се воздржи од набавка на автомобили и мебел, освен во наредните 6 месеци доколку некоја нова институција се отвори и таму има нужност тоа да се набави во сите постоечки институтции тоа е одложено. И , тоа прва Влада што го направила тоа во историјатот на Република Македонија како демократкса држава.

Исто така ќе добиете одговор и на трговскиот дефицит во што се состои дека во најголем дел што беше резултат на високата цена нафатата и во набавка на опрема, а вие добро би требало да знаете дека кога се набавува опрема тоа и не е така лош дефицит, затоа што подоцна тој продуцира ново производство и извоз од државата, што значи на краток рок можеби да се зголемува трговскиот дефицит, но на долг рок тој може да има обратно влијание односно влијание на зголемување на извозот што значи намалување на дефицитот и влијание на субституција на увозот што исто така влијае позитивно на трговскиот дефицит. Ова не значи дека некои ставки можеби не можат да се редуцираат во трговскиот дефицит со понатамошно работење, меѓутоа ќе се согласите кога имаме ситуација кога во светот цената на нафата е на такво енормно ниво какво што беше оваа година, норално е трговскиот дефицит да нарасте бидејќи нафтата е главен увозен продукт во Република Македонија и број еден ставка која што се увезува во Република Македонија. Но, да не должам многу, еве можеби некогаша ќе имате можност да поставите и дополнително прашање на господинот Ставрески за да може докрај да одговори на сите ваши работи што ги поставувате и што ги кажувате. Мене најмногу во вашето излагање во тој дел ме зачуди делот кога не направивте јасна дистинкција помеѓу финансиска криза и криза на реалниот сектор. Јас можам да разберам некој обичен граѓанин кој што не се занимава со економија да не прави сериозна дистинкција помеѓу финансиски сектор каде што се пред се банките и другите финансиските институции и реалниот сектор каде што се фабриките, произвосдството, индустријата, рударството итн., меѓутоа, за кај вас не очекував таков пропуст, не знам дали е пропуст или можеби предолго сте надвор од економијата, предолго сте во Паралментот па сте пропуштиле да напртавите една таква дистинкција. Како и да е јас уште еднаш ќе ви потврдам дека сите наши изјави, вклучително и таа на која што се повикувате за мене што ја имам дадено за гостувањето во Македонската радио телевизија каде што јасно кажав дека стоеше зборот “ ако” кој што го потенцира заменик претседателот. Таа емисија сте можел да ја видите, затоа што беше емитувана во живо, а вие ако сте гледале делови на друга телевизија, тоа мене ми е многиу жал ако не сте виделе до крај. Значи, во секој момент кога кажувавме дека не очекуваме надоаѓање на кризата од надвор, станувашe збор и беше потенцирано дека станува збор за финансиската, додека напртив за реалниот сектор напомернувавме дека веројатно ќе ја опфати Република Македонија, бидејќи ние сме држава која што произведува и извезува за пазарите во Европската унија, во Америка и други земји чиј

што реален сектор велзе во рецесија, се намали производството, се намали потрошвачкатам а штом се намали производството и потрошувачката во тие др ави, се разбира нарачките на нивните комопании кон нашите кои што им продаваат одредени стоки и услуги мора да се намалат. Штом ќе се намалат тое нарачки, автоматски кај нас се намалува производството и и тоа е она за што станува збор, за реаниот сектор или можеби втора работа кога ќе стане збор за некои одложувања на некоја иневестиција, заради светската економска криза и заради не можењето да земат кредити во нивните држави, заради финансиската криза што ја имаат опфатено во нивните држави.

Но, да се префрлам на ова што вие прашавте, на странските директни инвестиции.

Прво, господине Ивановски направивте една математичка грешка. На почеток кажавте дека сме имале 161 долар или евро по глава на жител. Јас морам да во кажам дека ако проверите во централаната, во Народна банка ќе забележите дека странските директни инвестиции во Република Македонија во 2007 година, според најновиот податок објавенпред некоја недела, јавно објавен и дискутиран во јавноста, соопштен в о јавноста изнесуваа 507 милиони евра. Доколу сето тоа го поделите со 2 милиони жители ќе видите дека сумата од 161 не е точна, туку е 253 или околу 253 евра. Така што, ме зачуди што барем не сте го отвориле калкулаторот да проверите една прилично проста математика во тој дел.

Меѓутоа, има и еден друг показател на кој што секој економист, кој малку од малку се занимава со таа работа би требало да го спореди пред да даде оценка за висината на странските директни инвестиции. Имено, странските директни инвестиции најчесто се мерат наспроти бруто домашниот производ. Ако погледнете наспроти бруто домашниот производ, значи мерен од странски директни инвестиции во една држава, сега станува збор за 2007, наспроти бруто домашниот производ ќе видите дека Македонија го има коефициентот 8,8 кој што е поголем, да launchречеем од Чешка каде што е 5,2, Латвија каде што е 8,0, Литванија каде што 5,0, Унгариај каде што 4,0, Полска каде што е 4,4 итн., додека има и земји кои што имаат подобар коефициент. Да речем Естонија 12,8, Хрватска 9,6, Бугарија 22,6 и други. Значи ќе може да се констатира дека ние се наоѓаме некаде во средината на табелата извлечени од дното во кое што со година наназад бевме на дното на табелата. Зошто се случи ова?

Пред да поминам на тој дел би напомнал уште еден податок. Во 2007 година странските директни инвестиции во Македонија како што кажав се 507 милиони и никогаш, никогаш дотогаш во Република Македонија не сме имале странски директни инвестиции во висина од 507 милиони. За илустрација ќе ви кажам дека исто така според истата методологија по кои што се проценети овие 507 милиони евра бидејќи Народна банка направи промени во методологијата и ги прилагоди за сите години наназад, во 2006 имаме 345 заедно со продажбата од 22о милиони евра на монополот Електро стопанство ЕВН. Во 2005 имаме 75 милиони евра наспроти 509 во 2007 година. Понатаму, во 2004 имаме 260 и во 2003 година имаме 100 милиони евра. Тоа е еден сериозен показател кој секој малку од малку ги следи работите, може да направи една дистинкција и да види дека по секој параметар ако се земе во минатата година во 2007 година имаме највисоко ниво.

Уште еден податок за вас. Просекот во 2003-2006 на странските директни инвестивции акао коефициент на бруто домашниот производ е 4,2, додека како што кажав 2007, а може и дасе рече и 2008 затоа што барем до септември доста добро одеше работата е 8,7. Ова зголемување на странски директни инвестиции дојде значајно со зголемување беЗ приватизација на било кој монопол. На пример, Македонија имаше две големи продажби на монополи, еден во 2001 на Телакомот и еден во 2006 на Елктростопанство дистрибуција без продажба на монопол прв пат се забележа не само висок туку и највисок износ на странски директни инвестиции досега, кој што како што кажав изнесува 507 милиони евра или по глава на жител 253 евра по жител. Странски директни инвестиции нараснаа откако претходно Владата ги намали даноците, данокот на добивка на 10%, персоналниот данок на 10% а реинвестираната добивка се ослободи од оданочување. Како што сте запозанти сега со најновата мерка што ја превзема Владата, за која што денес соопштивме не само што се ослободува реинвестираната добивка, туку и ќе се ослободува нераспределената добивка. Значи, дури оние компании кои што ќе сакаат да не ја респределат добивката да ја остават во компанијата и можеби да ја остават за едно идно реинвестирање, тие ќе бидат ослободени од данок на добивка и тоа е оној естонски модел за кој што станува збор.

Исто така, се воведе проектот регулаторна гилотиња кој што значително влијаеше на инвеститорите да се одлучат да инвестираат во Македонија, се назначија и министри кои специјлно беа задолжени за странски директни инвестиции, Агенцијата за привлекување на странски директни инвестиции доби нова смисла со голем број претставници во странство, со голем број на активнсти. Почнаа организирани ролд шоа на Владата во поголем број на држави и презентации на предностите што ги нуди Република Македонија. Понатаму, започна и промотивната кампања Инвестирајте во Македонија со прикажување на сите предности што ги има земјата, а ќе ве информирам и ќе ве потсетам дека Светската банка која што внималетлно секоја година го следи подобрувањето на бизнис климата во секоја држава , што е еден до клучните параметри за привлекување на инвестиции две години по ред забележува многу сериозен напредок во однос на

бизнис климата. Па, така, од 96 место на кое што беше Република Македонија во 2006 година, сега сме подобрени за цели 26 позиции и се направи поместување за две години, само за две години во Република Македонија работење на подобрување на бизнис климата, создавање ситуација кога фирми можеа да се отвораат за 4 часа, наспроти неколку месеци претходно. Додека меѓународната организација Транспаренси интернешенел, која што ја мери корупцијата, исто така многу значаен сегмент кога станува збор за странските директни инвестиции, ја помести Македонија за речиси 33 места во табелата во позитивен правец, што исто така си влијае врз работите кои што следат, каква е бизнис климата, какви се даноците, какви се придонесите кои што исто така од нова година го намалуваме што ќе се случува со нивната добивка, дали тие ќе мора да плаќаат данок ако ја распределат или ако ја реинвестираат. Што се случува во државата на секој план така што морам да кажам дека констатацијата одењето во Америка било со враќање без резултати итн., е една паушална оценка затоа што господине Ивановски вие веројатно знаете дека презентациите се прават за да се заинтригираат компаниите да дојдат во Република Македонија, да ја резледаат можноста за бизнис и добро знаете дека најголемито дел од нив одлуката за правење бизнис ја прават за година, година и пол или две. За среќа дела од нашите приватни компании таму можеа да воспостават бизнис партнерство, затоа што ги поканивме да дојдат со нас, зато што го однесовме во сите компании каде што можевме да ги однесеме, затоо што присусттвуваа на бизнис форумите, затоа што се запознаа со многу други странски инвеститори од Америка и веќе некои од нив отворија односно донесоа одлука за отворање на претставништва во Силиконската долина во Сан Франциско. Така што, сите овие работи кои што звучат прилично популистички не држат место, јас се согласувам дека постои простор уште повеќе да се работи на привлекување на странски директни инвестиции. Се согласувам дека не е доволно и дека треба уште многу. Меѓутоа се работи за еден сериозен напредок, се работи за еден напредок кој што не може да се споредува со минатите години, односно имаме еден нов квалитет кој што е далеку поголем од претходните години што е уште еден мотив во следните години тие достигнувања да се зголемат и состојбите да се подобруваат, затоа што на Македонија и е потребен уште многу напредок и е потребен уште многу капитал како домашен инвестиран, така и странски капитал и се потребни други како домашен инвестиран, така и странски капитал и се потребни други мерки кои што во иднина Владата ќе ги превзеема се со цел подобрување на бизнис климата, подобрувањето на приливот на инвестиции и отворање на нови работни места.

Ви благодарам на вниманието.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За процедурално е пријавена госпоѓа Иванова Цветанка, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам потпретседателке.

Нема да го злоупотребувам времето со процедурални барања, сакам уште еднаш да апелирам, да не дозволите узурпација на оваа говорница, оние на кои им е поставено прашањето да се држат строго до одговор н а прашањето. Јас иако имам скромни познавања од економијата, не чув одговор на поставеното прашање. Во ситуација, уште еднаш повторувам кога немаме ограничувања на одговорите на претавниците на Владата, барем дајте да спазуваат едно време од 10 минуит на одговор, затоа што вака бесмислена е оваа седница со пратенички прашања. Ќе се случи само две пратенички прашања да постават пратениците, а за целото време претставниците на Владата да држат политички говори и ништо да не одговорат и на тие две поставени прашања. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Дали пратеникот е задоволен од поставеното прашање.

Има збор господин Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски**: Не, не сум задоволен. Но задоволен сум од една работа, гледам дека после подолго време има и нервоза, што е добро за опозициајата, лошо за државата. Самиот факт што вас ви требаа 20 минути да ми објасните едан работа за која што немате одговор, покажува дека немате аргументи. Тоа е добро за опозицијата, лошо е за државата. И, гледам дека се мачите споменувајќи реплика, реторики, финансиска реалност, се извнувам господине Груевски вие сте економист и каде тоа има неповрзаност помеѓе финансискиот сектор и реалниот сектор. Реалниот сектор од каде гги зема парите. Ги штампаат дома, во фабриката или ги зема до банките. Како тоа очекувате дека ако има проблем во реалниот сектор, нема кај банките и обратно, нема кај банките или ќе има кај реалниот сектор. Аман те, ве молам! Цела Европа, цел свет се организираи има директни интервенции ви реален сектор. Има диреткни интервенции за спас на банкките, само во Македонија се даваат ноншалантни изјави. Поминаа два месеци, се случи белјата да реагиравте на почетокот и да ни ги праифативте, како што денес што сте ни прифатиле пет барања наши, можеби ќе имаше друго чаре. Друг есап ќе имаше државата, а дополнително, бидејќи вие излеговте надвор од тоа би ви дал некои комплетни факти. Во ова Собрание знаете дека се промени мебелот во голем дел. Точно е дека во Министерство за внатрешни работи се набавуваат повеќе од 300 нови возила и Министерство за внатрешни работи не нова институција. Јас не знам 110 милиони евра за која нова институција мебел вие предвидувате. Таму пишува во буџетот 110 милиони евра мебел, опрема, возила, итн. Нова институција колку што јас знам не предвидувате, бидејќи и со Законот за

органи на државната управа не предвидувате нова ситтуација. Дополнително, господине Груевски дефицитот не можам да разберам како ќе продуцира ново приозводство. 2 милијадри долари рекорден дефицит, а имаме пад на индустриско производство за еден месец 10%, потоа 17% во однос на другиот, го нема производството. Таа теза апсолутно не ви држи. податокот што јас ви го кажав за 161 евро перкапита странски директни инвестиции за 2007 е објавен во неделниот весник Капитал, економски магазин можете слободно да го прочитате, а методологијата можете да ја менувате како пластелин, ама вистината излезе. Излезете надвор од ова Собрание инвестиции нема. Не ми наброивте ниту една инвестиција оваа година која што сте ја направиле. Не ми одговоривте дали во САД се видовте со менаџментот на Џонсон контрол, па да не инфомирате до каде е изградбата на Џонсон контрол и Џонсон метио бунарџик, дали тука нешто се случува или за тоа нема. Бидејќи не ми даде одговор премиерот Груевски, одговорот ќе го дадам јас. Од САД делегацијата со најмала бројка од 60 луѓе се врати со нула долари странски инвестиции и вакви одговори на премиерот не заслужуваат дополнителни прашања. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** На третото поставено прашање упатено до премиерот на Владата на Република Македонија, одговор ќе даде господинот Никола Груевски, повелете.

**Никола Груевски:** Благодарам за прашањето.

Господине Ивановски, штета што повторно избегнувате дополнителни прашања одземајќи ми ја можноста да ги демантирам сите ваши обвинувања, но еве тоа го нуди Деловникот, така што не можам да ја направам листата на сите инвестиции што оваа година се случуваат во Република Македонија од ...во Инвест банка 37 милиони евра, ВИП операторот 27 милиони евра, Тимер Хаур банката од Холандија, во ИК банка 23 милиони, Г-Македонија во Алумина 22 милиони евра, Митал стил 20 милиони, ХИПО...Реалитинг 14,3 милиони, понатаму НЛБ Тутунска банка 12 милиони, ТУШ Македонија 11 милиони евра, Централна кооперативна банка во Силекс банка, 10,7 милиони евра, Космофон за 10 милиони, Порше 10 милиони, Гасна централа 8,8 милиони, Џонсон Контролс 8,7 милиони евра, Евроинкс осигурување во Макошпед осигурување 7,4 милиони евра, итн.една долга листа на инвестиции што оваа година се случуваат и кои вие очигледно не сакавте да ги слушате и не ми дозволивте да можам убаво сите да ви ги кажам и да ве запознаам со тоа што се случува во Република Македонија, како и со многу други ваши оценки кои беа чисто паушални, но за жал, за да не го прекршам Деловникот, сега ќе морам да апстинирам од ваков одговор. Како и да е, дозволете ми да ви одговорам на вашето второ прашање што го поставивте во врска со образованието.

Имено, сакам да ве информирам дека за прв пат Република Македонија се случува во период од три години Владата, без да и биде тоа побарано претходно со штрајкови, демонстрации итн, самата да се обврзе секоја година да ги зголемува платите во државната администрација за 10%, вклучувајќи ги образованието, културата и науката и тоа го направи во првите две години, првата година 10%, втората односно оваа година во септември месец уште 10% и резервираше пати за први септември 2009 година повторно да ги зголеми за 10% на државната администрација. Велам тоа го направивме со ветување пред изборите во 2006 година, ветување кое го ставивме во програмата, го реализиравме до сега, така како што временски беше најавено и ќе продолжиме да го реализираме и понатаму.

Покрај ова редовно зголемување имаше и други видови зголемувања внатре кои се однесуваа на научните институции кои добија дополнителни зголемувања затоа што беа премногу заостанати, како и делот во културата каде што покрај редовните зголемувања имаше дополнителни во два наврати зголемувања по 20% на носителите на дејноста во културата. Така што кај носителите на дејноста во културата, платите се веќе нараснати за овие две години и неколку месеци за над 60% и со дополнителното зголемување од септември следната година ќе бидат со над 70 или можеби 73% зголемување, за две ипол до три години. Така што тоа е еден податок кој никогаш не и се случил на една претходна Влада. И ако јас обично сакам да се натпреварувам со резултатите кои ние ги постигнуваме, да ги надминуваме, па со нив да се споредуваме, а не со вашите резултати од минатото, меѓутоа кога веќе поставувате вакви прашања морам да ве потсетам на тоа дека за прв пат се случи едно сериозно фокусирање на образованието, од страна на една Влада кое меѓудругото беше зафатено во делот на платите и кое беше зафатено и со формирање на веќе постоечка работна група која работи на вработување на неопределено работно време на сите оние професори, наставници, учители кои се вработени во последните пет, шест години на определено работно време. Значи, таа работна група веќе постои, таа работна група веќе работи, така што ова барање за кое се дискутира во јавноста е нешто што веќе е отпочнато да се работи и ќе се заврши.

Исто така, покрај овие зголемувања, во образованието во изминатите две години имаше и сериозно крупни инвестиции кои Буџетот на образование го зголемија, ќе зборувам повторно како процент од бруто домашниот производ, затоа што економистите така го мерат тоа, од 3,3 на 5,2%. Тоа е речиси во просекот и малку над просекот на инвестирање од бруто домашниот производ во земјите на Европската унија, нешто што никогаш претходно не се случило во Република Македонија, дали се тие инвестиции во компјутери, дали се сега во нарачката за набавката на нови клупи, дали се во некои

реновирања, дали се во нешто друго, во секој случај се работи за крупни инвестиции кои се случуваат во македонското образование.

Сепак би сакал да напоменам дека постои едно право кое е над сите права и во ОН и во Европската унија и каде сакате земете, а тоа е правото на детето, а во тоа право е фундаментално право правото на образование кое што не смее да биде прекинувано и треба да биде континуирано.

Ние не веруваме и не се согласуваме со тоа дека платите на образованието се многу високи или се доволни. Ние сеуште сме свесни дека Македонија сеуште има ниски плати. И покрај тоа што години наназад тие заостануваат и тие почнаа да раснат по 10% секоја година, а по некои основи и повеќе од 10%, сеуште тоа ниво не е доволно колку што би требало да биде и она што го заслужуваат наставниците, учителите и професорите. Меѓутоа кога гледате дека имаме веќе некое заземено темпо на зголемување на платите, навистина барем вие кои во вашиот мандат имавте сериозно различна политика од оваа политика што ја водиме сега немате морално право да зборувате дали покрај овие зголемувања требало и нешто што го немавме ветено, наспроти вие тоа што го кажавте во нашата програма, вие ќе најдете во нашата програма ние немаме ветено за овој дел за кои што сега станува збор 900 денари дека ќе ги качиме сега во овој период од 2.200 на 2.500, меѓутоа и тој дел ние по разговорите со синдикатот се обврзавме и тој дел, иако го немаме завршено да го исполниме со почеток од 01.01.2010 година. Значи не само што сме ветиле покачување на платите секоја година по 10% годината што помина, оваа година веќе е покачено и следната година резервирани се средствата за тоа туку дополнително во овие разговори дадовме информација дека и тие 900 денари кои што ги бараат на хранарина и превоз ќе бидат покачени од 01.01.2010 заради многу причини меѓу кои што е и светската економска криза која што полека си го дава своето влијание и на реалниот секрот на Република Македонија и други причини кои се исклучително важни. Значи ние и понатаму остануваме посветени на образованието. Нам и понатаму во нашата стратегија во нашата програма, образованието ни е една од најважните работи, затоа што развојот на државата го гледаме долгорочно, развојот и излезот од тешката ситуација ќе се решава и краткорочно и долгорочно. На долг рок образованието е најсигурниот начин да се подобрат состојбите. Токму затоа оваа Влада инвестира, инвестираше и ќе инвестира во образованието. Можеби повремено ќе се најдеме во судир со некои синдикати, можеби повремено некој ќе биде помалку задоволен или ќе се споредува со некој друг кој можеби малку повеќе земал. Тоа се нормални работи, нормални процеси. Не веруваме дека е доволно тоа што сме го дале до сега, но сме посветени и понатаму да иницираме и понатаму да водиме грижа и за стандардот на наставниците и учителите и професорите, меѓутоа и за квалитетот на наставата, за опремата што треба да се набави и за вработување на оние кои работат на определено време. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Дали пратеникот е задоволен од одговорот?

Повелете има збор господинот Игор Ивановски.

**Игор Ивановски:** Пак од инвестициите.

Господине Груевски можеби требаше да ви дозволат уште неколку минути да ги прочитате сите, па да имаа шанса да ви поставам едно потпрашање. Имено, колку вработени има во сите овие инвестиции што ги кажавте? Нула, бидејќи тие се само трансфери на пари по основ на кредити, по основ на откуп на акции, по основ на други разни финансиски мотиви. Вработени нула. Затоа 389 илјади има невработени во оваа држава.

Инаку, математиката по ЏДП, по едни, по други, по трети, на народот ништо не му значи.

Дополнително, вие во вашата програма, апропо ветено, сторено, ветувате раст од 6 до 8%, па не го направивте растот од 6 до 8%. Велите сега 5,5%. ММФ вели 4,5%. Тоа 1% за вас е како ништо. 4,5%, 5,5%, нема никаква разлика, апропо ветувањето дека сте ветиле од 6 до 8% економски раст па не го направивте. Ветивте нема да купувате мебел, па купувате мебел. Ветивте нема купување на автомобили, па купувате. Што значи апропо ветувањето и остварувањето има голема разлика во вашата Влада, за кое треба да констатираме.

Конечно, по Заводот за статистика, не по Агенцијата за вработување, и таа е водена од ВМРО-ДПМНЕ, ама тие бројки не ги сакате. Ајде по ВМРО Народна ДПМНЕ, Заводот за статистика, Благица Новковска.

Просекот за плата од април до јуни оваа година е 15.697,00 денари. Потрошувачка кошничка за истиот период е 12.383,00 денари, или покривање 21%, со платата и потрошувачката кошничка. Во 2006 година, пред да дојдете вие, платата била 13.400,00 денари, потрошувачка кошничка 10.400,00 денари, покривање 22%. 1%, ама повеќе од ова време.

Господине Груевски се работи за реален живот. Оваа математика преведена надвор на улица има многу голема симболика. Кога вие ги кажувате овие бројки во образованието, се прашувам дали веќе четири дена има штрајк во оваа држава или нема, дали тие луѓе што штрајкуваат ве слушнале за овие бројки или не. Или тие се луди што штрајкуваат четири дена и имаат закани и тортура да не штрајкуваат и ќе ги казнувате. Денес како и вчера го пуштате просветниот инспекторат да ги запишуваат имињата на оние, замислете, што не спроведувале настава, за да ги избркате од работа.

Во оваа држава за прв пат откако е Македонија, договорите за учителите и наставниците се до 1 декември. Зошто? Затоа што доаѓаат локални избори и сега пред 1 декември ќе сакате половина

да избркате за да вработите од ВМРО-ДПМНЕ и да им ветите вработувања пред изборите. За тоа образование зборувате?

Одговорот, бидејќи пак не го добив од премиерот Груевски, ќе го кажам јас.

Почитувани учители, наставници, вработени во градинките, образованието, училиштата, пари за покачување на хранарината, превозот, зголемување на вашите ...

**Светлана Јакимовска:** Благодарам господине Ивановски помина вашето време.

Дали пратеникот ќе постави дополнително прашање?

**Игор Ивановски:** Не.

Има збор господинот Илија Китановски.

**Илија Китановски:** Почитувана госпоѓо потпретседателке, почитуван премиер, почитувани министри, почитувани колеги,

Првото прашање што сакам да го поставам е упатено до Министерството за внатрешни работи, конкретно до министерот за внатрешни работи, околу една од најдобро изведените акции во борбата против организираниот криминал во последните години, по општа оценка, акцијата "Пепел".

Ме интересира, а и целата јавноста веројатно, дали се направени проверки во работењето и на другите тутунски комбинати и евентуално на други правни лица кои се било каква поврзаност со веќе инволвираните фирми, претпријатија и лица. Потоа, дали има некаков основ за кривичен прогон или дисциплинска одговорност на сменетето раководство на СВР Куманово, или други службени лица од судот или евентуално од Јавното обвинителство. Дали новото раководство на СВР Куманово почна со расчистување на состојбите и какви се почетните резултати? Тоа е едно прашање кое се однесува на еден случај, со повеќе потпрашања.

Второто прашање сакам да го поставам до Владата до Министерството за економија и до вицепремиерот Ставрески и до министерот Фатмир Бесими, а се однесува на енергетската состојба во Република Македонија и на она што значи обезбедување на електрична енергија за потребите на Република Македонија, што според енергетскиот биланс однесуваат некаде околку 9.000 гигават часа, а согласно енергетскиот биланс и согласно податоците што се јавно достапни, домашното производство на електрична енергија во последните неколку години се движи меѓу 5 и 6.000 гигават часа, од кои најголемиот дел се добива од термоелектраните, посебно од РЕК Битола која учествува 70% од вкупното производство, ТЕЦ Осломеј со 15 до 20% и околу 15% од хидроелектраните кои се инсталирани од Република Македонија како што се Глабочица, Шпиље, Тиквеш, Вруток, Равен, Козјак, Врбен и сите останати помали хидроцентрали.

Иако оваа 2008 година, според сите податоци, планот за производство во ТЕ ќе биде исполнет, веројатно и натфрлен, посебно сакам да потенцирам дека иако е помала по големина ТЕЦ Осломеј, планот за производство веќе е остварен и наредните денови целокупното производство што го дава ТЕЦ Осломеј е над планираното производство и е за 20% повисоко од минатогодишното производство односно за 35% повисоко од производството во 2006 година. Сето тоа не е доволно затоа што потрошувачката на електрична енергија во Република Македонија, нормално со активирање на стопанските капацитети, со отворање на нови стопански капацитети се зголемува и увозот на електрична енергија по последните неколку години се движи меѓу 25 и 30%. Значи, за подобрување на сигурноста на снабдувањето и на квалитетот на снабдувањето со електрична енергија, потребно е да се изградат нови производствени капацитети.

Освен термоенергетските, многу важни, долгорочно важни за Република Македонија се хидроенергетските потенцијали. Во тој контекст Владата на Република Македонија преку Министерството за економија во медиумите најави распишување на меѓународен јавен тендер за изградба на 12 хидроелектрани на реката Вардар и истиот беше објавен на 27 октомври 2008 година.

Конкретното прашање е до министерот за економија, што за Република Македонија значи реализацијата на овој проект од енергетски аспект, колкав ќе биде вкупниот инсталиран капацитет на овие 12 хидроцентрали и колкаво ќе биде нивното годишно производство. Од апсект на странски инвестиции, колкава е проценетета инвестициски проект и дали и колку истиот ќе овозможи отворање на нови работни места и дали, освен производството на електрична енергија, изградбата на овие хидроцентрали ќе овозможи и водоснабдување и наводнување на регионите по течението на реката Варадар.

Третото прашање е упатено до минестерот за одбрана, а се однесува на опремувањето и модернизацијата на воениот полигон Криволак.

Во изминатите неколку месеци се зборува интезивно за опремување, модернизација на нашиот најголем воен полигон Криволак со цел тој да стане единствен воен полигон од таков вид во регионот и пошироко.

Спорд она што успеавме да го дознаеме од медиумите и од изјавите од одговорните луѓе во Министерството и од министерот, и од ГШ, истиот би се користел не само за обука на македонските војници, туку би им бил понуден за обука и на војските на земјите членки на НАТО. Тоа министерот за одбрана го најави на неодамнешната пресконференција кога гоподине министер, најавивте и филмуван материјал за неговиот изглед.

Моето прашање до вас е до каде е проектот за Криволак и кога се очекува тој да биде ставен во функција.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

На првото поставено прашање одговор ќе даде министерот за внатрешни работи, госоѓица Гордана Јанкуловска, повелете.

**Гордана Јакуловска:** Благодарам потпретседателке.

Пред да започнам со одговорот на прашањето во интерес на објективно информирање на јавноста, навистина мислам дека е некоректно да се пласираат невистини, од типот дека се вршени набавки на автомобили, бидејќи автомобилите кои Министерството за внатрешни работи неодамна ги обезбеди се по пат на лизинг.

Сега ќе се префрлам на конкретното прашање на пратеникот Китановски кое се однесува на едно од најуспешните акции на Министерството за внатрешни работи во досегашната историја на работење на оваа институција.

Имено, уште на самиот почеток пред повеќе од две години оваа Влада ја препозна борбата против криминалот како свој врвен приоритет.

Борбата против криминалот со цигари, требаше и сеуште е на приоритетно место во нашето работење и затоа ние уште од самиот почеток на нашето работење презедовме низа енергични мерки за сузбивање на оваа појава.

Би сакала да потенцирам дека од септември 2006 година па до сега беа постигнати исклучителни резултати во смисла на борбата против овој тип на криминал и во смисла на запленети количини цигари што се криумчареле во минатото и настојувавме овој тренд да биде прекинат во нашата земја.

Притоа во овој период кривични пријави беа поднесени против вкупно 175 лица од кои 15 се странски државјани.

Како резултат на активностите во оваа сфера беа запленети вкупно 107.542 штеки на разновидни цигари односно вредноста на запленетите цигари е над милион евра, како и дополнителни количества од над половина тон тутун и други полупроизводи од тутун.

Интересно е да се напомене дека во неколку случаи што се откриени на подрачјето на Скопје во пакувања од одредени странски цигари беа пронајдени и цигари со марка од послаб квалитет односно од производство од соседните држави.

Сепак круната на успехот во борбата против тутунската мафија е една од последните акции на полицијата, а тоа е операцијата “Пепел”.

Министерството за внатрешни работи спроведе координирана оперативна акција со цел да ги расчисти кривичните дела што се однесуваат на нелегално производство и пуштање во промет на цигари односно на акцизна стока, потоа кривични дела поврзани со насилство, корупција, кривични дела извршени од страна на една исклучително добро организирана структура која, според начинот на дејствување, потсетува на мафијашките структури со добро позиционирана хиерархиска поставеност која подолг период делувала на територијата на цела Република Македонија, но според нашите сознанија и на територија на соседните држави.

Криминалистичката истрага се спроведуваше во изминатите 6 месеци од страна на Одделот за организиран криминал при Министерството за внатрешни работи на Република Македонија и при тоа беа обезбедени докази за криминалните активности на оваа група.

По преземени опсежни мерки и активности извршени се претреси во 36 објекти на подрачјето на Куманово, Тетово, Струмица, Велес, Скопје и при тоа беа пронајдени повеќе од 25 тони цигари од различни марки.

Понатаму, беше пронајдена поголема сума на парични средства, патнички, товарни возила и други средства кои биле користени за извршување на кривичните дела.

До сега мерки на кривичен прогон што се однесуваат токму на оваа оперативна акција се преземени против 45 физички и 1 правно лице, а пријавен, приведен и одредена му е мерка притвор и на организаторот и водач на криминалната група, понатаму на членови на Управниот одбор, на вработени во Тутунскиот комбинат и на други соработници или сопственици вработени во приватни фирми.

Против нив се поднесени кривични пријави за низа кривични дела, почнувајќи од злосторничко здружување, понатаму злоупотреба на службена положба и овластување, криумчарење, недозволено изработување и држење, тргување со оружје и распрскувачки материјали, поттикнување и ред други кривични дела поврзани со извршувањето на кривичното дело за кое се товарат осомничените.

Според нашите досегашни проценки, извршени увиди и анализи, се работи за огромна штета на државата и со неплаќање на давачките кон државата и незаконито работење на фирмите практично направена е злоупотреба или противправно присвоена имотна корист во вредност од приближно 3,5 милијарди денари или тоа во евра е околу 51 милион евра. Тоа е штета на Буџетот на Република Македонија направена од страна на Тутунскиот комбинат во Куманово.

Би сакала да напоменам дека активностите по однос на оваа операција се сеуште во тек и дека нашите дополнителни проверки и анализи се насочени кон документирање и потврдување на инволвираност и на други лица во нелегалниот бизнис со цигари при што со активностите се опфатени и вработени во државни институции.

Според до сега добиените информации во периодот од почетокот на 2006 година, па до сега, прво осомничениот создал организирана криминална група со цел нелегално и насилно преземање на Тутунскиот комбинат и при тоа со низа криминални дејствија во континуитет направил низа злосторнички активности со вршење на повеќе кривични дела и од негова страна и од страна на приападниците на групата со цел обезбедување на имотот на Тутунскиот комбинат со оглед на големите обврски кои

Комбинатот ги имал кон Буџетот на Република Македонија и други доверители и создавање на што е можно поголем нелегален профит за него како сопственик и при тоа истовремено за истиот тој профит е оштетен Буџетот на Република Македонија.

На 21.10.2008 година по извршен распит истражниот судија на 22 лица им одредени мерка притвор во траење од 30 дена, а на 5 лица им одреди мерка куќен притвор.

По ова се поднесени уште дополнителни 6 посебни извештаи во кои се опфатени вкупно 14 лица од Скопје, Куманово, Велес, Струмица, Тетово и сите овие лица се поврзани со операцијата “Пепел” за која Јавното обвинителство по вршењето на анализата на документите ќе се произнесе.

Инаку, дел од прашањето на пратеникот Китаноски се однесуваше и на функционирањето на локалното раководство на Секторот за внатрешни работи - Куманово и јас би сакала да информриам дека раководството на Секторот за внатрешни работи - Куманово е целосно сменето односно извршено прераспределување на други работни места од причини што тие како полициски професионалци не смееле да дозволат ваквите нелегални активности за кои Одделот организиран криминал при Министерството за внатрешни работи поднесе кривична пријава, не смееле да се случуваат и да траат, а без при тоа од нивна страна да бидат преземени конкретни мерки и активности во функција на документирање на делото и поднесување на соодветни пријави.

Во меѓувреме, со Секторот за внатрешни работи во Куманово раководи целосно ново раководство и се вршат проверки дали некој од припадниците на полицијата е инволвиран во криминалната мрежа на првоосомничениот и дали ваквото непреземање, неблаговремено преземање на мерки или соодветно друго однесување на полициските службеници може да биде документирано и во таа смисла да бидат поднесени соодветни пријави против овие лица.

Против сите вработени во Министерството за внатрешни работи впрочем како и против секој прекршител на Законот, независно во кој период работеле и независно колкава е нивната поврзаност односно инволвираност, мерките ќе бидат ригорозни затоа што борбата против криминалот и корупцијата е без компромисна и таа таква ќе остане.

Што се однесува до останатите мерки и активности на Министерството за внатрешни работи во борбата против тутунската мафија навистина би можело уште долго да се зборува, но јас само ќе потсетам на неколку факти.Имено, од Секторот за внатрешни работи-Скопје поднесена е кривична пријава против поранешен директор на Бирото за стокови резерви. Се работи за оштетување на Буџетот за 335 милиони денари.

Понатаму, спроведен а е истрага по барање на Јавното обвинителство на Република Македонија во содејство со Управата за јавни приходи, Царинската управа и обезбедени се докази за кривично дело даночно затајување против овластени лица во Тутунскиот комбинат Прилеп. Овде се работи за оштетување на Буџетот од 463 милиони денари по основ на неплатени акцизи и ДДВ.

Во текот на 2007 година поднесени се кривични пријави против директорот на ТУТ-КОМ Тутун - Прилеп, понатаму кривични пријави против претседател на Управен одбор на една печатница од Прилеп за сторено кривично дело фалсификување на исправа, понатаму други кривични пријави кои се однесуваат на несовесно работење во Службата, пред се тука мислам на службени лица вработени во Царинската управа. Тоа се се кривични дела поврзани со злоупотреба на службена положба, поврзани со тутун и тутунски производи, неплаќање на давачки кон државата.

Поднесена е кривична пријава против 15 лица поранешни директори и претставници на судството, претставници на правобранителството, членови н акомисии и други раководни лица за сторено кривично дело злоупотреба на службена положба и овластување во периодот од 2001 до 2007 година за направена штета од 887 милиони денари. Само во 2008 година кривична пријава е поднесена за Тутунскиот комбинат во Радовиш, кривична пријава е поднесена против претседател на Управниот одбор и управител на Југотутун-Штип. Кривична пријава е поднесена против поранешен директор и претседател на Управен одбор на Табак-Тутун од Охрид за сторени 6 кривични дела злоупотреба на службена положба. Значи, се работи за оштетување на Буџетот од 43 милиони денари.

Во интерес на времето јас овде ќе застанам со набројување на бројните кривични пријави кои се однесуваат на оваа област, но до колку има дополнително прашање од пратеникот во усмена или писмена форма ќе го елаборирам и ќе го образложам дополнително со аналитички податоци. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Процедурално има госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Потпретседателке, по трет пат реагирам, не може одговорот на пратеничко прашање да се сведе да биде извештај за работата на ресорното Министерство.

Затоа, уште еднаш ќе ве молам опоменувајте, одземајте збор затоа што смислата на пратеничките прашања веќе се губи. Ако вака сметате да ја водите оваа седница и идните седници, мислам дека се поставува прашање дали воопшто има потреба од ваква институција пратенички прашања, тогаш нека бидат наместени одговори на Владата на веќе однапред напишани пратенички прашања од страна на пратениците на владеачкото мнозинство.

Како што гледате, времето ни истече, само еден од пратениците од опозицијата има поставено пратеничко прашање. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Пратеничките прашања се водат токму онака и оваа седница се води како што е во Деловникот.

Затоа е оставено, до колку пратеникот не е задоволен од одговорот има право да реагира односно да постави друго прашање.

Го повикувам пратеникот Илија Китаноски дали е задоволен од одговорот на министерката за внатрешни работи, повелете.

**Илија Китаноски:** Благодарам госпоѓо потпретседател,

Јас уште еднаш ќе го повторам прашањето што го поставив за на колегите им се разјасни што всушност прашав и што всушност одговори министерката и токму она што го одговори, еден дел од тоа што го одговори, беше одговорот што го очекував од неа.

Значи, она што го содржеше моето прашање е дали се извршени проверки во работењето на други тутунски комбинати и други правни и физички лица кои се на деловен и друг бизнис план поврзани со фирмите и поединците кои се главно осомничени во случајот.

Она што го слушнав набројувањето веројатно не беше довршено,практично се работи за целокупна мрежа низ Република Македонија што постоела и навистина не можам да го разберам реагирањето или деловничката интервенција.

Моето пратеничко прашање се однесуваше токму на она што министерката го одговори и дополнителното мое прашање се однесува на останати фирми, претпријатија, правни и физички лица низ Република Македонија било да се тутунски комбинати, дистрибутери или било кои други фирми од било која дејност кои на некој начин се поврзани со лгавните инволвирани во оваа акција, тоа беше моето прашање и би сакал јас и јавноста да добие информација и моето дополнително прашање е да ги имаме сите инволвирани, ако е возможно сега, ако не во писмена форма, сите претпријатија, фирми, правни и физички лица кои се инволвирани спрема досегашните сознанија на Министерството за внатрешни работи во овој мега случај.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Повеелте госпоѓице министер Јанкуловска.

**Гордана Јанкуловска:** Благодарам госпоѓо потпретседател,

Во интерес на времето јас мојот усмен одговор ќе настојувам да биде многу краток, меѓутоа, целосна и детална информација во периодот помеѓу две седници за пратенички прашања ќе доставиме во писмена форма за пратеникот, но би сакала само да потсетам дека Министерството за внатрешни работи поаѓајќи од основаните сомненија за поврзаност на други физички и правни лица со првоосомничениот направи дополнителна проверка на бројни физички и правни лица во Куманово, Скопје, Тетово , Струмица и Велес и при тоа беа извршени претреси на 36 објекти, документирана е поврзаноста на дополнителни 15 лица и во функција на објективно информриање, деталните податоци за овие активности до пратеникот ќе бидат доставени во писмена форма помеѓу две седници за пратенички прашања. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

На второто поставено прашање упатено до Министерството за економија, одговор ќе следи од минситерот за економија господинот Фатмир Бесими, повелете.

**Фатмир Бесими:** Благодарам.

Во врска со прашањето на господинот Китаноски најпрво би се заблагодарил за ваквото прашање. Би сакал да ја искористам приликата да ги поздравам присутните пратеници.

Во делот на енергетиката пред да одговорам конкретно на прашањето, бидејќи така беше поставено прашањето како доаѓаме до овие проекти, што правиме, прашањето беше за еден од овие проекти во производниот дел односно како ние ги зголемуваме производните капацитети во енергетиката во Република Македонија.

Прво, во Република Македонија во моментот генерално во 2007 година имаме околу 7 илјади гигават часови потрошувачка на електрична енергија која се обезбедува од домашно производство делумно и делумно од увоз значи околу 6 илјади гигават часови биле домашни и 2,7 илајди од увоз што значи околу 30% од нашите електроенергетски потреби во нашата економија се обезбедуваат од увоз. При тоа домашниот производствен капацитет, инсталиран капацитет е 1.525 мегавати што гарантира производство на приемр од тоа што го имавме како фактички показатели од 2007 година од прилика 6 илјади гигават часови се домашно производство од кои околу 55 илјади гигават часа се од термоелектраните, а одприлика илјада гигават часови се од хидроелектраните во Република Македонија. При тоа најголеми производители во делот на термоелектраните се РЕК Битола и РЕК Осломеј додека остатокот односно разликата од 30% се увезуваше од странство.

Исто таква проекција има и за 2008 година која видовме дека се рефлектира врз трговскиот биланс поради динамиката на цените во енергенсите на светско ниво.

Со цел подобрување на електроенергетскиот систем во нашата економија ние почнавме еден проект за енергетска стратегија на Република Македонија кој треба да заврши во првите три месеци од наредната година, а финалната верзија да биде усвоена каде ќе бидат предвидени сите идни перспективи во енергетиката во Република Македонија 2020 година со визија 2030 година.

Тоа го работи МАНУ, ние соработуваме со нив постојано и ќе биде отворена во наредни фази и во јавна дебата и тука ќе ги добиеме главните насоки. Меѓутоа, исто така, ние објавивме тендер,

сега заврши за обновливи извори на енергија. Притоа, сите одат во насока на тоа што значи зајакнување на природниот капацитет во Република Македонија диверсификација на природните ресурси во Република Македонија од аспект на енергијата, зајакнување на трансмисијата, преносот на електрична енергија, интерконекциите во електроенергетскиот пазар на Македонија, со регионот и трет аспект е намалување, односно зголемување на ефикасноста на искористување на електричната енергија во Република Македонија.

Значи овие се основни принципи, односно насоки кои ние сите проекти во електроенергетскиот сектор ги применуваме, и тука јас би ги набројал сите, меѓутоа, јас ќе се задржам на ова што е еден од најголемите проекти. Значи, во Република Македонија во делот на зголемување на производни капацитети во енергетиката, веќе во тек е втората фаза на Хидроелектраната Бошков мост, каде што има повеќе компании кои во прва фаза поминале, биле 14, сега е втората фаза. Притоа, исто така се проектите на мали хидроелектрани во Република Македонија каде што две фази, односно два пакета од 65 локации поминале, значи, тие се во завршна фаза и сега ќе се објави трет пакет, од 20 хидроелектрани. Тоа е еден од најголемите проекти што беше објавен на 27 октомври оваа година во Фанајшел тајмс, се работи за 12 мали хидроелектрани и средни хидроелектрани низ реката Вардар, така наречен проект на Вардарска долина и вкупната површина од 22 илјади километри, кои на територијата на Република Македонија се 20 илјади км2, односно 80% од овој проект е во Република Македонија. Проектот Вардарска долина се предвидува низ течението на реката Вардар, а тоа значи на потегот од Скопје до границата со Грција во должина од 200 км да се изградат 12 хидроцентрали, од кои поголеми се Хидроелектраната предвидена во Велес во висина од 59 метри квадратни брана и Хидроелектраната Градец во висина од 30 метри. Потоа останатите помали десет хидроелектрани се со висина на браните од 8 до 12 метри според првичната физибилити студија од француски конзорциум во 1999 година.

Инаку, тоа што е значајно, имајќи ги предвид потребите за електрична енергија, производните капацитети во Република Македонија да се каже дека вкупниот инсталиран капацитет за сите 12 хидроелектрани отприлика 325 мега вати што ќе значи 21% од тоа што сега во моментот го има Македонија, а тоа преведено во годишно производство би значело дополнителни 1000 гига ват часови годишно производство на електрична енергија што моментално приозводство би значело зголемување за 17,5%. Тоа што е значајно од макро аспект на инвестициите во Република Македонија, треба да се каже дека според некои очекувани и според некои меѓународни стандарди за индикатори за инвестиции, според овие производни капацитети некаде се очекува околу 1,2 милијарди евра за овој проект.

Така да, основна цел на овој проект, покрај овие инвестиции, што значи во моментот тоа е еден од најзначајните проекти и од најобемните од инвестиционен аспект. Меѓутоа, овој проект не е повеќе на инвестициите, туку повеќе е енергетски аспект. Што значи, основната цел останува на овој проект да биде уредување на просторот на Вардарска долина, што подразбира концепт на одржлив развој планирани и управувани за заштита на животната средина, предвидува реализација на системи за водоснабдување и наводнување, како и користење на водата за енергетски цели, односно и за производство на електрична енергија, тоа што го дискутиравме досега. Водите од акумулациите на овие каскадни електрани ќе се користат за овие проекти кои ќе придонесат за поширок економски развој, посебно во делот на реката Вардар, а тие секако, ќе имаат и пошироки импликации и позитивни ефекти врз нашата економија.

Инаку, да завршам, да не должам повеќе, само ќе напомнам дека во Република Македонија работиме на проекти за зголемување на ефикасноста, значи, тоа е таканаречениот проект што го работиме од Светска банка, со цел да се поддржат проектите за зголемување на ефикасноста на електрична енергија, потрошувачката на електрична енергија, со дел на добивање на грантови и поволни кредити со субвенционирани камати, од страна на Македонската банка за поддршка на развојот, во соработка со Фондот кој е за зголемување на ефикасноста. Притоа, промовираме сончева енергија, мали хидроелектрани, ветерна енергија, проекти кои се промовираат, односно се поддржуваат со цени кои се прифатливи за инвеститорите, кои треба да привлекуваат инвестиции во Република Македонија и во овој сегмент на обновливи извори на енергија. Ние знаеме дека тука сме го прифатиле тоа што е во рамките на Европската унија 2020 година, 20% од потребите да се обезбедат од обновливи извори на енергија, така да во делот на енергетиката е еден сеопфатен концепт на обезбедување на стабилен енергетски систем одржлив и систем кој значи поддршка на обновливи извори на енергија и од еколошки аспект да биде издржан овој проект. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Дали пратеникот е задоволен од одговорот.

Има збор господинот Китановски Илија, повелете.

**Илија Китаноски:** Морам да кажам дека сум задоволен од исцрпниот одговор и лично сум инпресиониран од бројките и податоците, што иако некому ова му изгледа смешно, навистина човек, не само јас, туку и сите треба да бидеме инпресионирани од податоците и од бројките кои што се проектирани и предвидени и тие значат дека постојните капацитети на Република Македонија за производство на електрична енергија ќе се зголемат некаде за 30%, меѓутоа со

капацитети кои што се обновливи, односно и истовремено и најефтини за производство на електрична енергија, значи хидроенергија, кои што исто така се повеќе наменски и тоа е многу битно за целиот тој регион во текот на реката Вардар и вредноста е навистина една бројка 1,2 милијарди евра, бројка која како инвестиција, било странска било комбинирана со домашни компании е за секаков респект и воопшто со ваквите проекти не би ги сфаќал несериозно и со нив не би правел како што вака имаше дофрлувања од колегите, не би се шегувал, затоа што ова е сериозна работа за иднината на Република Македонија и за идните генерации, ако на сите нас, верувам дека е така ни значи многу иднината на Република Македонија, а енергетската иднина е една од најбитните работи за обезбедување на стабилна економија на стабилна држава. Значи, задоволен сум од одговорот. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Третото ваше прашање беше упатено до министерот за одбрана, господинот Зоран Коњановски, повелете.

**Зоран Коњановски:** Благодарам потпретседателке,

Почитувани пратеници, почитуван пратенику, благодарам за прашање, не само кај вас, туку и кај повеќе медиуми, откога го најавив тој проект има поголем интерес за содржината на овој проект и можам да ви кажам дека секојдневно сум во контакт со воените аташиња кои се акредитирани од други земји, затоа што навистина реално се интересираат за овој проект кој сака да го направи Министерството за одбрана во соработка со Генералштабот на Армијата на Република Македонија.

Ме прашавте околу тоа кога ќе биде готов материјалот. Материјалот ќе биде готов втората половина на декември, значи филмуван материјал на ниво на идеен проект и спрема тој материјал, точно со датуми и рокови ќе се обврзиме на крајот од 2009 година да го имаме проектот Криволак реализирано, како што го имаме замислено.

Значи, предвидено е согласно новата мисија на Армијата на Република Македонија, затоа што знаете веќе ние сме на патот кон целосно нато интеграции и имаме повеќе обврски, сосема друга мисија и затоа нашите војници треба да бидат првенствено одлично спремени, да можат да ги извршуваат тие активности, а нормално дека треба да бидат и во соработка со војниците од другите армии. Во можност е од идната година да се случуваат вежбовни активности кои ќе значат напредок на нашата Армија, меѓутоа, напредок и на интероперативноста, на комуникацијата и способностите за заедничка одбрана, секаде каде е потребно за зачувување на мировниот процес. Војниците, ќе имаат можност да се увежбуваат на тој полигон во реалистички услови и ќе биде наменет за тактичка обука на војската и би сакал уште еднаш да потенцирам дека таков тип на полигон во Југоисточна Европа ќе има исклучиво во Република Македонија. Затоа ќе биде доста интересен. Се надевам дека ќе можат да го користат и другите армии, како што кажав во комерцијална смисла. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Дали пратеникот е задоволен од одговорот.

Повелете господине Илија Китаноски.

**Илија Китаноски:** Благодарам потпретседателке.

Од одговорот сум задоволен, само би поставил едно кратко прашање. Ме интересира, бидејќи во изминатите години, во изминатиот период од осамостојувањето на Република Македонија, полигонот Криволак беше и во медиумите, можеби и во некои шпекулации дури ставан како можност за евентуално нато база во Република Македонија .

Моето дополнително прашање би било, ако има министерот некаков конкретен податок или одговор, во што би се состоела специјализацијата на полигонот Кривола, опремувањето и модернизацијата, можеби не во некои големи детали, но со речник и говор кој би бил разбирлив, за лаиците, на кој начин и како би се состоела таа модернизација и опремување и дали би бил достапен можеби за јавноста, за цивилната јавност во Република Македонија и надвор од неа. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Има збор господинот Зоран Коњановски, повелете.

**Зоран Коњановски:** Благодарам.

Би сакал да напоменам дека уште со моето доаѓање остварив една средба со Канцеларијата за соработка, односно одбраната при амбасадата на САД и нашите пријатели од Бузален Хамилтон кои ни даваат целосна поддршка во Министерството. Тие се искусни луѓе кои знаат како да изгледа еден модерен и добар полигон, кој ќе служи за увежбување на војската. Со нив заедно ја правиме и ја изработуваме оваа проектна документација и со нивен надзор, така да тие знаат точно какви содржини, нормално во соработка со нашите стручни луѓе, какви содржини се потребни за еден полигон да може да биде атрактивен и успешно да си ја заврши својата задача и мисија. Всушност, нема да се работи за некој полигон, какви што има во Европа и во светот, со одредени содржини и навигациони или модерни средства за извршување на обуката, тој ќе биде повеќе автентичен за тактичка обука на војската. Ќе бидат предвидени содржини какви што има во Авганистан, во Ирак, во Чад, значи, војската да може во едни реалистички услови да се увежбува, пред да замине онаму каде што е потребно да се сочува мирот. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Има збор пратеникот Имер Алиу, повелете.

**Имер Алиу:**

(На почетокот пратеникот зборува без превод)

**Светлана Јакимовска:** Се извинувам, нема превод.

**Имер Алиу:** Тоа е ваш проблем. Зарем и за тоа да се грижиме сега ние од опозицијата. Барајте го Абдулаким Адеми тој досега имплементирал 100% од Охридскиот договор.

Обезбедивте превод?

Дали обезбедивте превод? Ви благодарам.

Пред неколку месеци парламентарното мнозинство донесе Закон за употребата на јазиците кои го говорат најмалку 20% од населението. Јавноста знае како се донесе овој закон, каква беше постапката при донесувањето, дали имаше јавна расправа во однос на тој закон и колку време му требаше на мнозинството за да го подготви и донесе овој закон. Но, во последно време сведоци сме дека Советот на Европа излезе со Извештај во кој јасно се нагласува дека донесениот закон од парламентарното мнозинство не е како што треба да биде и сугерира на мнозинството да ги прифати предлозите и сугестиите, или како што се нагласува амандаиите од опозицијата или од ДПА, сето ова, со една цел овој Закон да биде прифатлив и навистина да биде закон со кој албанскиот јазик ќе биде втор службен јазик во Република Македонија.

Ова прашање сакам да му го поставам на заменикот премиер, одговорен за имплементација на Охридскиот договор, но по се изгледа го спомнав и малку претходно. Пред неколку недели рече дека го имплементирал 95% Охридскиот рамковен договор и за овие дена сигурно и тие 5% ги има исполнето, така што видел упатно дека не треба да биде присутен на оваа седница. Но како и да е, барам одговор од премиерот да ми одговори дали планира, согласно сугестиите на Советот на Европа, на Парламентот да му предложат измени и дополнувања на Законот за јазиците кои го говорат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија, и ќе одат со Предлог закон, нов Предлог закон. Како една од најголемите достигнувања на Владата или на ДУИ како партиципиент на Владата, заменикот премиер го искажа и донесувањето на Законот за официјалната употреба на албанскиот јазик, како што милуваат да го кажат, поточно Закон за употреба на јазиците кои ги говорат најмалку 20% од населението.

Мислам дека овој Извештај на Советот на Европа на најдобар начин им ги отфрла овие констатации во наводници големо достигнување во однос на имплементацијата на Охридскиот рамковен договор.

ДПА на време реагираше веднаш по донесувањето на тој закон во Парламентот и подготви една анализа од страна на експерти, каде јасно се увиде дека немаме нов закон туку еден збир на членови и одредби од закони, постојни закони, каде се уредуваше употребата на албанскиот јазик. Единствената новина е тоа дека парламентарните комисии можат да се водат и на албански јазик. Значи немаме официјализација на албанскиот јазик, туку само палијативен збир на членови и одредби од постојните закони, дури со процедурата копи-пејс, која ја напрвија при збирот на овие членови, за жал во овој закон за албанскиот закон, како што милуваат да го наречат овие од ДУИ, имаме и еден член кој вели дека за успешниот развој на образовниот процес на учениците им требаат учебници и друга помошна опрема. Замислете, ова е член во Законот за официјализација на албанскиот јазик, како што милуваат да го наречат овие од ДУИ.

Прашањето е следно:

Кога мислат да предложат на парламентот измени и дополнувања на овој закон или мислат да предложат нов закон? Ако не, да не информираат, бидејќи ДПА има подготвено закон за официјална употреба на албанскиот јазик и набрзо ќе го доставиме до Парламентот за разгледување и донесување.

Моето второ прашање е во донос на правичната застапеност, како еден од клучните столбови на Охридскиот рамковен договор.

Исто така, пред неколку месеци, се отвори конкурс за прием на 250 државни службеници и веднаш потоа заменикот премиер најави отворање на друг конкурс за прием на други 350 нови државни службеници.

Денес можам да констатирам дека сеуште не е завршен првиот конкурс, а камо ли да се отвори друг нов конкурс.

Од друга страна, откако функционира ова парламентарно мнозинство до овој момент, значи до денес, бројот на Албанците отпуштени од работа има фрапантно загрижувачка бројка од 300 лица.

Јас ги знам причините зошто заменикот премиер не може да го затвори првиот конкурс, уште повеќе зошто не може да отвори и нов оглас или конкурс. Со двата ребаланса или поточно со едниот ребаланс и една реалокација на средства од буџетот, кои се усвоија од ова парламентарно мнозинство, на Секретаријатот за имплементација на Охридскиот договор му се одземаат над 100 милиони денари. Кога се има предвид дека во време на нашето владеење, поточно до крајот на месец мај, во државната администрација се вработија над 500 албанци и сите овие примаат плати токму од програмата К-5, таканаречена К-5 Програма како дел од Буџетот на Секретаријатот за имплементација на Охридискиот рамковен договор, па токму поради оваа причина овој конкурс не може да се затвори. Што е уште полошо, овој конкурс ќе се заклучи на крајот на годината, а подоцна ќе потроши средства кои ќе се доделат за имплементација на Охридскиот договор или за вработување на Албанците за 2009 година. Ова е многу трагично.

Прашањето до министерот за финансии, писмено да ми одговори, е: колку финансиски средства има во Програмата К-5, за правична и соодветна застапеност на Албанците во институциите на државата.

Моето трето прашање е до министерот за образование и наука.

Еве, три месеци поминаа како започна образовниот процес. Учениците Албанци од село Идризово - Скопско не можат да ја следат наставата на мајчин јазик. Тоа е уставна категорија.

До кога министерот за образование и наука и градоначалникот на општина Гази Баба ќе ја играат улогата на добриот и лошиот и до кога ќе одлучуваат учениците Албанци да не ја следат наставата на нивен мајчин јазик во село Идризово.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Објавувам пауза од еден час.

(Пауза од 14,02 часот)

(По паузата седницата продолжи во 15,19 часот)

**Светлана Јакимовска:** Продолжуваме понатаму.

На првото поставено прашање одговор ќе даде заменикот премиер на Владата, господинот Зоран Ставрески, повелете.

**Зоран Ставрески**: Благодарам на потпретседател на Собранието, му благодарам на пратеникот Алиу за поставеното прашање што се однесуваше на имплементацијата на Охридскиот рамковен договор.

Мислам дека постои консензус меѓу политичките партии. Владата посвети посебно внимание на ова прашање во изнминатиот период и во таа насока ќе продолжи и со останатите актвности.

Со оглед дека се работи за значајно прашање за кое што пратеникот побара дополнителни податоци околу бројот на вработени и околу други сегменти на имплементацијата на Охридскиот рамковен договор, Владата по писмен пат ќе обезбеди одговор до следната седница за пратенички прашања. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Владата ќе обезбеди писмен одговор господине Алиу.

Поминуваме понатаму. Вашето второ прашање беше упатено до министерот за финансии, меѓутоа побаравте писмен одговор. Ќе го добиете од Министерството за финансии.

Третото прашање беше упатено до министерот за образование има збор господинот Перо Стојановски, министерот за образование и наука, повелете.

**Перо Стојановски**: Благодарам потпретседателке,

Почитувани пратеници во однос на прашањето околу отворањето на паралелка на албански наставен јазик во Идризово би сакал накратко да дадам еден вовед.

Имено, ова барање на учениците од Идризово за реализација на наставата на албански наставен јазик не е ново барање туку ова е барање кое што веќе изминативе две до три години се поставува секоја година.

За жал, во изминатиов период Министерството за образование по однос на ова барање на учениците се немаше никако произнесено. Оваа година Министерството за образование и наука даде позитивна согласност во однос на тоа дека, доколку се исполнети условите и доколку постојат технички услови за реализација на наставата дека може да се формира таа паралелка и дека може да се отпочне со настава.

Исто така, не треба да заборавиме дека основач на училиштата е локалната самоуправа и за мрежата и системот и организацијата на наставата во рамките на една локална заедница се грижи општината. Така што Министерство за образование и наука по однос на ова прашање ја заврши законската процедура и во однос на ова прашање би требало да се упатите на друго место. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Дали пратеникот е задоволен од одговорот?

Повелете господине Алиу имате збор.

**Имер Алиу**: Не сомнено дека не сум задоволен од одговорот. Министерот даде некои податоци што мислам дека не се доволни за да се одговори на ова поставено прашање.

Се констатира, од тоа што го кажав, дека продолжува играта. Двајца одговорни за образовниот процес, министерот и градоначалникот ја играат улогата на добриот и лошиот. Мислам дека е крајно време овие ученици да имаат паралелка во нивнот родно место и да учат на својот мајчин јазик.

Министерот спомна дека основач на училаштата е општината. Овде нема потреба да се основа училиште. Тоа постои, просторот исто така постои во тоа училиште и постојат сите предуслови тие ученици да ја следат наставата во тоа училиште бидејќи тие патуваат со десетици километри далеку за да ја следат наставата од петто до осмо одделение на албански јазик.

Инаку, ако сакаат да учат во роднот место тогаш треба да учат на македонски казик. Тоа значи дека одговорот не е доволен и министерот треба да се координира во вистинска смисла на зборот координција со градоначалникот на општина Гази Баба. Што поскоро да се изнајде решение за овие ученици кои влегуваат во четвртиот месец откако почна образовниот процес, наставата не можат да ја следат на мајчин јазик. А, како што спомнав претхдно, тоа е уставна гарантирана одредба да имаат настава на мајчин, албански јазик.

Уште еднаш барам министерот да ги преиспита сите можности во консултација со градоначалникот на општина Гази Баба и да ми одговори писмено. Но, имајќи предвид дека ова може да трае предолго, а овие ученици не можат да ја следат наставата, би сакал ова да се случи што поскоро, се со цел да се реши ова значајно и деликатно прашање што ги засега учениците Албанци од село Идризово. Ви благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Ви благодарам.

Пратеникот не е задоволен од одговорот.

Дали пратеникот сака да постави дополнително прашање?

Повелете господине Имер Алиу.

**Имер Алиу**: Дополнителното прашање е следно, точен датум кога ќе се отвори паралелка на албански јазик во с. Идризово? Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Господине министер повелете.

**Перо Стојановски:** Веднаш по доставенот барање од страна на локаланта самоуправа по однос на барањето за отворање паралелка на албански наставен јазик Министерството за образование и наука се произнесе, така што околу отворањето и отпочнување со реализација на настава на албански наставен јазик во училиштето во Идризово, зависи од тоа кога и како локалната самоуправа ќе ги направи сите подготовки за отпочнување на наставата.

Во периодот додека траат подготовките за отпочнување локаланата самоуправа, бидејќи е отпочнат процесто односно учебната 2008-2009 година, на овие ученици им е понудено преодно решение, како што впрочем беше и до сега, им е обезбеден превоз на учениците до најблиските училишта односно онаму каде што можат да реализираат настава.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Следен за поставување на пратенички прашања е пратеникот Јован Манасијевски, повелете.

**Јован Манасијевски**: Госпоѓо потпретседател,

Сите три мои прашања се за претседателот на Владата, па ве молам да го обезбедите затоа што навистина не е во ред да не биде присутен на оваа седница.

**Светлана Јакимовска:** Тука е заменик претседателот на Владата, ќе ви одговори тој. Доколку не ќе добиете и писмен одговор, во зависност од вашите прашања.

Повелете поставете ги прашањата.

**Јован Мансијевски:** Да, благодарам, меѓутоа повторно велам дека овој принцип е неприфатлив и не е поентата на пратеничките прашања премиерот да одржи говор и да се изгиби потоа, туку поентата е да остане тука цело време како најодговорен во Владата на Република Македонија и да даде одговор на пратеничките прашања.

Во спротивно, како што се покажа на оваа седница, се обесмислува иниститутот пратеничко прашање и се поставува воопшто целисходноста на присуството на опозицијата на овие седници.

Така што, сакам да ви кажам, во име на ЛДП дека ако ваквиот однос на Владата и на премиерот кон пратеничките прашања продолжи ние во иднина нема да присуствуваме на овие седници и ќе може сосема релаксирано пратениците од владеачкото мнозинство да си поставуваат дговорени прашања на кои што ќе добиваат договорени одговори во неограничено времетраење.

Така што ве молам како одговорна во овј момент за редот во Собранието да премиерот биде обезбеден. Затоа што се знае многу одамна кога е денот, последниот четврток во месецот за поставување пратенички прашања и мора да се подредат сите обврски на тој елементатрен факт.

Моите три прашања, како што кажав се до претседателот на Владата.

Првото прашање дали Владата воопшто знае, располага со точна бројка колку работници се отпуштени или испратетни на принуден одмор во месеците октомври и ноември откога економската криза зема замав во Република Македонија. Ова, наспроти укажувањата на владините министри дека воопшто нема да ја почувствуваме кризата. Се разбира, тој факт се покажа како неточен. Можеби најдобар одговор на ваквата состојба на глобално ниво даде директорот на Светска банка минатата недела кој кажа мошене прецизно, пластично дека финансиската криза што ја имавме веше денеска се претовора во тешка економска криза, а веќе утре станува голем криза на вработеноста или криза на невработеноста.

Токму по тој редослед се случуваат и во Македонија, точно е во финансискиот сектор немавме криза, меѓуота затоа што имавме една мошне прудентна политика, одговорна политика на Централанта банка и незиниот гувернер. Сите заслуги за одличната супервизија на банките и за целиот систем на мерки што беше применет во изминатиот период и не само во изминатиот период, туку и изминатите години, треба да се препишат на Централната банка. И , наместо да и се одаде признание на Централната банка за таквите политики ние гледаме секојдневно дефакто напади што се назаконски и претставуваат форма на притисок од страна на владините министри кои сугерираат промена на политиката на Централната банка и кои едноставно тоа го прават на еден, јас би рекол на еден бритален начин, што е незаконски и не влегува во компетииците на Владата.

Згора на тоа ,со водење на ваква експанзивна фискална политика Владата не може ништо друго да очекува освен монетарната власт да одговори со стегната монетарна политика. И токму како резултат на таквата прудентна политика ние немаме, меѓу другото, криза во финансискиот сектор. Во економскиот сектор работите стојат многу лошо и оттаму моето прашање е многу прецизно дали располага премиерот со податоци колку во моментов отпуштени работници или на принуден одмор имаме во овие два месеци. Нашите податоци до кои што дојдовме преку повеќе извори, анкетата на Стопанската комора на Македонија, на Сојузот на стопански комори, податоци од синдикатите и од медимумите говорат дека во овие неполни два месеца над 4 илјади и 400 работници се отпуштени или испратени на принуден одмор. Она што е особено застрашувачки е фактот или предвудувањето што го искажаа претставниците и на Стопанската комора на Сојузот на стопанските комори дека овој бран на отпуштања и на испраќања на

принуден одмор ќе се зголеми веднаш на почетокот на 2009 година затоа што до крајот на оваа календарска година многу прецизно ќе се знаат состојбите со евентуалните нарачки за работа во текот на 2009 година. И како што добор и е познато на Владата дека целиот металопреработувачки сектор, голем дел од текстилниот сектор, од транспортниот сектор како колатрална металскиот сектор, значи голем дел од работната сила е отпуштена испратена на принуден одмор или тоа ќе и се случи во првиот квартал на 2009 година. Значи, молам за точна бројка од премиерот и моето прашање врзано со ова е дали Владата планира да оформи кризен тим составен од соодветните министри и раководителите на надлежните институции кој што ќе го следи развојот на овој неповолен тренд и ќе предлаг и превзема соодветни мерки. Ниту една од овие мерки не е насочена кон набруталната последица што ќе настане од економската криза кон големот отпуштање на работници што, се разбира за жал, може да се очекувас наредниот период.

Второто мое прашање, исто така директно до премиерот упатено. Господинот премиер милува да се фали со повеќе извештаи, меѓутоа упорно, неверојатно упорно одбива да коментира еден од најрелеватните годишни извештаи, Извештајот на Светскиот економски форум. Дали е можно премиерот да не запознаен со тој клучен Извештај и најрелеватен Извештај кој што ја дава крваната слика на националните економии ви светот. И која е таа, ве молам прилично наивна тактика, лошите вести да се премолчуваат.

Господине премиер, Република Македонија според најреномираниот извештај за конкуретноста, Извештајот на Светскиот економски форум е на 89-то место од 130 испитувани национални економии, што е уште попоразително. Во 2006 година кога ви ја оставивме Владата на Република Македонија, Република Македонија беше на 84-то место, успеавте да ја уназадите за цели пет места во овие две години. И она што е уште пострашно, бидејќи местата се релативен одраз на состојбата на конкуретноста. 2006 година вкупниот бодовен индекс што го имаше македонската економија беше 3,8, а 2008 година тој индекс е исто така 3,8. Како е можно, господине премиер сите тие силни реформи со кои што не бобмардиравте воопшто да не се одразиле со пораст на ниту еден примил во индексниот поен на Република Македонија.

И, бидејќи премиерот сака споредби, на најрелеватниот извештај за конкурентноста на националната економија, пред Република Македонија се такви велесили како Гамбија, Намибија, Боцвана, Гватемала и да не редам, ги има многу до бројот 89. Овој Извештај најдобро ја покажува целата лага што Владата ни ја пласира овие две години. За жал, македонскта економија не е конкуретна, нејзината конкуретност и натаму опаѓа, а тоа го покажува и овој најрелевантен Извештај. А дека Извештајот е нарелевантен говори фактот што тој е воедно и нацитиран Извештај за оваа област и се прави врз основа на тн. 12 области, реперни области со 109 индикатори.

Третото прашање упатено исто така до премиерот, колку партиски војници вработувте во изминативе две години? Нашите анализи говорат дека станува збор за бројка од над 6 илјади партиски војници вработени во целокупниот јавен сектор.

Досијето на ВМРО- ската Влада и на премиерот воопшто не е розово тука. Само да потсетам на еден факт, елементарно познат дека во периодот од 1998 до 2002 година кога ВМРО имаше Влада и кога господинот Груевски беше 4 годни министер во таа Влада, бројот на вработени во јавниот сектор се зголеми од 96 илјади во ноември 2008 години до 134 илјади во ноември 2002 година. За само 4 година ВМРО-ската Влада го зголеми јавниот сектор за 38 илјади нерподуктвни вработувања. Сега тој тренд го продолжувате. Бројката е над 6 илјади. Ве молам за точната бројка на вработувањ во јавниот сектор. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

На поставеното прашање ќе даде одговор заменик премиер на Владата господинот Зоран Ставрески, повелете.

**Зоран Ставрески:** Благодарам почитуван потпретседател на Собранието и му благодарам на пратеникот Манасијевски за поставените прашања.

Првото прашање беше за ефектите од кризата врз вработеноста и мерките во тој контекст. Ние денеска елабориравме поопширно за мерките што Владата ги презема во новиот пакет од 10 мерки што практично е континуитет на мерките што претходно се преземаа за подршка на македонската економија и македонските претпријатија како во однос на глобалните услови за водење на бизнис, така и во однос на директните мерки што со денешниот пакет ги презентиравме како одговор на светската економска криза.

И уште еднаш ќе го повторам, претпладнето го дикутиравме за тоа дека во првиот момент кога кризата имаше ефекти врз финансискиот сектор, состојбите во финансискиот систем покажаа дека банкарскиот сектор е стабилен, депозитите на граѓаните и претпријата се сигурни и нашите анализи и одговорноста на луѓето кои ја водат фискалната и монетарната политика секако е во своите изјави исто така да одаваат тон на сериозност и смиреност и од тие причини ние и така коментиравме, бидејќи ги имавме инфорамациите од банкарскиот сектор и дека нема повлекување од позначајни размери и нема опасност од системски ризик. Секогаш, нормално во секоја економија, пазарна, се случува банки да имаат проблеми во работењто, но системски ризик што би значело ризик за повеќе од поголемите банки одеднаш да имаат проблеми со

ликвидиноста или солвентноста во Македонија немаше и нема.

Исто така од почеток, кога кризата во светот практично се прелеа во реалниот сектор и кога фати рецесијата, исто така укажавме на тоа дека подготвуваме мерки кои што, доколку се продлабочи кризата Владата ќе ги презентира.

И токму овој пакет денеска што го презентиравме се такви мерки. Ние како и сите други земји можете да видите дека дискутираат подолг период за мерките, но за реалниот сектор дури ни една Амерка, па и ни во Европската унија сеуште нема никакви конкретни мерки. Има само најави за подршка на оделни сектори, има најава за подршка на автомобилската индустрија или за некои други, меѓутоа ниедна влада досега директна подршка нема одобрено и ние сме меѓу првите, сигурно во светот што со ваков комплексен пакет одиме. Дали мерките се добри или не ќе покаже сигурно времето, ние сметаме дека ова се најсоодветните мерки што ќе им помогнат на македонските фирми. Ја имавме предвид специфичноста и конкретните проблеми на македонските фирми. Во некоја друга економија веројатно некои други мерки ќе бидат соодветни.

Второ, ниту премиерот, ниту Владата од 2006 година навака, господине Мансијевски не води евиденција за бројот на невработени, бројот на вработени, таа ингеренција е во ингеренциите на Државниот заводот за статистика и Агенцијата за вработување. Ние од таму ги земаме податоците. Последните објавени податоци од таму сеуште не ги покриваат месеците октомври, ноември. Кога ќе ги има тие податоци на официјалните веб-страници на тие институции ние ќе ги добиеме и ќе ги коментираме, а во меѓувреме секако како и вие разговараме и со стопанските комори и со сите други кои што имаат одредени сознанија за тоа какви се импликациите врз реалниот сектор и секако би се сложил во тој дел со вас дека ризиците за продлабочување на кризата се се поголеми и поголеми и во тој контекст токму заради таа загриженост ние денеска излеговме со еден вака сериозен сеопфатен пакет на мерки. Значи тоа е динамички процес, примањето на работници и отпуштањето, ние не можеме да го следиме на дневна основа, но секој официјален податок го разгледуваме со должното внимание и спремни сме да го коментираме тогаш кога ќе биде официјален податокот. Во меѓувреме, врз база на сознанијата не само за тоа што се случува во одредено претпријатие туку врз база на пошироки сознанија и во однос на производството и врз однос на вработеноста, и во однос на нарачката, и во однос на извозот превземаме соодветни мерки и денес ги презентираме пред вас.

Владата според наша оценка во континуитет е активна посебно економските министри и нема никаква потреба од формирање на посебен тим затоа што тој тим веќе работи во Македонија долго време од изборите од 2006 наваму, од изорите од 2008 е засилен со министерот за економија Фатмир Бесими и ние сметаме дека тој тим досега умешно ги води економските политики во земјава, се разбира вие и сите други имате соодветно право да си ги процените нашите перфоманси и нашиот одговор на кризата дали е соодветен или не. Меѓутоа ние постојано го имаме тој тим на лице место и не сметаме дека нема потреба ниту во Владата да се формира посебен тим, а уште помалку во однос на другиот дел на прашањето ние, да кажам дека е наш стил на работа, да развиваме партнерски односи со приватниот сектор и постојано сме на терен и постојано разговараме не само со коморите, со трите сопански комори, туку и со самите стопанственици. Тоа е наш стил на работа, наш начин на креирање на политиките, така и досега работевме, така и овие мерки произлегоа од еден таков однос со стопанството. Така да тоа е нашиот тим. Нашиот тим е тимот на министри, меѓутоа и тимот на стопанственици кои што стојат зад нас и зад овие мерки. Тоа би бил одговорот на првото прашање.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Дали пратеникот е задоволен од одговорот.

Повелете, господинот Јован Манасијевски.

**Јован Манасијевски:** Благодарам госпоѓо потпретседател.

Господинот потпретседател на Владата за жал, не даде одговор на поставеното прашање, поточно јасно кажа дека Владата не ја знае бројката на отпуштени работници овие два месеци и она што е за мене пострашно што од интонацијата на одговорот разбрав дека Владата нема и некој голем интерес и заинтересираност да ја дознае. Имено потпретседателот не упати на официјалните извештаи од Агенцијата за вработување кои што за месец ноември ќе се појават дури некаде во јануари. И токму затоа е потребата од кризен тим, господине Ставрески, затоа што доколку тој кризен тим го формирате и заседава вие на дневна основа од директорот на Агенцијата ќе имате информација за пристигнатите ампликации од стопанските субјекти. И затоа вие всушност немате поима колку луѓе се отпуштени или едноставно не сакате да ја соопштите таа бројка. Јас ви кажав дека ние располагаме со бројка врз основа на јавно побликувани податоци од повеќе институции, Стопанската комора, Сојузот на стопански комори, синдикати, медиумски извештаи од менаџментот на определени фирми ширум Македонија, дека таа бројка во моментот е 4.400 отпуштени работници како резултат на економската криза која што за вас не постои. Тогаш ако кризата не постои, тогаш е логично и жртвите на таа криза да не постојат. И таа бројка, господине потпретседател, очигледно е дека ќе се зголемува затоа што првите анализи за нарачките за 2009 година се повеќе од лоши. И вие тоа исто така добро го знаете и не треба да ја сокривате главата во песок, треба да излезете со тие бројки независно колку се лоши и да се изгради соодетен систем како овие луѓе што понатаму ќе

бидат отпуштени ќе бидат прифаќани од општеството. Јас не велам дека постои волшебно стапче или сет на мерки што ќе ги реши сите проблеми. Не. Напротив голем дел од нив, за жал, ќе остане нерешлив. Меѓутоа, ваквата индолентност и незаинтересираност вие да ги чекате податоците кои по два месеци по дифолт стигаат од Агенцијата за вработување за да сфатите колку луѓе ви се отпуштени, за мене е, извинете, несериозно.

Значи Владата не располага со бројка или не сака да ја соопшти таа бројка, а таа бројка како што кажав е миниму 4.400 вработени. Бидејќи немаше министерот одговор немам ни дополнително прашање. Мислам дека би било мачење дополнителното прашање само за почитуваниот потпретседател. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

За процедурално се пријави госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитувана потпретседателке.

Јас знам дека на ниту една Владата можеби не и одговара да има Парламент јас, меѓутоа до овој степен да биде деградиран Парламентот навистина не се случило до сега. Пред се со носењето на Деловникот кој што единствено и оди на прилог на Владата, а во ниеден момент не може да го одрази значењето на Парламентот кој што го има по Уставот. Освен тоа, почитувана потпретседателке, и вие самите знаете ако веќе и по нешто донесовте сличен Деловник и ако во многу се разликува од земјите во развиена демократија Деловникот кој што го имаме, е во тие земји институцијата пратеничко прашње е многу важна.

И тогаш на тие седници во најголем број присуствува секогаш премиерот, претседателот на Владата. За жал, вие успеавте и оваа важна седница која што после 4 месеци од основањето на оваа Влада, која ја имаме за прв пат да докрај биде изделвилвирана. И тоа ќе го кажам средното.

Прво, започна со еден час задоцнување за да не се наруши манирот на премиерот да не закасни, да стигне на време, затоа што тоа не одговара на неговиот начин на работа.

Второ, премиерот беше присутен само два час и тие два часа се употребија да се одговара, да се презентираат програмите за работа на Владата, кои и онака веќе граѓаните ги знаат, затоа што за да ги видат истите, а тоа го плаќаат со парите од граѓаните, со нивните пари, значи парите од нивниот џеб, кои што ги зема од Владата да се рекламира.

И не е доволно што се рекламира Владата, и овде еве веќе е 16 часот, до 16 часот имаа можност само тројца пратеници од опозицијата да постават прашања, на кои што прашања добивавме работни извештаи од Владата и истите оние кои што ги гледавме, граѓаните ги гледаа и на Сто дена Влада, истите оние што секојдневно ги гледаме на рекламирање,истите оние кои што ги слушаме на Гласот на народот и на целокупниот окупиран од страна на Владата медиумски, електронски простор, кој што патем ќе споменам е платен со парите од граѓаните.

Почитувана потпретседателке, ако веќе Деловникот е таков каков што е, барем ве молам да го почитуваме Уставот на Република Македонија, кој што вели дека Собранието на Република Македонија е претставнички орган на граѓаните и носител на законодавната власт на Република Македонија и Владата ја избира и оваа Влада одговара пред Собранието. Каква контрола може да врши Собранието врз Владата кога не е тука премиерот, половина министри ги нема, а и тие што се тука се забавуваат со останати работи наместо да ги пратат пратеничките прашања. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Ви благодарам.

Вие констатиравте дека Владата давала некакви одговори кои што не се одговори на поставени прашања, тоа е ваш впечаток, јас тука не можам да реагирам. Деловникот е таков каков што е донесен и во целост повторно ќе повторам дека се почитува на ова седница.

Поставувањето на прашањата и давањето на одговори се во рамките на предвиено со Деловникот и ништо повеќе.

Продолжуваме понатаму.

На второто прашање ќе одговори заменикот праемиер на Владата господинот Зоран Ставрески, повелете.

**Зоран Ставрески:** Благодарам.

И за ова прашање, како и за сите претходни ние внимателно ги слушаме и аргументите и прашањата од страна на пратениците и одговараме соодветно на поставеното прашање. Можеби некогаш се случува пратениците да имаат подготвено прашање, чиј што контекст се променил затоа што Владата донела некои мерки во делот во борбата против кризата, па сека вкупнот ефект не е тој, но наше е да одговориме што сме направиле, наше е да ви одговориме поопширно заради тоа што сметаме дека и за вас и за јавноста е добро да разберете некои работи што можеби не сте ги знаеле преетходно. Има работи веројатно што ви се познати претходно, но начинот на кој одговараме соодветсвува на начинот на прашањата кои што вие ги поставувате.

Со оглед дека поставивте значајни прашања ние им дадовме соодветно внимание и дадовме поопширни одговори со цел да не остане било кој детал од вашето прашање неодговорен. Токму затоа и на таков начин постапуваме и мислам дека прашањата се одговорени. Во секој случај вие ако имавте дополнителни прашања ние уште еднаш ќе го повторевме истото и ќе додадевме уште нешто, меѓутоа не ни дадовте таква можност така да останувам на она што сме го кажале.

Конкретното прашање во делот на коментарот односно прашањето за рангирањето на

Република Македонија беше второто, кое што го постави пратеникот Манасијевски.

Секако Владата на Република Македонија посветува внимание на разните рангирања што се вршат од разни невладини организации и други институции во светот и на рангирањата соодветно на меѓународните финансиски институции кои во основа имаат поголема тежина.

Во тој дел податоците кои што ги објави Светскиот еконоски форум на 24 октомври, и според последните податоци, индексот на глобална конкурентност во Република Македонија има подобрување во 2008 година во однос на 2007 година. Мината година сме биле на 94 место, оваа година сме на 89 место. Сега кажувам само факти, не кажувам впечатоци дали сме задоволни или не и дали тоа е доволно добро или не е добро, само да го нотирам она што е факт.

Значи, оваа година сме на 89-тото место, индексот е подобрен во однос на лани од 3,73 на 3,87% оваа година. Сега почитуван пратеник сме во средната група на економии кои што генерираат раст врз база на зголемена ефикасност. Минатата година бевме на преодот од прва кон втора група. Внатре имате толба, анкетата се прави врз основа на одреден примерок на фирми, зад нас се некои земји од регионот (Албанија, Босна и други) но секако добро е секогаш да направиш и повеќе од тоа што го правиш, така да наш предизвик како Влада во наредните 4 години, со оглед дека ние ќе бидеме тие што ќе ја водат економијата во земјата ќе се потрудиме и понатаму да ги довршиме сите започнати реформи и да бидеме уште подобро рангирани на овој и на било кој индекс, некои други индекси, оној кој што е најрелевантен во светските инвестициски кругови е дуинг бизнис на Светска банка, во делот на борбата против корупцијата “транспаренс интернешнл”. Таму имаме подобрување за две години од 30-тина позиции, што според оценка на независни експерти претставува навистина голем исчекор и еден мотив повеќе за Владата во следните 4 години, во рамките на својот мандат да ја придвижи Македонија кон уште подобри позиции кои што во суштина би значеле и подобар стандард и за работниците и за фирамите и за граѓаните во Република Македонија. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Дали пратеникот е задоволе од одговорот?

Има збор господинот Јован Манасијевски, повелете.

**Јован Манасијевски:** Благодарам госпоѓо потпретседателке.

Не сум задоволен од одговорот, уште повеќе затоа што потпретседателот се обидува да манипулира. Јас направив споредба со 2006 година, Владата господине Ставрески не ви ја оставивме во 2007 година. Во 2006 година ви ја оставивме. Тогаш Македонија беше на 84 место со индекс 3,8. Сега 2,5 години по страотни реформи и преродбата Македонија е на 89-тото место, значи пет места подоле и индексот е ист 3,8. Тоа се факти.

Моето прашање е што работевте овие две години кога ништо не сте направиле на зголемување на индексот на конкурентноста. И не се десет репери, господине Ставрески треба внимателно да читате 12 репери со со 109 индикатори. И не е во ред, апсолутно е неточно овој извештај да го дисквалификувате како помалку релевантен од оној на друга невладина организација, како што е впрочем транспаренст интернешнл.

Напротив, секој ваш колега економист, а вие бидејќи бевте долги години во Светска банка го знаете тоа, неспоредливо повеќе го цени извештајот на Светскиот економски формум отколку извештајот на транспаренс. Тоа се факти ве молам.

И немојте да мислите дека пратениците од опозицијата не ги знаат состојбите или дека ако се обраќате на широкиот круг на јавноста дека може да ги манипулирате.

Извештајот на Светскиот економски формум е клучен извештај и ја дава најдобрата крвна слика на секоја национална економија.

Ние тука стагнираме наместо да одиме напред. Очигледно е дека две години мерки и активности што ги презема Владата не даваат никаков резултат.

Имам дополнително прашање господине Ставрески.

Што работи различно Владата на Боцвана и на Гамбија што се наоѓаат 20 места пред Владата на Република Македонија, според извештајот на конкурент.

Дали Владата на Република Македонија планира да направи фил визинг, во Боцвана и во Гамбија на чело со вас или со премиерот, каде што би ги увиделе практиките кои што ја зголемиле конкурентноста на Боцвана и на Гамбија да биде на ниво пред Република Македонија.

Тоа е моето дополнително прашање. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Има збор господинот заменик премиер, господинот Ставрески, повелете.

**Зоран Ставрески:** Владата на Република Македонија од 2006 година наваму работи врз основа на програмата “Преродба во сто чекори” која што содржи конкретни проекти, стотици кокретни рокови со конкретни задолженија за институциите, класифицирани, сместени во преку 15 сегменит од економскиот, политичкиот и социјалниот живот во Република Македонија.

Во економскиот дел Владата во изминатите две години работеше најмногу за подобрување на условите за бизнис во Република Македонија и ние сме фокусирани на тоа. И програмата за следните 4 години “Преродба во сто чекори”, надградена и проширена, исто така се осврнува на условите за бизнис и подобрување на вкупната бизнис клима во Република Македонија.

Во тој контекст  Владата спроведе сериозни реформи во делот на даночната политика пред се воведување на низок и рамен данок од 10%, тоа е данок на добивка и персонален данок на доход и исто така реинвестираната добивка е ослободена целосно од оданочување.

Во однос на останатите услови во рамките на слободните економски зони се даваат и дополнителни повластици, каде што евентуалните инвеститори се ослободени од плаќање на данок на добивка првите десет години.

Персоналниот данок на доход изнесува 50% помалку отколку надвор од зоните, односно само 5% и ослободени се од плаќање на ДДВ и царини и слично.

Истовремено инвеститорите имаат можност да добијат слободен пристап до гас, електрична енергија и слично во зоните.

Тоа е посебно за она што го правиме за странските инвеститори, додека за домашните инвеститори, со оглед дека ни е значајно и домашните инвеститори уште повеќе ни е значајно да имаат добри услови за работа во изминатитве две години направивме еден крупен сериозен проект кој што се покажа како еден од најдобрите проекти според оценките на Светска банка во регионот и пошироко. Тоа е проектот Регулаторна гилотина.

Овој проект се донесуваше на стотица законски и подзаконски акти, кои што беа креирани во изминатите 17 години од сите влади заедно, со кои што се обременуваа условите за биснис во Република Македонија. Ние пристапивме кон поедноставување, упростување, укинување на одреден број на документи што се бараат, намалување на процедурите, намалување на таксите што се наплаќаат и слично, се со цел да ги смалиме трошоците на фирмите и да ги направиме поконкурентни.

Овој проект го работевме заедно со стопанските комори и како такво и тие го оценија како многу позитивен и дека ја подобрува бизнис климата во Република Македонија.

Се разбира даночната регулатива и регулативата воопшто не се единствените важни сегменти за поодбрување на конкурентноста на една земја и на конкурентноста на компаниите.

Во вторит дел од нашите активности ние се осфрнавме кон човечкиот капитал,  каде што исто така констатиравме дека до 2006 година, состојбите беа катастрофални, и Македонија според сите стандарди имаше најлоши оценки, односно македонските ученици и студенти имаат најлоши оценки во Европа.

Значи, квалитетот на образовниот процес не беше соодветен и не одговараше на потребите на пазарната економија и побарувачката од фирмите. Од тие причини ние драстично го зголемивме првенствено Буџетот во образованието, каде што од 3,3 го зголемивме на 5,2% од бруто домашниот производ. Значи зголемување од 210 милиони евра од прилика е тоа во само две години.

Инвестиравме многу во воведување на посовремени наставни програми, програм за предприемништво и предмет за претприемништво во средното училиште, воведовме задолжително средно училиште, отворивме многубројни универзитети и факултети. Како што знаете со оглед дека светот денес и конкурентноста почива на економија на знаењем а не економија на ефтина работна сила само. Значи мора да ги остручиме нашите студенти да бидат пококуренти во техничките науки, во техничките вештини и поконкретно пред се во управувањето со компјутери и компјутерската технологија, информатичката технологија. Од тие причини го зголемивме тројно износот, бројот на студенти и финансиите за финансирање на студенти на техничките науки, пред се на студиите за информатичка технологија.

Во останатиот дел се разбира настојуваме и да отвориме универзитет за информатичка технологија на кој што ќе има 7 факултети, се со цел во иста насока да Македонија направи квантен исчекор во сферата на информатичката технологија и на тој начин да почнеме да продаваме мозок, односно да почнеме да продаваме знаење.

Тоа е она што го прават современите брзорастечки економиии  и нашата ориентација е таа да Македонија се трансформира од економија базирана на ефтина работна сила и на дејности во тешката индустрија да речам во една економија која е вибрантна, која што има голем број на мали и средни претпријатија кои што ќе можат флексибилно да се прилагодат на условите за бизнис, а условите за бизнис како што знаете секогаш се непредвидливи. Еве времето покажа дека е добро да се има диверсифицирана структура на економијата.

Во тој контекст значи, нашите напори беа наосочени и кон подобрување на услвоите за бизнос, но и  кон подобрување на конкурентноста на работна сила.

Како трет сегмент. ние се осфрнавме на инфратруктурата, каде што исто така сметавме дека треба да се направат значајни инвеестиции, со цел да и таа одговори на потребите на макеоднските фирми, односно за една земја која што е мала и по природа мора да биде отворена кон светот, важно е логистичките трошоци да бидат ниски. За да бидат ниски логистичките трошоци потребно е да се инвестира во нови патишта, да се инвестира во железница, да се инвестира во модернизација на аеродромите, да се инвестира во енергетскиот сектор и во многу други сегменти од инфраструктурата. Токму затоа во Буџетот за следната година ние издвоивме 480 милиони евра за ваквите инвестиции.

Се разбира дека кога една земја била оставена 15 години во многу лоша многу состојба и кога не се инвестирало во многу од овие сектори и резултатите беа такви, впрочем тоа го покажува и

просечниот раст остварен во периодот до 2006 година , кој што изнесуваше 3,75, а максимумот на владите на СДСМ со коалиционите партнери претходно беше 4%, што го оствариja во една година од претходниот мандат. Логично е дека во однос на резултатите со сите овие реформи би требало да се подобри и тие се подобри. Просекот на економскиот раст остварен во овие две години е околу 6% , што значи имавме 5,9% во 2007 година и имаме 6% во првото полугодие од 2008 година. Се разбира, заради светската економска криза овој резултат во последниот квартал ќе биде поинаков, но сакам да кажам во оние околности во кои што работевме до сега, просекот беше речиси двојно повисок, можеби не двојно за 75% повисок во однос на истите перформанси на владите претходно. Тоа е реалноста и тоа покажува дали економијата е поконкурентна или помалку конкурента.

Конечно, економскиот раст и вработеноста. Вработеноста кога започна претходниот мандат во 2005 невработеноста изнесуваше 37,3%. Тоа беше врвот на македонската невработеност односно највискокиот број на невработени историски гледано во Република Македонија. Во 2006 година таа почна да паѓа, но посериозно малку имаше намалување во 2007 и во 2008 година и сега е сведено на ниво од 33,8%. Тоа е, се сложувате, речиси 4% пониско од 37,3. Тоа е сегмент, елемент што покажува дали е конкурентноста подобрена или не е подобрена. Исто така, извозот во последните две години како индикатор за конкурентноста на една економија расте со двоцифрени ставки кои што се движат од 30 до 40% и верувам ако ги споредите тие стапки на пораст со извозот на било која друга економија во светот, ќе видите дека тоа се сосема солидни и конкурентни стапки на раст каде што се покажува дека се погоелм број фирми, заради олеснетите услови за бизнис, заради подобрените услови за работење успеваат да остварат поголем извоз. Дали сме стигнале таму каде што сметаме дека сакаме и каде што може македонската економија, секако не. Токму затоа веројатно Ќе биде потребно да се вложат дополнителни напори во насока на натамошно намалување на трошоците на фирмите, пред се, околу проектот за намалување на социјалните придонеси и преку втората фаза од регулаторната гилотиња. Ние останувам и натмау отворени за дискусии, разговори и предлози со стопанските комори и се што тие сметаат дека е корисно за нив, ние сериозно ќе го разгледаме и го разгледуваме како и до сега и веројатно во некој трет пакет на мерки ќе одиме со натамошни мерки за помош за трансофрмација на македонската економија во една високо-технолошка економија. Токму би сакал да потенцирам дека и напорите за привлекување на странски инвестиции ќе треба да се сватат во тој контекст. Значи, странските инвестиции не се битни само за износот на девизни средства што ќе стигне во земјата и за овие рангирања и бројки за кои што зборувавме претходно, туку се битни, туку се битни затоа што на тој начин најбрзо може да се покрие оној технолошки јаз што постои меѓу македонската економија и развиените економии. Имено, странските инвестиции, како што се Џонскон Контрол, Џонсон Мети и други кои што во следните години ќе работат во Македонија преку таканречени спиловр ефекти, значи преку ефекти на соработка со домашните фирми, ќе помогнат и домашните фирми кои што ќе бидат нивни добавувачи да го надминат технолошкиот јаз, да стекнат побрзо знаење, експертиза и тоа ќе им помогне на домашните компании да станат поконкурентни. Верувам дека сето ова ви ги отсликува нашите напори во изминативе две години, кој со оглед дека вашето прашање беше што сме направиле, ние цениме дека за промоција на Македонија за да привлечеме инвеститори треба да патуваме во САД, во Италија, во Германија, во франција, во Австрија, тоа се земјите кои што ние ги посетуваме. До колку вие некогаш дојдете на власт и сметате дека во Боцвана или во Гамбија да го правите тоа, се разбира тоа е ваше дискреционо право, до колку граѓаните ви ја укажат таа доверба. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

На третото прашање ќе одговори повторно заменикот премиер на Владата, господинот Зоран Ставревски, повелете.

**Зоран Ставревски:** Благодарам.

Третото прашање беше околу таканречената категорија партиски војници. Јас меѓу време уште еднаш проверив, иако бев сигурен дека Законот дури и во времето на СДСМ немал таква категорија Законот за државни службеници и факт е дека во Законот не постои таква категорија, така што можеби не го разбрав прашањето, меѓутоа таква категорија во Законот за државни службеници не постои. Така што одговорот е или дека е нула бројот или дека нема, а вие самите рековте, јас ќе цитирам што рековте “нашите информации говорат дека толку и толку”, веројатно имате ваши информации од некои луЃе во администрацијата и тоа можеби зборува за некакви војници кои што се блиски до вас, меѓутоа од наша страна верувајте јас не го разбирам прашањето и сметам дека не можам да го одговорам, заради тоа што во Законот за државни службеници нема таква категорија. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Дали пратеникот Јован Мансиевски е задоволен од одговорот?

**Јован Манасиевски:** Благодарам госпоѓо потпретседател.

Не сум и не сум задоволен што е потпретседателот вака краток. Мислам дека пратениците заслужуваат потемелни и поекстексивни одговори. Инаку, моето прашање е што сакам да ви укажам госпоѓо потпретседател дека треба и во прашањата и во одговорите да се држиме на темата.

Моето прашање беше, бидејки Гамбија и Боцвана се 20 места пред нас на листата на конкурентност, дали Владата планира да испрати мисија, да заклучи кои мерки ги презема Владата на Боцвана и владата на Гамбија и соодветно да ги реализира во Република Македонија, затоа што сме многу позади нив. Меѓутоа, потпретседателот очигледно од неговиот одговор разбрав дека не планираат таква работа.

Сега, во однос на моето прашање бев многу прецизен, говорам за вработување во јавниот сектор. Вие говорите за државни службеници. Како потпретседател на Владата треба да ви е познат фактот дека државни службеници има некаде само околу 11 илјади, а бројот на вработени лица во јавниот сектор, господине потпретседател, е преку 130 илјади луѓе. И, навистина ме чуди скандалозно ова ваше непознавање и неправење разлика меѓу овие многу различни категории. Значи, во вкупниот јавен сектор нашите информации говорат дека бројката за овие две години сте ја зголемиле за точно 6100 нови партиски вработувања. Е, сга, вие повторно можете да кажете дека ова е прогрес, затоа што во периодот на претходната Влада на ВМРО-ДПМНЕ, во која што минситер за финансии и најодговорен за ова прашање беше токму господинот Груевски, вие бројот на партиски војници го зголемивте, како што соопштив, дури за 38 илјади. Податоците на официјални органи се дека во ноември 1998 година во јавниот сектор на Република Македонија биле вработени вкупно 96 илјади. Со цунамито на Љубчо Георгиевски и Никола Груевски во 2002 година во ноември оставивте 134 илјади вработени во јавниот скетор. За само 4 години 38 илјади партиски непродуктивни вработувања. Од тогаш е пореметена структурата на Буџетот, господине Ставрески. Затоа, вашите буџети личат ан социјални буџети, а не на развојни буџети и затоа најголем дел од парите на Буџетот одат на плати на партиските војници. Сега, истото ве прашувам, значи продолжувате со истото темпо за две години 6100 париски вработувања во вкупниот јавен сектор. Можеби мојата бројка не е точна и се извинувам ако не е точна, меѓутоа затоа ве замолив да ми кажете или и за тоа можеби не сте надлежен колку нови вработувања имате направено во јавниот сектор во овие две години. Нашите бројки се дека се работи за 6100 комплетно непродуктивни, целосно неоправдани вработувања кои што ќе бидат алиментирани од сите плаќачи на даноци во Република Македонија. Тоа е една погубна политика, тоа е политика која што на крај ќе биде осудена на пораз. Немам дополнително прашање. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Тахир Хани, повелете.

**Тахир Хани:** Благодарам почитувана госпоѓо потпретседател,

Почитувани претставници на Валдата, почитувани колеги пратеници,

Јас ќе ја искористам можноста да поставам прашања до министрите. Верувам дека ќе можеме да добиеме соодветен одговор за оние проблеми кои што се во наш интерес. Сакам да го истакнам фактот дека според некоја случајност оваа прва седница на пратенички прашања се надоврзува и со постапката за усвојување на Буџетот на Република Македонија.Значи, имаме Предлог буџет изготвен од страна на Владата кој што е веќе во постапка на разгледување и ќе треба да го усвоиме до крајот на годината. Во оваа насока сакам да го истакнам фактот дека актуелната Влада сигурно има програмирано Предлог буџет кој што е со голем финансиски износ од над 2 милијарди евра, тоа е најголем Буџет во Република Македонија, што значи актуелнито министер за фианнсии господинот Славески истакна дека ќе има доста инвестиции во инфраструктурата, значикапитални инвестиции и овие ќе бидат во неколку области, во Министерството за транспорт и врски во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопаснтво,каде ќе има субвенционирање на малите ис редни претпријатија.Значи, ќе имаме инвестиции за создавање на еден по соодветен стопански амбиент. Би гокажал и фактот дека треба да бидеме свесни политиката има своја смисла и тоа значи дека ние ќе имаме правична, правилна политика и ќе имаме вистинска правилна распределба на средствата и до колку го имаме тоа, сигурно дека ќе имаме стабилнсот и напредок на државата. До колку се случи спротивното, тогаш секако дека тоа остава простор за економска криза,создава незадоволство во Владата, во Парламентот и на населението.

Затоа, јас би поставил едно прашање до потпретседателот на Владата господинот Зоран Ставрески и би сакал да ми даде одговор во смисла на инвестициите кои што ќе се направат во Република Македонија и тоа капиталните инвестиции и ако може да ни објасни нас на пратениците, меѓутоа тоа ќе служи и за широката јавност, што значи да ни објасни кои биле основнит екритериуми врз основа на кои тој ја има направено рапределбата на капиталните инвестиции во различните сегменти во нашето општество.

Во претходниот Буџет сме виделе дека имаме инвестирања од страна на Министерството за економија кое што предвидува електрификација на селата, имаме подршка на малите и средните претпријатија, имаме и во Министерството за транспорт и врски крадење на социјални станови, имаме инвестирања и во инфраструктурата на водоводната мрежа или ситемот за водовод во многу села и градови. Исто така, имаме инвестирање и во системот за канализација, во инфраструктурата на железниците, во железничката инфраструктура. Поради оваа причина би кажал дека имаме капитални инвестирања и во Министерството за здравство и верувам во следните прашања министерот за

здравство ќе може да даде конкретен одговор на поставените прашања.

Сега ќе се навратам на прашањето што сакам да го поставам до потпретседателот Ставрески. Ако може тој да даде објаснување за тоа кои биле критериумите и како се направила распределбата на инвестициите во инфрастуктурата во државата икаде се тие повеќе ориентирани, во кои делови и во кои сегменти, за да имаме една пореална слика за овие прашања.

Второто прашање е до потпретседателот на Владата господинот Абдулаќим Адеми кој што не е тука присутен, верувам дека ќе ми даде одговор во писмена форма до колку има можност за ова прашање може да ми даде одговор некој друг член од Владата кој што може да ми даде објаснување. Додека пак, потпретседателот на Владата може да ми даде писмен одговор за прашањето на спроведувањето на Охридскиот рамковен договор. Се знае добро дека истиот е проект, модел кој што служи како добар модел за решавање на многу етничките проблеми. Тоа е докажано дека Македонија се разликува според овој Охридски рамковен договор се разликува од другите земји по тоа што на овој начин надмина една кризна ситуација и во оваа насока се зема како пример за решавање на овие проблеми на Балканот и пошироко.

Сакам да го истакнам фактот дека Охридскиот рамковен договор има два сегменти, сегмент на реализација на нормативата, законската норматива, меѓутоа и сегментот на правична и соодветна застапеност на заедниците во земјата. Овој Охридскиот рамковен договор е бенефиција не само за албанската заедница, туку е бенефиција и за другите помали етнички заедници во Република Македонија кои што го користат овој договор како законска норматива, како можност и тие да ги искористат нивните права. Во оваа насока сигурно дека ние и Ромската заедница, Бошњачката заедница, Српската заедница, Турската заедница и Влашката заедница користат многу од овој договор и ние се радуваме што и тие ги користат истите бенефиции и тоа служи како норматива за реализација на нивните права.

Значи, Охридскиот рамковен договор долго време е тема за разговор и во многу насоки се поставуваат прашања за тоа какво влијание има истиот Договор за смирување и стабилноста на земјата. Се знае дека доколку Охридскиот рамковен договор има напредок и може да има реализација на неговата норматива, или пак исполнување на правичната и сооветна застапеност во земјата во државната и во јавната администрација, тогаш секако дека во оваа насока ќе имаме стабилност и задоволство кај помалите етнички заедници кои што се во Република Македонија за нивните достигнувања во земјава.

Друго прашање кое што се поставува, која е врската меѓу Охридскиот рамковен договор во процесот на интеграција на земјата во Европската унија. Се разбира дека реализацијата на Охридскиот рамковен договор влијае врз развојот на интеграција на земјата во Европската унија и во северно атланските структури. Меѓутоа, во оваа насока јас би се задржал и би поставил прашање до потпретседателот за правичната и соодветна застапеност на Албанците во државната администрација и во јавната администрација. Се разбира дека оваа разлика меѓу државната и јавната администрација било третирање такво во минатото. Некој не можел да разликува што е државна, а што е јавна администрација. И некои наши податоци во оваа насока имаат поттикнато неправични полемики, мешајќи ги цифрите или процентот на застапување во државната и јавната администрација. Во државната администрација застапеноста на Албанците, посебно на Албанците во 2002 година била 5,5%, во 2006 година 10,5%, додека во 2008 година 10,8% а заедно во државната и во јавната администрација застапеноста на Албанците во 2002 година била 10,5%, во 2006 година била 16,5%, а во 2007 година била 17,5%, а на крајот на 2008 година имаме 16,5%.

Конкретно прашање за потпретседателот на Владата е тој да ни даде табеларен приказ за тоа е која е политиката во оваа област, колку финансиски средства се поделени за овој Секретаријат за имплементација на Охридскиот рамковен договор. И посебно во сегментот на новите вработувања за менување на правичната и соодветна застапеност, односно на процентот. Се знае дека во 2008 година ние имавме широка дебата за тоа колку финансиски средства се доделени на овој Секретаријат во Програмата К-5, меѓутоа тоа што не го знаеме и од податоците што ние ги имаме за искористувањето на овие финансиски средства до почетокот на изборите беше околу 2%, тие средства служеле како суфицит и се направила распределба на овие финансиски средства. Додека пак минатата Влада не успеала да ги реализира сите средства. Додека пак од почетокот на мандатот на нашата нова Влада досега се реализирани 45, или 46%. Што значи дека ова служи како пример и за актуелниот потпретседател на Владата кој што треба со ефикасност да ги реализира неговите политики и да не се случи да се доделат финансиски средства во сегменти во кои што нема да може да се реализираат.

Третото прашање во однос на истото е до Министерството за култура. Министерството за култура треба да ни даде реален табеларен приказ за сите инвестиции што се предвидени во областа на културата и која е распределбата на истите. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Првото прашање е упатено до заменикот претседател на Владата, господинот Зоран Ставрески.

**Зоран Ставрески:** Му благодарам на пратеникот за поставеното прашање кое што е многу значајно во основа и практично се рефлектира врз

економскиот и социјалниот развој во Република Македонија. Значи, изградбата на инфраструктурата е од круцијално значење за постигнување на рамномерен регионален развој и за подигнување на нивото на економски развој на сите региони во Македонија и тоа е клучниот принцип и критериум кој што се користи во разгледувањето на проектите кои што Владата ги финансира во текот на една буџетска година. Начинот институционално тоа како се организира е практично на две нивоа. Едното е преку Комитетот за стратешки инфраструктурни проекти каде што членуваат сите релевантни министри и соодветни други директори на јавни претпријатија, агенции и слично каде што врз база на принципот на рамномерна регионална распределба и развој и врз принципот на нормално расположливите средства се прави приоритизација на проектите што се финансираат во секоја област. И на тој начин ние практично во текот на изминативе неколку месеци дојдовме до одреден број на проекти кои што согласно буџетските можности ќе ги финансираме во текот на 2009 година.

Другото институционално ниво кое што исто толку е релевантно и можеби порелевантно и во иднина секако ќе биде порелевантно, е практично функционирањето на Националниот совет за рамномерен регионален развој и регионалните совети за рамномерен регионален развој кои што се под координација на Министерството за локална самоуправа. Значи, на тоа ниво Министерството за локална самоуправа заедно со Националниот совет, со ЗЕЛС и со регионалните совети имаат одреден квантум на средства кои што врз основа на примените проекти ќе бидат распределувани меѓу општините што се понеразвиени во Република Македонија. Значи главната цел каде сакаме да стигнеме, поголем, позабрзан развој на понеразвиенит региони во Македонија и тие како што веројатно е познато се поделени сега на осум региони. И ние врз база на одредени индикатори за развиеноста на секој регион поодделно бруто домашниот производ, инфраструктурата, бројот на население и слично, бројот на вработени и други параметри утврдивме колкав процент од вкупните средства практично би било соодветно да припаднат на одреден регион. Ова не е конечна, целосно завршена работа во рамките на Националниот совет, значи до крајот на годинава ќе се утврди на кој начин ќе оди распределбата и точно процентуално кој регион колку средства ќе добива и со секој буџет, почнувајќи нормално и од оваа година, следната година ќе одиме со се повеќе средства за понеразвиените региони во Македонија, и понеразвиените подрачја, како што реков со крајна цел да ја прекинеме политиката, децениска политика би рекол на создавање на еден мега центар во Скопје каде што сите гравитираат, сите бараат решение за станбено прашање, за вработување, за перспектива, за едукација, меѓутоа нашата политика и во образованието и во инфраструктурата и во социјалата и во другите дејности и во земјоделието е секако да создадеме добри услови за развој на регионите и на сите градови од внатрешноста на Република Македонија, се разбира и на руралните подрачја кои што се поддржани преку Програмата за рурален развој во рамките на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и има одреден износ на финансиски средства што секоја година се доделува преку оваа Програма. Поконкретно понатаму, значи во текот на 2009 година ние дојдовме до десетици проекти како приоритети кои што ги издвоивме во областа и на патната инфраструктура и на водоводи, канализации, училишта, болници и сл. Значи, јас не би можел сега и да сакам да ги набројам сите, затоа што навистина се работи за премногу проекти. Во секој случај обезбедени се средства за финансирање на регионални патишта, обезбедени се средства за регионални патишта како што се Радовиш, Струмица, Коњско, Ски центарот Кожув, Куклиш, Банско, Тетово Јажинце, обиколница на Охрид итн, и реконструкција на регионални патишта како што се Илинден, Калуѓерец, Р'жаничино, Свети Николе, Струга, Дебар итн. Истото се однесува и на други регионални патишта што се финансираат преку проекти на ЕБРД. Таму имаме околу 10 патни правци. И локални патишта за кои што обезбедивме отприлика досега се ревидирани околу 13 проекти. Од општините беа доставени 81 проект, меѓутоа ревизијата се врши по региони согласно отворените постапки за реконструкција и досега се реализирани 13 проекти. Значи, секоја општина како доставува, ние ги разгледуваме проектите, дел од нив ги задоволуваат критериумите, дел не, меѓутоа целта е сите општини да добијат одреден квантум на средства со цел да можат да решат дел од инфраструктурните проекти. Се разбира, подобрувањето на инфраструктурата е долгорочен процес и не може да се реализира за година, или две, меѓутоа значајно е да даваат поголеми средства за таа намена и ние кога ги подготвивме проектите и слично, сега веќе во 2009 година можеме поснажно да влеземе во тој инвестициски циклус.

Има проекти што се финансираат во рамките на Министерството за транспорт и врски во делот на изградба на патишта, водоснабдување. На пример да набројам неколку водоснабдување на Броштица, водоснабдување на Октиси, водоснабдување на Тетово и Свети Николе итн. Има капитални дотации до единиците на локална самоуправа исто така за водоснабдување како што се водоснабдување на Сопиште, Могила, Оризари, општина Липково, канализации во Долно Лисиче, во Драчево, во Велешта, во Ложане, Лескоец итн. Значи, сакам само да ви долован на овој начин дека буквално средствата се распределени во сите подрачја низ Македонија и на југ и на исток и на запад и на север и во централниот дел. Затоа што од сите страни има доволно побарувачка, доволно потреба за подобрување на инфраструктурата, за изградба, или реконструкција на училишта, за изградба или

реконструкција на болници. Како што знаете Министерството за здравство неодамна реализираше и проект за отворање на амбуланти во селските средини. Јас би можел со оглед на ширината на темата и значењето на вашето прашање, да предложам една сублиматна информација, сеопфатна информација за сите инфраструктурни проекти да ви обезбедиме по писмен пат и на тој начин целосно да ве информираме вас и останатите пратеници доколку е за вас тоа прифатливо.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Дали пратеникот е задоволен од одговорот?

Повелете, има збор господинот Тахир Хани.

**Тахир Хани:** Ви благодарам.

Почитуван потпретседател на Влада, мислам дека одговорот беше добар и на крајот вашиот последен заклучок ми се допаѓа дека ќе изготвите пишана информација која што ќе можам да ја имам детално пред мене. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Вашето второ прашање господине Тахир, морам пред се да ве прашам, затоа што го споменавте заменикот премиер за Рамковниот договор, меѓутоа и на крајот го споменавте заменикот премиер господинот Ставрески. Сега сакам да ве прашам, дали господинот Ставрески да ви одговори или останувате на тоа да ви одговори господинот Абдулаким Адеми написмено?

**Тахир хани:** Прашањето беше до заменикот Абдулакин Адеми. Меѓутоа, оставив можност доколку сака некој од членовите на Владата да интервенира и да даде одговор. Воглавно прашањето е до Абдулаким Адеми. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

**Зоран Ставрески:** Со оглед на надлежностите на земеник премиерот Адеми околу оваа материја би предложил да обезбедиме писмен одговор во кој што ќе ги опфатиме сите сегменти на прашањето. Така што по писмен пат пратеникот ќе биде информиран за активностите во овој дел, средствата и сл.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

За ова прашање ќе се достави писмен одговор.

Поминуваме на вашето трето прашање на кое ќе одговори министерот за култура госпоѓа Елизабета Канческа Милевска.

**Елизабета Камческа Милевска:** Благодарам.

Благодарам на прашањето на почитуваниот пратеник. Значи, во делот на Буџетот за култура, Предлог буџетот за култура за 2009 година, значи во делот на капиталните инвестиции, јас ќе дадам еден посебен преглед, бидејќи во делот на овие инвестиции во два раздели се дадени сите проекти кои што се продолжуваат од страна на Министерството за култура и оние проекти кои што се предвидуваат во 2009 година. Во однос на оние проекти кои што се продолжуваат ќе ги истакнам, изградбата на стариот театар во Скопје, изградба на културен дом во с. Матејче, изградба на Градска куќа, довршување со реставрација и конзервација на Скопската тврдина Кале, продолжување со возобновување на Свети Климентовиот универзитет кај Плаошник во Охрид, продолжување со реставрација на куќата на албанската азбука, илуминација на Камениот мост и еврејските гробишта, продолжување со археолошки и системски истражувања на Тетовското кале и Виничкото кале, како и археолошките локалитети Трескавец, Скупи, Стоби, Марвинци и други. Во останатиот раздел се дадени исто така инвестициите во останатите капитални проекти. Тука е продолжување со изградба на концертната сала на македонската Филхармонија, изградба на библиотека во Тетово како мултимедијален центар, изградба на Театарот во Велес, изградба на музејскиот комплекс, музеј на Македонската револуционерна организација и музејот на жртвите на комунизмот, доградба на Универзитетската библиотека Свети Климент Охридски, изградба на спомен куќа на Тодор Проески во Крушево, изградба на Тупан чарши џамија во Тетово, реставрација на куќата на Мајка Тереза, внатрешно доуредување, изградба на конзерваторски центар во Гостивар, изградба на нов театар на местото на поранешниот Македонски народен театар, изградба на нов театар на местото на поранешниот драмски театар, изградба на турски театар во Скопје и реконструкција на Универзалната сала. Исто така, сакам да напоменам дека и во делот на средствата кои што се одобрени за дејностите од областа на културата, бидејќи тие се распределуваат доста транспарентно, значи на конкурсот кој што беше објавен оваа година во јуни. После завршувањето на конкурсот сите комисии по однос на сите овие дејности работат интензивно во Министерството за култура и по објавување на Буџетот за 2009 година, Министерството за култура во рок согласно законот, во рок од 15 дена ќе ги објави резултатите по однос на сите оние проекти и сите оние институции кои што конкурираа на конкурсот на Министерството за култура. Доколку е потребно можам и писмено да доставам овој табеларен преглед по однос на капиталните инвестиции и по однос на програмските средства во однос на дејностите од областа на културата. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Дали пратеникот е задоволен од одговорот?

Има збор господинот Тахир Хани, повелете.

**Тахир Хани:** Благодарам почитувана гопосѓо потпретседател.

Мислам дека во парламентарната група на Демократската унија за интеграција се има с творено печаток дека во Министерството за култура немаме пропорционална распределба на средствата и ја прифаќам поканата на министерката дека во пишана форма ќе може да ни ги претстави сите инвестирања во областа на културата и се надевам дека ќе има предвид една правична и соодветна распределба на средствата во областа на културата и во различните

инвестирања. Истакна неколку инвестиции во оваа насока, меѓутоа верувам дека ќе имаме подетална анализа кога ќе имаме и во пишана форма и во конкретна форма во оваа насока. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Има збор пратеникот Емилијан Станковиќ, повелете.

**Емилијан Станковиќ:** Благодарам потпретседателке,

Почитувани претставници на Владата,

Денес моето деловничко право ќе го искористам да упатам пратеничко прашање до министерката за внатрешни работи, почитуваната Гордана Јанкуловска. Но пред да го упатам моето прво пратеничко прашање сакам да изразам огромно жалење за вчерашниот криминален настан што се случи во центарот на Скопје и се надевам и го поддржувам Министерството за внатрешни работи за што побрзо расветлување и наоѓање на сторителите на овој криминален чин.

За првото прашање почитувана министерке сум испровоциран од вашето интервју за Нова Македонија од 24 моември поточно од пред три дена каде меѓу другото тврдите дека опозицијата го разорила безбедносниот ситем на Македонија.

Моето прашање се однесува на акцијата “Пепел” на Министерството за внатрешни работи кога се спроведе пред еден месец а во исто време денеска имаше односно широко образложение од вас за тоа како се одвивала целата акција. Сакам да потенцирам иако се обидовте тоа да го минимизирате СДСМ ја поздрави оваа акција која што како акција покажа дека тогаш кога политичкото раководство на Министерството за внатрешни работи има волја, може да се спроведе професионална акција. Меѓутоа за да оваа полициска акција биде целосно успешна мора да има свој крај. Јавноста беше информирана дека во овој криминален настан биле вклучени судии, обвинители и високои функционери на Министерството за внатрешни работи и беше презентиран доказниот материјал на акцијата. Дополнително директорот на Бирото за јавна безбедност ја информирашењ јавноста дека вработените во СВР Куманово не учествувале ниту еден процент во оваа акција. Било утврдено од ваша страна дека не биле лојални на службата и дека не давале информации што всушност е и основна задача на полицијата. Во овие 30 дена од акцијата единствено беше сменето раководството на СВР Куманово, значи началникот на СВР, началникот на крим техника, портпаролот и тие беа распоредени во други полициски станици според нашите сознанија Демир Хисар, Тетово, Гевгелија, Валандово. Патем во интерес на информирање на јавноста сите овие функционери во СВР Куманово беа поставени после доаѓањето на ВМРО-ДПМНЕ на власт во 2006 година. После прес конференцијата на СДСМ на истава тема на 19 ноември Министерството за внатрешни работи реагираше дека операцијата “Пепел” била круна на двегодишната борба против тутунската мафија во која се поднесени кривични пријави за 80 лица кои се осомничени дека го оштетиле Буџетот на државата за 40 милиони евра, значи повторувам 40 милиони евра.

Истиот ден на 19 ноември, на веб страницата на Македонската информативна агенција излезе ова соопштение, еве го држам во раце, кое нема врска со нашата прес конференција. Таму Министерство за внатрешни работи соопштува дека двајца вработени полицајци во Министерство за внатрешни работи добиле отказ, едниот зошто заспал на работно место и користел приватен мобилен телефон, а другиот неоправдано изостанал три последователни дена од работа. Сега се отвора дилемата како е можно раководната структура во СВР Куманово која според вашите информации, според информациите односно според изјавата на директорот за јавна безбедност, не биле лојални на службата поради што е оштетен буџетот за 40 милиони евра, и не давале информации за криминал кој тежи 40 милиони евра, да бидат само прераспоредени, а овие кутриве полицајци што само заспале на работа, веднаш добиле отказ.

Сега сакам да ви поставам прашање и да ми одговорите денес, не знам дали написмено, или веројатно знаете, бидејќи правите анализа 30 дена, дали е точно дека сега сменетиот началник на СВР Куманово Зоран Величковски, како началник на СВР Куманово на 7 мај 2007 година по повод денот на безбедноста, на првоосомничениот во акцијата “пепел” Бајруш Сејдиу му дал благодарница за соработка, подршка на Министерство за внатрешни работи. Одговорете ми дали сите овие прераспоредени полицајци од СВР Куманово добиле кривична пријава, бидејќи како што велите во вашето интервју неретки се случаите каде што нивните тн. професионалци во полицијата, мислите на опозицијата, всушност беа поврзани со криминалците и неретко самите се јавуваат како осомничени во случаите на кои работиме. Се согласувате, тоа е сериозно обвинување. Затоа сакам да знам како е можно раководството на Министерство за внатрешни работи цели 20 месеци да не знае што се случува во Куманово и кој ќе сноси политичка одговорност за тоа што ги поствил овие лице во СВР Куманово, за да видиме кој сега го разградува безбедносниот систем во Република Македонија.

Второто пратеничко прашање е повторно упатено до министерката за внатрешни работи.

Изминатите 20 месеци, јавноста, граѓаните, медиумите бевме сведоци на низа спектакуларни акции на Министерство за внатрешни работи, главно насочени кон членовите на опозицијата, заради кои почнавме да се сомневаме дека од Министерството направивте продукција на специјални ефекти. Затоа ако случајно сте заборавиле сакам денеска да ве потсетам на неколку од нив.

На 12 јануари 2007 година во медиумите осамнаа снимки од апсењето на поранешниот заменик министер за економија. Така граѓаните, исто како во некој холивудски филм имаа прилика да видат како неколку специјалци со маски на главите апсат човек висок 160 см., кој иако не пружеше никаков отпор, му беше вперен и пиштол в главата, иако според изјавите на неговиот адвокат тој лично го пријавил и најавил своето доаѓање во Македонија. Тогаш иако ве прашавме, не ни одговоривте според кои правилници на Министерство за внатрешни работи интерните снимки кои се дел од интерната процедура се нудат како забавна програма за медиумите. Слични снимки од спектакуларни апсења видовме и кога се апсеа поранешните директори на ЕСМ и поранешната директорка на УЈП, апсењето на господинот Зоран Заев е посвеж пример, за него не треба многу да ве потсетувам. Тој освен лисици и камери беше зачинет и со забавни СМС пораки од порпаролот на Министерство за внатрешни работи кој има неверојатен талент за почитување на презумцијата на невиност и за жал сеуште е портпарол. Апсолутно тогаш немавте никаква грижа како се чувствуваат нивните семејства. Напротив, сите овие апсења, вие како министер за внатрешни работи, дополнително и премиерот, ги браневте како досега невидена борба против корупцијата во историјата на Република Македонија.

Во теклот на декември 2007 година реализиравте и уште едно од мноштвото владини кампањи - Македонија без корупција, потрошивте 400 илјади евра народни пари и го промовиравте бројот 199 на кој граѓаните можат да пријавуваат случајна корупција. Но, јас сакам да ве прашам за една друга фарса која се случуваше доцна на 26 и 27 септември, едно сценарио кое очигледно ја клекна правната држава на колена.

Можам да ве потсетам сосема кусо на новиот септември политички договор помеѓу ВМРО ДПМНЕ и ДУИ кој покажа дека зад наводната борба против корупцијата на оваа власт всушност се крие единствено политичка пресметка со опозицијата.

На 27 септември Собранието во два часот по полноќ ги одобри барањата за притвор на двајцата пратеници на ДУИ. Само 12 часа по завршувањето на седницата се случи тоа што и го претпоставувавме, одржавте прес конференција каде објавивте дека сте поднеле кривична пријава против мојот колега Андреј Петров, за да го скриете двојниот аршин на ВМРО ДПМНЕ.

Нас сеуште не ни е познато кога пратеникот на ДУИ, обвинет за случајот малтретирани градежни работници, кој веќе подолго време не доаѓа во Собранието, ќе почне да ја издржува мерката притвор во Истражниот затвор.

Дополнително, иако пред ова Собрание вети дека редовно ќе се појавува во судот, тој на закажаните главни претреси на 17 октомври и 19 ноември не се појавил во кривичниот суд.

Моето прашање до вас е зошто цели 40 дена нема спектакуларна акција на Министерство за внатрешни работи. Се апсеа пред камери луѓе за пет евра, веднаш се притвораат, се изложуваат на јавно омаловажување без да се почитува презумцијата на невиност, а за лице кое е обвинето за воени злосторства против цивилно население, власта на чело со ВМРО ДПМНЕ 40 дена не презеде ништо, освен ако не сметате дека ова што му ја скративте платата е доволна казна, или дополнителна од пред неколку дена почнавте и да го правдате отсуството, тоа го оставам на вас.

Сакам да ве прашам зошто кога се работи за членови на СДСМ, тогаш ВМРО ДПМНЕ држи пресови, се апси пред камери и се спроведуваат обвинетите во судот со лисици. Или на крајот да ми одговорите дали Министерство за внатрешни работи воопшто го бара овој пратеник на ДУИ или чекате некој да ви се јави на бројот 199, од вашите скапи кампањи.

Третото прашање ќе го упатам до почитуваниот министер за транспорт и врски, бидејќи во Владата важи како еден од највредносните борци против дивоградбите, посебно во општините каде што градоначалниците се од редовите на СДСМ.

Сакам да поставам едно прашање, како ќе постапува Владата односно како ќе постапува Министерството за транспорт и врски во случајот со дивоградбата во општина Чаир, која според информациите на медиумите утре ќе биде отворена како музеј на ОНА. Дали против градоначалникот на општината Чаир, Министерството за транспорт и врски ќе поднесе кривична пријава затоа што има дивоградба на неговата територија? Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

На првото поставено прашање ќе одговори министерката за внатрешни работи госпоѓица Гордана Јанкуловска, повелете.

**Гордана Јанкуловска:** Благодарам госпоѓо потпретстедател.

Во интерес на времето ќе се обидам да бидам кратка особено кога се однесува на првото прашање, со оглед на тоа што веќе поопширно елаборирав за мерките и активностите што се преземени по однос на целосно расчистување и завршување на операцијата Пепел, но ценам дека е значајно да дадам одговор на пратеникот Станковиќ кој самиот констатира дека ова политичко раководство на Министерство за внатрешни работи има волја и продолжува да се бори против корупцијата и криминалот. Јас во целост ќе се согласам со него, да тоа е точно така.

Она по што ние се разликуваме од вас е тоа што вие немавте политичка волја да се борите против криминалот, ниту до 2006 година, кога ја имавте таа мможност, ниту пред тоа и впрочем затоа сега седите на таа страна каде што седите во Собранието.

Нашата политичка волја за борбата против корупцијата и криминалот е неспорна и бројните успешни акции на Министерство за внатрешни работи секојдневно го потврдуваат тоа.

Во повеќе наврати јас имав можност пред целата македонска јавност, па дури денес и пред пратениците да зборувам за мерките и активностите кои Министерство за внатрешни работи ги презеде во борбата против тутунската мафија и податоците покажуваат дека се работи за една безкомпромисна борба која трае од првиот ден на мандатот на Владата предводена од ВМРО ДПМНЕ. Но да се вратиме на операцијата “пепел”

Како што веќе информиравме ова е операција која ја водеше одделот за организиран криминал при Министерство за внатрешни работи и траеше нешто пвоеќе од една година. Значи започна во првата половина на мандатот на Владата предводена од ВМРО ДПМНЕ.

Оваа исклучително софистицирана акција беше акција во која беа користени сите алатки кои и стоеја на располагање на полицијата, вклучително и посебните истражни мерки кои ги користевме во период од 6 месеци за на крајот да имаме резултат од работата со кои во целост беа потврдени нашите сомневања и врз основа на тие наши сомневања пред обвинителството презентиравме случај врз основа на кој Судот одлучи да одреди мерка притвор за 32 лица, а против 45 лица беше покренато кривично обвинение.

Инаку, во контекст на ова беше и делот на прашањето кое се однесуваше на мерките и активностите кои се преземаа по одос на прекршување на законите и дисциплинските правила, од страна на припадници на Министерство за внатрешни работи.

Јас и понатаму цврсто стојам на ставот дека законите се еднакви за сите, без оглед дали се работи за припадници на полицијата, дали се работи за членови и симпатизери на политички партии или се работи за било кој друг граѓанин на Република Македонија, Законот има еднаква сила и еднакво се применува кон сите.

Ние и понатаму ќе продолжиме да ја информираме јавноста, независно од прес конференциите на СДСМ затоа што ние имаме право да информираме за нашата работа и нашите сопштенија не се реплики на вашите прес конференции, без оглед дали тоа ви се допаѓа или не. Дел од нашата воспоставена практика е да ве информираме за бројот на покренати дисциплински и кривични постапки против вработени во Министерство за внатрешни работи. Тоа е пракса која се спроведува на неделна основа и таа ќе продолжи да се спроведува, бидејќи е целосно на линија на начелото на транспарентно работење на институциите.

Инаку, околу работењето на раководството на Министерство за внатрешни работи, работењето на професионалците и како ние ја сфаќаме одговорноста и професионализмот, господине Станковиќ, последниот одговор го добивте на изборите. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Дали пратеникот Станковиќ е задоволен од одговорот?

Има збор господинот Емилијан Станковиќ, повелее.

**Емилијан Станковиќ:** Почитувана министерке Јанкуловска, искрено да ви кажам очекував дека ќе дадете подобар одговор, согласно фактот дека ни бевте колешка на факултет и знам дека сте правник и многу убаво ги знаете и Уставот и законите. Не очекував дека како расипана грамофонска плоча ќе повторувате нешто што претходно го слушнавме, меѓутоа не ми го дадовте одговорот на прашањето.

Што се однесува на тоа колку вашата борба против корупцијата е добра, ќе ви каже, бидејќи се крстите во анкетите, последната анкета на американскиот републикански иститут каде што граѓаните за три месеци од 41% пораснале на 49%, во оценката дека вашата борба е политички мотивирана. Но, тоа е ваше и ве молам немојте да се грижите кој каде седи. Ќе дојде времето кога некој друг ќе седи таму каде што вие седите и ќе ги гледа многу убаво сите работи и сите постапки што сте ги преземале.

Јас конкретно ве прашав дали на 7 мај 2007 година началникот на СВР Куманово, му дал на прво осомничениот во акцијата “пепел”, благодарница за соработка со Министерство за внатрешни работи? Колку време ви треба тоа да го проверите, кажете ми дали за сите сменети началници во СВР Куманово има кривична пријава, или и овој случај ќе се претвори од пепел во процес 2. Тоа сакам да ми го кажете денес и да ми одговорите на моето прашање многу децидно ништо повеќе не барам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

На дополнителното прашање ќе одговори министерот за внатрешни работи госпоѓица Јанкуловска.

**Гордана Јанкуловска:** Благодарам.

За сите оние за кои постојат докази за инволвираност во оваа и во било кое кривично дело Министерство за внатрешни работи поднесува, документира и понатаму ќе поднесува кривични пријави.

Во периодот од првичното спроведување на акцијата до денес поднесени се неколку проширувања на пријавата односно неколку дополнителни посебни извештаи. Во моментот кога ќе бидат документирани и нови пријави, тие секако ќе бидат процесуирани, така што за почитуваниот пратеник Станковиќ, првото проширување на пријавата кога ќе се случи ќе добиете и дополнителен одговор со сите детални инфорамации во писмена форма. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Второто прашање исто така беше упатено до министерката за внатрешни работи, госпоѓица Гордана Јанкуловска, повелете.

**Гордана Јанкуловска:** Благодарам.

Иако второто прашање беше повеќе видување на почитуваниот пратеник Станковиќ и негова перцепција за работењето на институциите, јас навистина не можам да му дадам одговор зошто неговата партија секогаш има потреба да се солидаризира и да излезе во поддршка на лицата осомничени за тешки форми на криминал. Исто така не би можела и да потврдам, ниту да негирам дали прво осомничениот во опертацијата “пепел” има членска книшка на неговата или на било која партија, меѓутоа борбата против корупцијата и криминалот од секаков тип и понатаму останува неселективна. За некои прашања и за некои случаи потребно е малку време, за други случаи потребно е малку повеќе време. Меѓутоа Министерство за внатрешни работи останува доследно на сите преземени обврски и ќе ги реализира до крај.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Дали пратеникот е задоволен од одговорот?

**Емилијан Станковиќ:** Благодарам потпретседателке.

Почитувана министерке, изгледа вие не ме разбирате што ве прашувам и се обидувате повторно да го релативизирате тоа што ве прашувам и ми одговарате со политички квалификации.

Прво ве прашав, ниту тврдев дека првоосомничениот е член на некоја политичка партија, ниту пак во мојата дискусија сакав да ја минимизирам акцијата “пепел”. На крајот на краиштата ако сакате да бидете доблесни до крај, за ова што во СВР Куманово биле наместени началници кои очигледно 20 месеци знаеле а не ви давале инфорамции, некој треба да сноси политичка одговорност. Ако јас се прашувам тоа сигурно би биле вие затоа што вие не може да не знаете кој бил поставен за началник во СВР Куманово.

Мене ми е многу жал што на второто прашање не ми давате специфичен одговор. Тоа покажува всушност каква е вашата борба против корупцијата и организираниот криминал. Кога се работи за членови на СДСМ, тогаш се апси пред камери, тогаш не е битна презумцијата на невиност, тогаш не е битно дали фамилиите, децата ги гледаат снимките, кога ги носите со лисици, кога им вперувате пиштоли в глава, но кога се работи за некој пратеник од владеачкото мнозинство или функционер на власта, тогаш не се знае ни кога ќе биде уапсен, ни зошто му го правдате отсуството, или што ќе биде санкцијата. Затоа, почитувана министерке, бидејќи ваква е вашата борба против корупцијата и организираниот криминал, Комитетот за правда односно на 19.12.2007 година ја осуди и ја засрами Македонија употребувајќи го за прв пат во Европа институтот од членот 10, од европските конвенции, што се однесува на против тортури, нечовечко однесување и понижување на човековата личност. Ова за прв пат се употребува за Република Македонија и тоа е доволен доказ како постапува Министерство за внатрешни работи.

Сосема на крајот, СДСМ ја поддржува борбата против организираниот криминал и корупцијата, но таа да биде објективна, да се заснова на докази и да биде еднаква за сите граѓани на Република Македонија, а не ваква, да биде партиски мотивирана и да се однесува само кога се работи за членови на опозицијата. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

На третото ваше поставено прашање ќе одговори министерот за транспорт и врски господинот Миле Јанакиевски, повелете.

**Миле Јанакиевски:** Почитувана потпретседателке на Собранието на Република Македонија.

Почитуван пратеник Станковиќ, вие не ја специфицирафте градбата во општината Чаир и сигурно знаете дека согласно законските прописи во Република Македонија општините се тие кои се грижат за градбите во самата општина. Но, доколку мислите на куќата на семејството Компараџии, сакам да истакнам дека ова е градба од 19 век, притоа е споменик на културата и воопшто во нашата евиденција не е евидентирана како објект нелегално изграден, туку е сосема легално изграден објект и уште еднаш ќе напоменам е споменик на културата.

Во оваа прилика сакам да истакнам дека доколку имате било какви забелешки на работата на општина Чаир и за било кој изграден објект, како пратеник или како граѓанин можете да се обратите со претставка до Министерството за транспорт и врски, а ние по право на надзор, преку инспекторатот ќе напрвиме евиденции и благовремено ќе ве информираме. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Дали пратеникот е задоволен од одговорот?

Има збор господинот Емилијан Станковиќ, повелете.

**Емилијан Станковиќ**: Благодарам потпретседателке, почитуван Миле Јанакиески.

Јас, мојата информација ја добив денес од еден наш дневен печатен медиум во кој што во поднасловот вели дека општината Чаир допрва ќе го легализира музејот итн., кој што утре ќе биде свечано отворен од претседателот на ДУИ.

Прво, немојте да мислите дека ви поставив прашање затоа што имам нешто против спомениците на културата во Република Македонија. Меѓутоа, сакам да ви поставам едно друго прашање. Дали сте вие истиот министер за транспорт и врски што пред два дена држеше брифинг во Министерството за транспорт и врски за околу 15 градежни парцели кои што наводно според вашите сознанија кои што се уште ги испитувате од Владата на СДСМ 2006 година биле дадени на незаконски начин неколку градежни парцели, вклучително тука повторно се

повторуваат градежно земјиште кое што се наоѓа во општини каде што градоначалници се од редовите на СДСМ.

Јас ве прашувам вие денес тврдите дека ова не е диво градба, дека “Дневник” денеска кажува невистина? Само тоа одговорете ми, затоа што вие сте, да повторам, ревносен борец против дивоградбите посебно во општините каде што се градоначалници членови на СДСМ. Сакам да ми одговорите дали имате и овде двоен аршин или навистина се работи за грешка, препоставувам дека можеби ќе го демантирате овој реномиран дневен печатен медиум. Апсолутно не ми е тенденциозно прашањето сакам само да ми одговорите. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

На дополнителното прашање ќе одговори министерот за транспорт и врски господинот Миле Јанакиески, повелете.

**Миле Јанакиески**: Благодарам на вашето дополнително прашање.

Многу е чудно што пратениците од СДСМ наместо да се повикуваат на извори на органите, се повикуваат на извори на медиуми. И претходно еден од вашите редови за бројот на невработени се повика на медиум наместо да го следи официјалниот Завод за статистика. Значи, јас уште еднаш ќе повторам ако се работи за конкретната куќа, таа е изградена во 19 век и е споменик на култура.

Што се работи во делот на градежното земјиште сакам да истакнам дека ние ги започнавме постапките има над дваесетина договори и се на целата територија на Република Македонија. За тоа веќе имаме покренато веќе судски постапки но, за жал Судот споро ги решава овие предмети. Имаме покренато над десетина кривични пријави за министри, заменици министри од редовите на партијата што го водеше ова ресорно министерство и на заемниците без разлика на која политичка партија припаѓаат и ние ќе опстанеме во она што го кажав и на самиот почеток дека секое едно земјиште што е продадено незаконски испитуваме од 2000 година па се до ден денес и сите тие земјишта ќе бидат под право на надзор раскинати преку судските постапки. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Има збор пратеникот госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова**: Благодарам потпретседателке.

Пред да почнам со моите прашања јас сакам прво да реагирам деловнички, да го искористам своето деловничко право да укажам на следното.

Денешнава седница за пратенички прашања јасно покажа дека и институтот пратенички прашања кои што единствено остана со новиот Деловник како механизам на пратениците од опозицијата веќе и тој им е одземен од рацете на опозицијата. Јас остро протестирам и реагирам потпретседателке. Во иднина на поставени пратенички прашања претставниците од Владата или министрите да одговараат на точно поставените прашања, а не да го злоупотребуваат времето се со цел да се одвлече повеќе време, да не поставува опозицијата пратенички прашања и со единствена цел да се одбегнат вистинските одговори.

Втората реакција ми е, на вашата практична не реакција или нереагирање кога одредени министри не свесни во која институција се наоѓаат недостојно се однесуваат илиословуваат колеги пратеници од опозиција или истапуваат со ставови како да се претставници на одредени политички партии, а не министри на Република Македонија. Очекував дека тоа вие ќе го направите но, на жалост иако сте потпретседател и вие сте припадник на парламентарното мнозинство. Мислам дека вака колку и да е смешно, жалосно е. Мислам дека е многу страшно.. Да не ми се мери времето затоа што овие се деловнички реакции, потпретседателке. Значи воопшто не е смешно..

**Светлана Јакимовска:** Времето ви се мери затоа што јас..

**Цветанка Иванова**: Јас благовремено реагирав потпретседателке, јас ви кажав дека го искористувам само своето деловничко право како координатор на пратеничка група да реагирам деловнички и ви ги собирам сите овие причини за реакции и ги кажувам како деловничка реакција и мислам дека треба да го почитувате и моето време и треба да го почитувате и моето право за деловничка реакција.

Без разлика колку сте занесени од славата, дојдени сте овде со задача да одговарате на поставените прашања, а не да се смеете и како во вицот на оној просечниот студент по земјоделие кој што научил, министерот за земјоделие можеби го знае, научил само една лекција за краставицата и кое прашање да му го поставиле на испит одговарал за краставицата. Денеска вие точно така личите, затоа што си кажавте тоа што сакате да кажете без разлика на кое прашање или какво прашање ви беше поставено.

И сега да продолжам со моите пратенички прашања и од овој момент да ми се мери времето.

Првото прашање го поставувам на министерката за внатрешни работи која што очекувам дека ќе ми даде одговор не како претставник на парламентарното мнозинство, туку како министер за внатрешни работа на Република Македонија и која што малку ќе се занимава со нашите прашања или со нејзината надлежност и работи кои што треба да ги работи, а не да се занимава со кој на кое место седел затоа што впрочем таа не ви е ваша работа, министерке.

Пред да го поставам прашањето сакам да изразам сочувство на фамилијата Арифи, заради големата загуба што синоќа се случи и секако на оние кои што се ранети во немилиот настан, инцидент синоќа, поскоро оздравување. Секако даваме подршка како опозициона партија, овој

случај што е можно побрзо да се расчисти. Меѓутоа, зошто го поставувам ова прашање.

Почитувана госпоѓице министерке, колку сакате да сте занесени во славата и во успесите што вие сметате дека сте ги направиле, факт е дека во Република Македонија состојбата не е безбедна . факт е дека се гине по улици. Не само што гинат обични граѓани, гинат и припадници на безбедносните сили. Последнава година дена се повеќе гинат и припадници на безбедносните сили и тие гинат практично како глинени гулаби. Ве прашувам, дали сте во состојба да ја контролирате безбедносната ситуација на граѓаните на Република Македонија, затоа што и последните два случаи кои што ви се случија, се случуваат во центарот на главниот град на Република Македонија и што е најжалосно и двата случаи ви се случуваат во близина на факултет и на средно школо каде што има млада популација и која што е очевидец на овие настани и која што секако ценејќи во која возраст од животот се наоѓаат ќе носат навистина страшна слика за крвопролевање по нашите улици.

И затоа ве прашувам уште еднаш дали сте способни да ја контролирате безбедносната ситуација на граѓаните во Република Македонија. Дали не сметате после ваквите настани кои што се случија дека, ако треба, заради морален чин да поднесете оставка, сте изгубиле повеќе припадници од вашите редови. Тоа е ваша немоќ како раководител, немоќ на Министерството задолжено да ги штити прво граѓаните, а секако и оние кои не штитат нас.

Дали не можете и во вакви трагични ситуации да се воздржите од изјавите за вашите успеси кои ги постигате и да изјавите дека овој случај е резултат на успешната борба и успешните акции кои ги преземате со бандите.

Зошто ја користите трагедијата на другите за повторно вие да покажете што сте направиле.

Последното прашање, за што ги трошите или на што ги потрошивте средствата кои ви беа доделени или одобрени од буџетот, од последниот ребаланс и зошто овие средства не ги потрошивте за заштитна опрема на оние кои се во првите борбени линии во заштита на јавниот ред и мир и безбедноста на граѓаните.

На крајот, дали не размислувате дека наместо да ги едуцирате полицајците за избори мислам на следните кои доаѓаат, дали не е подобро да им дадете политичка наредба обратна од онаа која им ја дадовте на парламентарните избори 2008 година, наместо да им кажете директно да делуваат на изборите, туку да им кажете да се воздржат и тогаш се ќе биде во ред и тогаш овие пари подобро би било наместо за обука да ги потрошите за заштита или заштитна опрема на припадниците на безбедносните сили.

Второто прашање ми е до господинот министер за финансии Трајко Славески. Нема потреба од многу голема елаборација за кампањите кои оваа Влада ги води во сите медиуми во пишани и електронски затоа што секој ден во пишаните медиуми кога ќе завртите преку една страница има реклама на нешто што наумила или што ќе прави оваа Влада. Едно влегување дома пуштете го телевизорот, првата слика што ќе ја видите е реклама за достигнување на оваа Влада.

Почитуван господине Славески, би сакала да ве прашам кои компании или кои фирми земаат пари за изготвување на ваквите кампањи, колу чинат сите тие кампањи, не мора последните три години, последната година и да ми дадете преглед на кои медиуми за емитување колку пари за кои кампањи поединечно платила Владата од буџетот, од грбот на овие граѓани. За кампања “Инвест Македонија” , за кампања “Знаењето е моќ”, за кампања “Отвори го срцето”, за кампања 24/7 остварување, Македонија без корупција, образувај се, избери М и последната која јас навистина не можам да ја сфатам Ин витро, ама не е важно, важно е да е кампања, важно е да се трошат парите од буџетот од граѓаните, важно е Владата да се рекламира, а не е важно дали може да се подразмисли со овие пари да се решат проблемите на стечајните работници, проблемите за најсиромашните граѓани кои се погодени од енергетската сиромаштија, проблемите на оние кои сега ви штрајкуваат - просветните работници, проблемите на бранителите кои безочно ги лажевте, мислам дека е редно да одговорите кој од политичкиот естаблишмент ги троши односно кој се богати, кој ги става во џеб парите од овие кампањи, а се од грбот на овие граѓани.

Навистина ми е жал што не е присутен министерот за правда, тука е заменикот , но не е исто кому ќе му го поставите прашањето затоа што прашањето го поставувам до премиерот, тука е заменикот, вицепремиерот, но е поврзано со Министерството за правда односно со Јавното обвинителство.

Повод за моето последно прашање е последната контрадикторна одлука на Советот на јавни обвинители. Сведоци сме дека пред два дена се случи реизбор или враќање на старите позиции на две обвинителки кои пред извесно време Јавниот обвинител на Република Македонија ги тргна или ги разреши од тоа место заради тоа што не е задоволен од нивната работа.

Би сакала да потсетам дека само пред три недели истите овие јавни обвинителки во Советот на јавни обвинители не добија ниту еден глас за да пред два дена овие јавни обвинителки се повторно вратени во Одделот за организиран криминал со 6 гласа, морам да спомнам, со гласовите на политичките партии избрани во Советот на јавни обвинители на чело со министерот, но со негативен или не подршка од страна на Јавниот обвинител на Република Македонија.

Сега, јас би го поставила следното прашање:

Како ќе се почитува принципот на хиерархија кога јавниот обвинител не се согласил или не гласал за реизбор на овие две јавни обвинителки во организираниот криминал.

За што ќе се определи премиерот, да го разреши министерот за правда (опомена од председавачот дека и поминало времето) и со тоа да даде знак пред Меѓународната заедница дека не сака политичко мешање на Јавниот бвинител или ќе поднесе иницијатива за разрешување на Јавниот обвинител Шврговски. Вака како што е ситуацијата (само кратко) верувајте не е издржлива. Мора премиерот кој ги држи механизмите...

**Светлана Јакимовска:** Јас не сакам да имам реакции од другите пратеници, се извинувам, сите беа во рамките на 10-те минути. Благодарам.

**Цветанка Иванова:** ... да се определи или ќе е за независно обвинителство и ќе го разреши министерот или ќе е за мешање во политика каде ќе даде јасен сигнал за негативен извештај и во Јавното обвинителство следната година како што е во делот на судството оваа година.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

За процедурална интервенција се пријави господинот Илија Китаноски, повелете.

**Илија Китаноски:** Благодарам госпоѓо потпретседател,

Јас би сакал процедурално до вас да интервенирам да ги замолите во текот на дискусијата колегите од опозицијата да се обидат да го задржат достоинството и на пратеничката функција и на Парламентот и да се обидат да не лиферуваат од говорницата лични навреди и секаков друг тип на недолично однесување ако тоа сами не можат да го направат, тогаш ве замолувам вие тоа да го направите во име на целиот Парламент на Република Македонија . Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Госпоѓо Иванова за процедурална интервенција сте пријавени? Повелете.

**Цветанка Иванова:** Јас ќе ја почитував процедуралната реакција на господинот Китаноски ако реагираше исто вака кога од страна на министерката беа упатувани спрема нас политички квалификации и недолично ословување на еден наш колега.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

На првото поставено прашање ќе одговори министерката за внатрешни работи госпоѓица Гордана Јанкулоска, повелете.

**Гордана Јанкулоска:** Благодарам госпоѓо потпретседател, почитувана госпоѓо Иванова.

Настанот кој се случи вчера е навистина трагичен настан и покрај тоа што еден наш колега трагично го загуби животот за што ние изразуваме најдлабоко жалење и сочувство кон неговото семејство, а уште двајца колеги се повредени во престрелката, Министерство за внатрешни работи како професионална институција надлежна за безбедноста во Република Македонија на професионален и максимално ангажиран начин ги вложи сите сили и расположливи средства за да се преземат итни мерки во функција на пронаоѓање на сторителите и колку што е можно побрзо затворање на случајот.

Значи во текот на ноќта беа превземени опсежни акции и активности, чии првични резултати и ефекти ги имаме и јас верувам дека професионалците, колегите од Министерството за внатрешни работи ќе успеат да обезбедат со сите активности што ги спроведуваме доволно докази за случајот да се доведе до крај. Сепак на една ваква човечка трагедија, за еден ваков немил настан ценам дека непотребно е да се собираат поени и да се шпекулира за безбедносната состојба и да се шпекулира за други прашања. Доволно е да ги погледнете податоците, податоците ќе дадат вистински одговор дали безбедносната состојба е нарушена, дали бројот на кривични дела од насилен криминал бележи пораст или намалување. Јас сепак ќе ве замолам да се држиме само до фактите и бројките. Сепак ценам дека луѓето кои се лојални кон својата професија и секојдневно се изложени на низа опасности заслужуваат признание за сето она што го работат. Јас како министер и понатаму ќе продолжам да ги охрабрувам и да ги поддржувам во целокупната работа која ја спроведуваат на терен.

Вашето прашање имаше повеќе сегменти и јас ќе се обидам да дадам одговор на сите сегменти од вашето прашање. Вториот сегмент од прашањето е директно поврзан и со првиот сегмент. Имено, често слушам од пратениците, од претставниците на политичките партии коментари и дополнителни прашања на прашања кои биле веќе одговорени во јавноста, но значајно е уште еднаш да повторам. Министерството за внатрешни работи максимално рационално и ефикасно ги користи буџетските средства и кога споменувате зголемување на Буџетот јас би сакала да се заблагодарам, што токму вашето деловничко право да поставите пратеничко прашање одлучивте да го искористите во овој сегмент бидејќи тоа е можеби најважниот сегмент за функционирање на полицијата. Имено во изминативе нешто повеќе од две ипол години инвестициите во лична опрема, вооружување и опрема за секторите за внатрешни работи при Министерството за внатрешни работи се значително зголемени што секако треба да резумтира од една страна со поголема лична безбедност, но од друга страна и со поголема ефикасност на припадниците на полицијата. Можам да ви повторам дека и во иднина ќе продолжиме со инвестиции во опремата и личното вооружување, затоа што ние сме убедени за да се постигнат резултати неопходно е да ги имате неопходните средства за работа. Ако во минатото постоело некое друго доминантно мислење, јас не би се занимавала со тоа мислење, јас длабоко верувам дека клучот на успехот е да инвестирате доволно во опремата, доволно во едукацијата и кога веќе ја спомнувам едукацијата стигнувам и до третиот сегмент на вашето прашање кое се однесуваше токму за делот на обуките. Министерството за внатрешни

работи досега, но и одсега ќе продолжи посебно внимание да обврнува на менаџирањето на човековите ресурси поточно на оној сегмент што значи стекнување со нови знаења и вештини на припадниците на полицијата, а преку тоа и спроведување на соодветни обуки. Обуките на професионалниот состав на полицијата се составен дел од нашето работење. Се соочуваме со нови предизвици се менува регулативата се јавуваат нови потреби. Токму затоа ние на годишно ниво изготвуваме годишна програма за обуки врз основа на која соодветните организациони единици и служби на Министерството за внатрешни работи се дообучуваат односно стекнуваат нови знаења и вештини кои ќе им помогнат во попрофесионално вршење на нивната работа.

И тука ќе завршам бидејќи и последниот сегмент од вашето прашање беше насочен токму во функција за спроведување на изборниот процес и ќе ви потврдам дека обуките кои се однесуваат на спроведување на процесот на избори се веќе започнати и тие ќе продолжат до претстојните локални и претседателски избори бидејќи тие се од исклучително значење за Република Македонија и секако дека за нас како институција е посебно значајно да го дадеме својот максимум во рамките на нашите расположливи капацитети. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Дали пратеникот госпоѓа Цветанка Иванова е задоволна од одговорот, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам потпретседателке.

Не сум задоволна од одговорот, затоа што министерката повторно си кажа она што сака да го каже и што очекува да го прими народот.

Прво сакам да го кажам, ние како СДС целосно ја подржуваме акцијата на Министерството за внатрешни работи да ги открие сторителите на немилиот настан синоќа и секако да ги изведе пред лицето на правдата. Тука сме совршено јасни.

Втора работа, не го поставуваме ова прашање затоа што за ситни политички поени, затоа што ја немаме таа психологија што ја имате вие и не се занимаваме, не сме оптеретени како вас со одржување на рејтингот, туку точно од една многу важна работа. Затоа што сметаме дека во Република Македонија безбедносната состојба се повеќе се загрозува. Ако се гине на улица, ако во последниве неколку месеци имате повеќе припадници на безбедностите сили паднати како жртва. Дали е ова госпоѓо министерке барање на ситни политички поени. Или дали ова прашање навистина се поставува за ситни политичики поени или вие така сакате да си најдете оправдување пред јавноста.

Околу инвестирањето и опремата. Вие знаете дека и ние впрочем и реформите кои ги започнавме ние во Министерството за внатрешни работи во одбрана ги отпочнавме и скоро ги завршивме. Значи јасно сме се декларирале дека сме за инвестирање, дека сме за обука, дека сме за едукација и дека сме за подобрување на ресурсите со кои што работат овие министерства. Но, секако не ми беше во таа насока прашањето. Мене ми беше прашањето во насока, зошто во Министерството за внатрешни работи да се трошат непотребно пари за обука на полицајци за однесување во изборниот процес ако се знае дека 2008 година овие полицајци под вашето раководство со ваша наредба постапуваа онака или со ваше непревземање мерки, постапуваа онака како што не требаше да постапат и донесовте негативен поен, вие, вашето Министерството во изборите во извештајот на Европската комисија. И само уште да ви кажам дека и без обука 2006 година ние сме спровеле совршено фер избори и затоа сметам дека доволна е политичката волја или вашата наредба да не превземаат ништо припадниците на полицијата и да не се мешаат туку да си ја гледаат својата работа.

**Светлана Јакимовска:** На второто прашање ќе одговори министерот за финансии господинот Трајко Славески, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам госпоѓо потпретседател.

Благодарам на прашањето на госпоѓа Ивновска.

Како што е познато Владата на Република Македонија предводена од ВМРО-ДПМНЕ уште од прviot состав од 2006 година практикува транспарентност во своето работење кое се изразвува низ најразлични форми. Почнувајќи од непосредни контакти со граѓаните, до користење на средствата за јавно информирање вклучително електронските и печатени медиуми за промоција на своите политики, постигнати резултати, побарување на идеи од граѓаните итн. Во овој контекст спаѓаат и кампањите кои што Владата на Република Македонија како буџетски корисник, Влада на Република Македонија и оделните министерства ги спроведуваат за што во транспарентен буџетски процес, побаруваат и алоцираарт средства во своите буџети. Буџетот на Република Македонија за 2009 година како и претходните буџети не само што се доставува и разгледува од страна на пратениците и Парламентот туку тој е јавен документ познат кај македонската јавност. Таму можат да се видат сите ставки за кои некој би можел да се интересира. Во овој случај станува збор за или прашањето се однесува за тоа кој наводно компании имале корист од овие кампањи. Јас морам да се извинам дека не го разбирам прашањето во целост може ако има дообјаснување повторно да одговорам што е тоа или која е дифиницијата за корист, затоа што секоја услуга вклучува напор, знаење итн, и услугите се побаруваат на транспарентен начин според Законот за јавни набавки. Институциите според закон се подложни на системските ревизии вклучително и на ревизиите на државниот закон за ревизија и од тука можат да се откријат евентуални неправилности кои што претпоставувам дека секогаш во своите прашања

ги имплицираат почитуваните пратеници од опозицијата.

И на крај јас би сакал да не се согласам со констатацијата или обвинувањето на госпоѓата Ивановска со своето прашање односно напад дека некој ги лажел одредени организирани групи во овој случај беа спомнати бранителите, не знам на што тука се мисли, затоа што колку што мене ми е познато Владата во својата програма и во својата кампања претходно не настапила со некои ветувања кои што сега не може да ги исполни. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Дали пратеникот госпоѓа Цветанка Иванова е задоволна од одговорот, поволете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам потпретседателке.

Не сум задоволна од одговорот на министерот.

Точно е дека Буџетот е јавна книга и секој може да го види и точно е јас како пратеник имам свое деловничко право да побарам од министерот и тоа сега писмено да побарам одговор на сите мои прашања и многу се јасни прашањата поставени кој ги изработува спотовите, колку чинат сите тие, ги наредив сите кампањи, а народот ги знае веќе и преку глава му е затоа што ги плаќа од сопствениот грб и така истоштениот граѓанин на Република Македонија. Колку се тие средства, на кои медиуми одат, колку месечно се плаќа за да знаеме зошто овие средства во колкав износ се или дали не може подобро да се изменаџираат и да се наменат. За решавање на проблемите на стечајните работници отколку за рекламирање на кампањата “Ин витро”, за решавањето на барањата на бранителите отколку раѓање на четврто дета, а семејството не можат ниту едно да изгледаат. За најниските слоеви, најсиромашните погодени од енергетската сиромаштија, за просветните работници сега што штрајкуваат и секако многу живо ме интересира ова последнава кампања, задушување на нивниот штрајк колку кошта и кому му ја плаќате и на крајот ќе заклучиме или сами ќе дадете одговор од писмениот одговор на ова прашање, ќе констатираме кој навистина од политичкиот врв на ВМРО-ДПМНЕ се богати од буџетските средства перејќи пари преку вакви кампањи.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

На вашето трето прашање ќе добиете писмен одговор.

Има збор пратеник госпоѓица Наде Станчевска, повелете.

**Наде Станчевска:** Благодарам почитувана потпретседател на Собранието на Република Македонија, почитувани претставници на Владата на Република Македонија, почитувани колеги пратеници.

Ќе го искористам своето деловничко право да поставам три пратенички прашања.

Моето прво пратеничко прашање се однесува до Министерството за животна средина и просторно планирање поточно до заменикот министер госпоѓата Соња Лепиткова.

Како пратеник кој ги претставува граѓаните од општина Илинден засегната сум со решавање на проблемот од загадувањето од рафинеријата ОКТА. Имено во последниве десетина дена сведоци бевме на протести кои што се организираа од локалното население на влезовите на ОКТА. Меѓутоа морам да потенцирам дека ова е проблем кој што се провлекува со години наназад горлчив проблем со кој се соочуваат сите жители од општина Илинден особено жителите од шесте населени места кои што гравитираат околу рафинеријата ОКТА. Меѓутоа треба да се напомене дека не се изолирани ниту жителите од околните општини. Во интерес на информирање на граѓаните од општина Илинден и целокупната јавност ме интересираат неколу работи. Кои се конкретните чекори и мерки кои што ги превзема Министерството за животна средина и просторно планирање во врска со решавање на овој проблем, дали досега има потпишано меморандум за соработка и ако нема од кои причини не е потпишан тој меморандум за сорабортка. Дали министерството планира да изработи студија за испитување на квалитетот на подземните води во близината на ОКТА.

Моето второ прашање е до министерот за внатрешни работи госпоѓица Гордана Јанкуловсла.

Во последно време сведоци сме на контрадикторни изјави околу шансите да добиеме позитивно мислење за укинување на визниот режим за македонските граѓани. Со оглед на фактот дека станува збор за исклучително важно прашање за сите граѓани, би сакале да знаеме до каде е Република Македонија во однос на исполнувањето на сите технички критериуми кои што претходно беа поставени од Европската комисија. Исто така би сакале да слушнеме од прва рака за вашите впечатоци од последната средба со еврокомесарот за правда и внатрешни работи Жак Паро.

Третото прашање е до министерот за земјоделство, шумарство и водостопаство до господинот Ацо Спасеноски.

Колку огласи се распишани за доделување на земјоделско земјиште за периодот од изборот на новата Влада па до денес, за кои подрачја и за колкави површини и на кој начин е овозможена транспарентноста на целата постапка за доделување на државно земјоделско земјиште. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За процедурално е пријавена госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Потпретседателке, јас сум разочарана што во моментот кога требаше вицепремиерот да одговори на моето трето поставено прашање излезе надвор, очигледно дека жешка е темата на ова прашање и избегна да одговори затоа што навистина се работи за

прашање кое значи, кое што од одговорот може да се види каде оди оваа Влада, дали е за независно јавно обвинителство или за политичко јавно обвинителство. Јас уште еднаш деловнички реагирам, значи на односот на Владата према институтот пратенички прашања, према Собранието, особено према опозицијата, кога навистина во моменти нема претставник односно заменик на премиерот кога еве да речеме дека од оправдани причини тој можеби е отсутен денес.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

**Зоран Ставрески:** Дали имам право да одговорам, или немам?

**Светлана Јакимовска:** Не, немате, бидејќи пратеник постави следни три прашања, ова беше интервенција процедурална на госпоѓа Цветанка Иванова.

На првото прашање ќе одговори заменик министерот на Министерството за животна средина и просторно планирање, госпоѓа Соња Лепиткова, повелете.

**Соња Лепиткова:** Благодарам.

Би сакала да истакнам дека констатацијата дека проблемот со ОКТА, односно загадувањето на животната средина, како штокажа и пратеничката е повеќегодишен проблем и тоа што Министерството за животна средина и просторно планирање го презема во континуитет е преку своите органи, пред се Инспекторатот за животна средина и Централната лабораторија врши континуирани мерења и презема одредени чекори кон загадувачите, со тоа што поднесува одредени прекршочни и други пријави кон надлежните институции.

Тоа што се случуваше последниве десетина дена, дојде до ескалирање на состојбата заради сомнеж на граѓаните дека одредени состојби се влошуваат во поглед на загадување на животната средина и барање тие состојби како такви да се решат.

Јас би сакала да напоменам дека и пред излегувањето на протести на граѓаните Министерството за животна средина и просторно планирање имаше веќе доставено прекршочна приајва која е во процесуирање во надлежните судови и очекуваме понатаму да следи адекватна постапка по тоа.

Она што го поставивте како потпрашање е дали е потпишан меморандум за соработка, мислам дека сите сме сведоци во поглед на новонастанатата состојба Министерството интервенираше и се потпиша Меморандум за соработка меѓу локалната самоуправа, Министерството за животна средина и просторно планирање и ОКТА, како и претставници од страна на граѓаните и се обврзавме како Министерството за животна средина и просторно планирање во најкраток можен рок да поставиме две мерни станици во атарот на селото Миладиновци и останатите населени места кои во континуитет ќе ги мерат состојбите со загадувачките компоненти во воздухот и преку дисплеј ќе можат и самите граѓани да ја следат состојбата, така што направени се сите подготовки, веќе утре очекуваме да бидат поставени на своето место и со тоа обврската која ја преземавме дека ќе ја завршиме во рок од 5 дена ја скративме на скоро 3 дена и очекуваме дека одредени состојби во однос на соменжот на граѓаните кон тоа што се случува ќе биде отстранет.

Други мерки што ги преземавме, тоа е во континуитет Министерството за животна средина и просторно планирање да ги мери загадувачкит екомпоненти и на водите и на воздухот, а со тоа се обврза да ги известува граѓаните каква е состојбата секојдневно. Поради тие причини граѓаните се согласија да ги прекинат блокадите, земајки предвид дека исто така Министерството за здравство се обврза и таа акција веќе два дена тече, таму се присутни мобилни екипи кои вршат прегледи на населението и после одреден период врз основа на сите анализи ќе се констатира кои мерки и Министерството за здравство и ние ќе ги преземеме за да може овие состојби нависитна да се подобрат.

Во врска со она што прашавте дали ќе се изработи студија, таква студија веќе е во фаза на подготовка и со тоа не само во делот на Рафинеријата ОКТА туку и останатите капацитети, такви студии работиме, се предлагаат конкретни мерки за да може овие навистина скапи проекти кои бараат време како такви да се реализираат.

Поради сето ова што го кажувам граѓаните се согалсија да ги отстранат блокадите и ние во континуитет ќе ја надгледуваме состојбата од она што ОКТА го презема како обврска, а тоа е да изгради цевковод од пречистителната станица и пречистувањетона водите да биде по сите стандарди и процедури. До колку тоа не се спроведе, знаете дека до вас е стигнат Предлогот на законот за неколкукратно зголемување на казнените одредби кон загадувачите и ние искрено веруваме дека ќе следуваат и прекршочни казни, меѓутоа и одредени кривични санкции ќе има ако загадувањето не само во ОКТА туку и во останатите капацитети кои влијаат на загрозување на здравјето и животот на населението, меѓутоа, и на целокупната животна средина како такви продолжат.

Искрено се надевам дека овој пат навистина со граѓаните бевме во постојан акомуниакција, јас секогаш ги пдоржувам овие активности на граѓаните кои се во функција на подобрување на нивниот сеопшт живот и тие на нас на некој начин ни помагаат како Министерство да ги следиме сите сотојби. Од тие причини, се подобри и составот и борјот на инспекторите во раките на Министерството, така што верувам дека и за поголем број инспектори бидејки добивме согласност да вработиме, од тие причини и во останатите региони таа состојба драстично ќе биде подобрена во однос на контролата и податоците кои постојано ќе ги имаме.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Дали пратеникот Нада Станчевска е задоволна од одговорот? Повелете.

**Нада Станчевска:** Благодарам почитувана потпретседателке,

Задоволна сум од одговорот од заменикот минситер. Задоволна сум од деталното образложение за сите мерки и активности кои се преземени за решавање на проблемот со загадувањето.

Би сакала да ја замолам почитуваната заменик министер, до колку се во можност, да се достави одговорот и во писмена форма.

Исто така, се спомна дека е вклучено и Министерството за здравство. Во оваа прилика сакам да изразам една посебна благодарност кон Министерството за здравство што е вклучено во оваа активност околу решавање на проблемот и следење натамошно на загаденоста, меѓутоа и следење на заболувањето кај жителите. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

На второто ваше прашање ќе одговори министерката за внатрешни работи, госпоѓица Гордана Јанкуловска, повелете.

**Гордана Јанкуловска:** Благодарам.

Второто прашање се однесуваше на дијалогот за либерализацијата на визниот режим на Европската унија кон Република Македонија, кој беше официјално отворен во февруари 2008 година при посетата на еврокомесарот за правда и внатрешни работи господинот Франко Фратини и во рамките на дијалогот со Европската комисија во мај 2008 година го претстави патоказот за Република Македонија што ги содржи критериумите кои земјата треба да гиисполни за да се постигне визната либерализација за граѓаните на Република Македонија. Овие барања се однесуваат нанеколку области. Пред се, се однесуваа на безбедноста на документите, илегалната миграција, реадмисија, јавниот поредок и безбедноста и надворешните односи човекови права.

Република Македонија како земја кандидат за членство во Европската унија согласно последниот Извештај на Европската комисија и согласно извештаите на оценските мисии има постигнато големи резултати по Полгавјето 24, односно Поглавјето Правда, слобода и безбедност. Постигнатите резултати во Република Македонија практично ја отсликуваат нашата определба на воспоставување и примена на сите европски стандарди, но исто така и нашата подготвеност за воспоставување на безвизен режим со земјите членки на Европската унија.

Имено, Република Македонија е првата земја во регионот и воопшто првата земја која не е членка на Европската унија која воведе биометриски пасоши со исклучително висок квалитет и лични карти со исто таков квлаитет за домашните државјани и странците кои престојуваат во Република Македонија.

Исто така, Република Македонија е првата земја во регионот што воспсотави национален визен информационен систем, што овозможува брза конзистентна и прецизна верификација на секој барател на постоечките бази на податоци. Новиот систем нуди целосна подршка за интеграција во Шенген информацискиот систем.

Македонија е исто така прва земја во регионот што воспостави и Национален координтивен центар за гранично управување, чија основна задача е мониторинг на ситуацијата на сите гранични премини, олеснување на брза размена на инфорамции меѓу институциите кои имаат поделени надлежности на граничните премини и секако координирање на заедничките активности и операции.

Капацитетот на граничната полиција за контрола на надворешните граници континуирано се зголемува, вклучувајки и обука за персоналот, меѓутоа, за обуките зборував во рамките на мојот одгоовр на едно претходно прашање, па затоа во овој дел ќе го избегнам тој сегмент. Инаку, донесени се во нормативниот дел сите потрбни акти, како што се и стандардните оперативни процедури за надгледување на државната граница, кои се во целина усогласени со Шенген прирачникот за гранична полиција, а во тек се и договори за склучување на оперативен договор за соработка со Фронтекс и во фаза на имплементација е информацискиот систем на интегрирано гранично управување кое е целосно финансирано од Буџетот на Република Македонија.

Во претстојниве нешто повеќе од еден месец ќе започне со работа дигиталната радиокомуниакциска мрежа ТЕТРА Што ќе покрива 40% од територијата на земјава и со тоа ќе се обезбеди сигурна и веродостојна комуникација меѓу полициските служби во целата држава. Овој систем е речиси идентичен и мошне сличен со дизајнот на системите кои се користат од страна на земјите членки на Европската унија.

Инаку, покажувајки ја својата отвореност, Владата на Република Македонија донесе Одлука согласно која не е потребно да се поседува виза за државјаните кои доаѓаат од земјите што се наоѓаат на белата листа на Европската унија, а исто така е донесена и Одлука со која се дозволува влез во Република Македонија на сите државјани на земјите членки на Европската унија само со лична карта. Ова е уште една потврда на Република Македонија кон заложбата за слободен протик на патници и за полесно движење на граѓаните на Европската унија, но и на граѓаните на сите држави кои се наоѓаат на белата шенген листа.

Инаку кога стигнуваме до еден од критериумите, а тоа е критериумот на целосно исполнување на Договорот за реадмисија, би сакала да потенцирам дека овој договор кој што беше потпишан минатата година, произведе низа обврски за Република Македонија која целосно ги исполнува сите нив кои се преземени со

Договорот за реадмисија со Европската унија. А првиот заеднички Комитет за реадмисија донесе и заклучок дека практично не постојат никакви пречки или проблеми за целосна имплементација на наведениот договор.

Постигнати се конкретни резултати во борбата против илегалната миграција, трговијата со луѓе, организираниот криминал, борбата против корупцијата, зајакнати се капацитетите во областа на азилот и миграцијата преку воспоставување на прифатен центар за азиланти, а инаку Извештајот за напредокот на Република Македонија во 2008 година за прв пат констатира добар напредок во реформите за полицијата. Значи, ова е за прв пат кога еден Извештај на Европската комисија констатира позитивни чекори и напредок во делот на имплементација на реформите во полицијата.

Исто така во истоимениот Извештај се констатира и добар напредок во исполнување на сите критериуми содржани во патоказот на визна либерализација.

За време на Министерскиот форум Европската унија - Западен Балкан за правда и внатрешни работи, што се одржа во Загреб на 6 и 7 ноември 2008 година, заедно со минситерот за правда, господинот Михајло Маневски, имавме можност да оствариме средба и со евро комесарот за Правда и внатрешни работи господинот Жак Баро, и на средбата на која детално беа елаборирани нашите постигнувања на планот на исполнување на обврските од патоказот за визна либерализација, ние го информиравме евро комесарот за исполнувањата на овие критериуми и за статусот на реформите кои соглаасно патоказот се во целост исполнети, што само по себе би требало да значи предуслов за визна либерализација за граѓаните на Република Македонија, воедно потенциравме дека Владата на Република Македонија останува фокусирана на сите превземени обврски што произлегуваат од нашите разговори со Европската комисија и што произлегуваат од патоказот.

Во оваа прилика господинот Баро оцени дека Република Македонија е далеку понапред од сите земји во регионот, и ги поздрави реформите и исклучителниот напредок на овој план. На самата средба, а и официјално за време токму на овој министерски форум, беше потврдено дека Република Македонија е најнапред со реформите и со исполнувањето на условите од патоказот за визна либерализација, и со право може да очекува одлука за целосна визна либерализација за граѓаните на Република Македонија. Се разбира ние сме свесни за принципите на одлучување и за сите влијанија, но најважно од се е што Република Македонија во целост одговори на поставените услови од страна на Европската комисија и на сите средби, на сите нивоа во континуитет е констатирано дека напредокот е исклучителен и дека Република Македонија е лидер кој ги исполнува техничките критериуми за визна либерализација. Благодарам. Ако има некои дополнителни прашања ќе одговорам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Дали пратеникот госпоѓица Нада Станчевска е задоволна од одговорот, повелете.

**Нада Станчевска:** Да, благодарам, задоволна сум од одговорот.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

На третото ваше прашање ќе одговори министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, господинот Ацо Спасеноски, повелете.

**Ацо Спасеноски:** Благодарам потпретседателке, благодарам и на пратеничката за поставеното прашање, за една тема која е едно од носечките столбови на реформите во земјоделието, а тоа е решавање на долгогодишните неправди во земјоделското земјиште. Ќе мора да се навратам само на кратко дека она што 20-тина години ги тиштеше земјоделците беше немањето на земја каде што цели села останаа без парче земја, таа доведе до познатата демографска ситуација, до испразнување на тие села и самиот факт што само 380 правни и физички лица ја користеле цела земја во Република Македонија, доволно зборува како се делела таа земја. И фактот дека со првичните контроли 168 од тие 380 договори се во фаза на раскинување или се раскинати поради низа неправилности, не само во поделбата туку и во кроситењето на тоа земјиште.

Она што првично беше направено беше новиот Закон за земјоделско земјиште каде прво и најважно се одзеде правото на министерот со непсоредна спогодба да дели земјиште, кое право многу, многу често било злоупотребувано во минатото.

Второ, се формира комисија од 5 членови во кој еден од членовите е предложен од самите земјоделци. Значи за прв пат и самите земјоделци можат да учествуваат во поделбата на земјоделското земјиште.

Трета работа што беше и во самиот Закон и која се спроведува е јавното отварање на огласите. Во самиот оглас точно е наведено времето и местото каде ќе биде отварањето за да може секој оној кој конкурирал или кој е заинтересиран да присуствува на отворањето на тој оглас. Паралелно во фаза на завршување и софтверот преку кој ќе се врши таа распределба. И она што исто би го истакнал што е и во самиот Закон дека секој оној кој добил земјиште, или не добил земјиште, добива известување на основа на тоа што конкурирал, каде што точно е наведено, зошто добил или зошто не добил, и кој добил и кој друг не добил, за да му послужи како основ преку судски пат да си го реши своето право и нормално согласно законските прописи ако судот оцени дека е оштетен да си го добие правото на изгубена добивка.

Она што паралелно се работи во Министерството за земјоделие е катастарот на земјишните површини елписот, кој до крајот на 2010 ќе биде комплетно завршен со ортофото снимки, сателитски снимки, каде што секоја парцела ќе

биде посебно обележана и ќе се знае кој стопанисува со таа парцела, чија е и што се произведува.

На прашањето колку огласи, она што го истакнавме и што е во самиот Закон дека имаме два типови на огласи за поделба на земјоделско земјиште, и тоа за жителите од регионот огласите се до 10 хектари да можат да конкурираат за земјиште, до 10 хектари со тоа што нормално приоритет имаат жителите од регионот каде што конкурирале, каде е тоа земјиште.

И втор начин на конкурирање е комерцијалниот оглас каде што на основа на бизнис план може да се конкурира за земјиште на кое сака да инвестира поголем инвеститор над тие 10 хектари.

Само на кратко би кажал дека досега во овие две години 2007 и 2008 година се огласени 17 огласи со вкупно 54.800 хектари каде што за прв пат 1757 земјоделци веќе имаат договори за користење на земјиште, 1757 земјоделци за прв пат добиле земја. Во тек на склучување на договори има уште 24 илјади хектари, тие се последните четири огласи каде што земјоделците си добија земјиште, како што напоменав со јавно отворање, а во тек е изготвувањето и склучувањето на тие договори. Како што ветивме до крајот на годинава на секои две недели ќе објавиме оглас. Останува огласот кој е моментално во тек за регионот на Битола, Охрид, Струга, Дебар, Македонски Брод, Кичево и Гостивар и последниот јавен оглас за оваа година кој ќе биде објавен на 09.12.2008 година за Кисела Вода, Гази Баба, Чаир, Карпош, Куманово, Кратово и Крива Паланка. И со завршувањето на овие огласи се очекува повеќе од 2500 земјоделци за прв пат да добијат земја.

Она што се планира во натамошниот период е дорасчистување на сите постапки за ослободување на земјиштето кое било или узурпирано, или неправилно доделено и во тек се судски постапки и таму има уште околу 30 илјади хектари земјиште кое досега е спремно и ќе оди на понатамошни огласи.

Она што треба да истакнам дека во сите градови на Република Македонија и во сите региони буквално во сите региони веќе имаше понудено земјиште на оглас. Оваа поделба на земјиштето како начин на транспарентноста на самата поделба, брзината на делењето и правичната распределба во сите региони во Македонија ќе продолжи и во наредната година онака како што почнавме на секои две недели ќе има оглас кој ќе биде јавно објавен, во која комисија ќе членува и претставник на земјоделците и да можат за прв пат земјоделците да си добијат земјиште. Она што исто треба да го истакнам дека големиот проблем со узурпацијата на земјоделското земјиште каде што со десетици години наназад некои луѓе го узурпирале тоа земјиште, или неправилно го делеле. Тука се десетиците случаи меѓу кои имаме во следниве неколку дена и случај во штипско, такви има уште неколку случаи каде што Инспекторатот за земјоделие заедно со другите надлежни институции, вклучувајќи го и Министерството за внатрешни работи работиме на расчистување на ситуацијата и средување на оваа долгогодишна неправда која била правена врз земјоделците. Оваа поделба на земјиштето на јавен и транспарентен начин ќе продолжи и натаму како што започнавме. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Дали пратеникот госпоѓица Нада Станчевска е задоволна од одговорот. Повелете.

**Нада Станчевска:** Благодарам.

Да, задоволна сум од одговорот и искрено се надевам дека задоволни се сите вистински земјоделци кои што се заинтересирани да добијат на транспарентен, јавен и транспарентен начин државно земјоделско земјиште за обработка.

**Светлана Јакимовска:** Има збор пратеникот Владо Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски:** Потпретседателке, почитувани членови на Владата,

Дозволете јас да ги разбудам дел од задреманите министри кои не добија задача да одговараат на однапред договорени прашања. Значи, оваа фарса во режија на ВМРО-ДПМНЕ сметам дека ја гледа македонската јавност и времето ќе покаже дека е ова погрешна тактика. Дозволете ми бидејќи претседателот на Владата не е тука, а не уверува дека работи 24 часа седум дена во неделата, да го искритикувам јавно, затоа што не собра храброст да биде повеќе од 24 минути после седум месеци. Значи, седум месеци немало пратенички прашања. Беше должен да биде овде, затоа што дел од моите прашања беа упатени кон него. Верувам дека заменик претседателот на Владата ќе земе збор и ќе одговори. Иако за првото прашање мислам дека одговорот е најдобро да го даде можеби министерот за образование. Но, ќе го поставам до Владата.

Почитуван заменик претседателе на Владата, дали во Владата има некој кој го знае Уставот? Дали со парите на граѓаните на Република Македонија кои според наша груба проценка во изминативе три дена потрошивте стотици илјади евра, да ги лажете со огласот кој е контра штрајкот на СОНК. Значи, тврдите дека согласно Законот за основно образование и средно образование не е можно да се организира штрајк. Дозволете да ви го прочитам, затоа што не го читате Уставот и затоа правите многу против уставни дела. Да ви го прочитам членот 38 од Уставот во кој се вели: се гарантира правото на штрајк. Со закон може да се ограничи условот за остварување на право на штрајк само во Армијата и Полицијата. Дали министре Стојановски, тој кутриот просветен инспектор што секој ден го пуштате на телевизија, го знае ова. Дали ќе го смените затоа што го крши Уставот. Директно прашање, ништо повеќе.

Второто прашање е упатено до Владата, но се радувам заменик претседателе на Владата што вие сакате да говориме со факти. Јас држејќи се до фактите и до ваши изнесени факти, ќе ја

прашам Владата. Сакам да ми одговорите писмено, затоа што веќе вас не ви верувам, затоа што тоа што го напишавте и тоа што го кажавте од говорница не го реализиравте. А прашањето е за реализацијата на договорот со Руската федерација околу наплаќањето на клириншкиот долг. Потсетувам, на 1.04.2007 година требаше да биде потпишан овој договор каде што се претпоставува дека Владата го прифати моделот да се искористат овие средства за гасификација на Република Македонија. Првата варијанта беше да се направи прстенот околу Скопје. Втората варијанта, да се донесе гасот до ТЕЦ Неготино. Третата вараијанта за која ние говоревме, ако веќе дојде до таму, зошто да не ја гасифицираме Битола, или тој регион. Прашањето е, што се случи, писмено сакам да ми одговорите, после вашата колумна од 10 август 2007 во “Дневник” каде што вие напишавте: до крајот на септември 2007 година ќе биде потпишан договорот. Да одржите на 30.09.2007 година во еден вечерен термин прес во Владата и да кажете, ќе го потпишеме договорот не до крајот на септември, туку на крајот од ноември.

Моето директно прашање е, дали во меѓувреме, затоа што помина многу време од ноември 2007, има официјално барање од Руската Влада да се затвори клириншкиот долг, зошто тоа не го правиме.

Второто прашање на кое сакам писмено да ми одговорите.

И трето, дали Владата не се сомнева дека зад ова се кријат некои бизнис интереси, или некои лукративни интереси.

И доаѓам до третото прашање што сакав да му го поставам на почитуваниот премиер. За жал, претседателот на Владата не е тука, но заменик претседателе Ставрески, верувам дека вие ќе ме удостоите со усмен одговор, затоа што некои работи не ни се јасни. Значи, сите посакуваме да имаме пола милијарда евра инвестиции. Вие велите дека тоа се случило во 2007. Вас ве слушав пред некоја недела, вие рековте, во првите девет месеци во 2000 одма било. Но, како и да е, значи читаше набрзина претседателот на Владата и видовме дека од тие 507 милиони евра кои се само на хартија, финансиски се трансакциите, се виде, купување на банки, осигурителни компании, добивката што ја имал Космофон ја реинвестирал во современа технологија, 3-ге технологија, не знам што направил, Стон Бриџ, односно Т-Мобиле, реинвестирал веројатно во Т-хоме итн, и сте стигнале до 507 милиони евра. Од тоа јас тврдам дека нема ниту една гринфилд инвестиција. Едната гринфилд инвестиција за време на кампањаата на последните избори, тоа беше пред нецели пет месеци во Струмица ја отворивте вие како носител на листата во Четвртата изборна единица. Тоа требаше да биде гринфилд инвестицијата на Агрокор во откупен пункт за земјоделците од тој регион каде што требаше да се откупуваат веројатно производите што ги има во тој регион, тоа се зеленчукот и овошјето. Во меѓувреме почитуван заменик претседател на Владата, сведоци сме дека од таа инвестиција за која е потпишам меморандум за разбирање и за која вие се пофаливте дека ќе биде 200 милиони евра, нема ништо. Минатата недела официјално беше соопштено, а не беше негирано од сопственикот на Агрокор господинот Ивица Тодориќ, дека инвестицијата во Република Македонија нема да се реализира заради тоа што ниту една хрватска банка не сака да го поддржи бизнис планот на господинот Тодориќ во Република Македонија. Бизнис планот бил, јас тоа ќе ви го дадам ако сакате после моето прашање да го имате пред вас, да се отворат два откупни пункта, едниот во Струмица, другиот во Росоман, да чинат по 20 милиони евра гринфилд инвестиции и за остатокот за 160 милиони евра господинот Тодориќ сакал да ги купи Тинекс и сите малопродажни објекти, но самиот коментира во моментот кога господинот кој го споменав Тодориќ стапил во контакт со сопственикот на Тинекс, овој вели од неразбирливи причини кои не можат да се објаснат одеднаш ја кренал цената и никогаш не се реализирала зделката да стане доминантен сопственик Аргокор на Тинекс маркетите.

Моето прашање е до Владата. Дали Владата ги знае овие информации, дали Владата е свесна дека ќе има сериозен проблем со инвестициите во нашата држава. Дали имате намера, бидејќи тоа беше најавено од страна на сегашниот претседател на Владата во периодот додека беше лидер на опозицијата, дека за стимулирање на странските инвеститори ќе донесеме посебен закон. Да не ги прераскажуваме приказните што попладнево почна да ги раскажува нашиот генерален секретар Ивановски, а тоа е дека се потсмевавте на процедурите кои беа претходно во периодот 2005-2006, на потпишувањето на меморандуми за разбирање, на начините на кои потенцијалните странски инвеститори ги изразуваа своите намери со посебни писма дека ќе инвестираат и дека сето тоа реално трае од година ипол до две, како што вие неколку пати потврдувате. Сакам да ја чујам вашата проценка колку се реални. Не сум бил во Бунарџик и не можам да видам. Се радувам ако Џонсон Мети останува тука. Колку се реални овие најавени инвестиции? Ја спомнав Агрокор, затоа што Агрокор смета дека ви е најголемиот адут во кампањата кога беше јасно дека народот прочита дека нема ниту една гринфилд инвестиција, па прати господинот Тодороќ, ако се сеќава, една негова директорка, една госпоѓа се сеќавам по нејзината појава која учествуваше во вашата кампања и која тврдеше дека еве, ние реализираме 200 милиони евра инвестиција во Република Македонија. Го користевте господинот Оскарсон, кој гледаме дека сега има сериозни проблеми и го користевте нашиот заеднички пријател од Лук Оил директорот кој говореше дека само што не се изградени 40 пумпи, како што ние потпишавме во меморандумот за соработка. Но, заради проблемите што ги има на локално ниво,

ниту претходната Влада, ниту оваа може да реализира нешто сериозно. Кога сето ова го знаеме и кога говорите овде за сериозната криза која евидентно ја гледаме на примерот на Агрокор, не сакам правник да се меша во теоретска расправа не економисти, но гледаме како финансиската криза од финансовиот сектор се пренесува на реалниот сектор. Значи, проблемот што го имаат хрватите во својот банкарски сектор значи стоп за инвестиција од 200 милиони евра. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Првото прашање е поставено до замeникот премиер на Владата, господинот Ставрески.

**Зоран Ставрески:** Ви благодарам почитувана потпретседател на Собранието и му благодарам на почитуваниот пратеник Бучковски за поставените прашања кои што секако се интересни и заслужуваат соодветен одговор.

На првото прашање, јас ќе се обидам прилично кратко да го повторам ставот што во неколку наврати ние го изнесовме и кој што е содржан и во писменото обраќање на Владата до просветните работници каде што на ниедно место не се спори и не може да се спори логично едно уставно загарантирано право, а тоа е правото на штрајк. Така што во тој дел можам само да кажам дека треба доста прецизно да се чита што пишува таму и ние доста прецизно тоа и го кажавме и го напишавме. А во ниедна ситуација никој не го спореше правото на штрајк во образованието, како и во секоја друга дејност. Тоа е уставно загарантирано право. Ние она што го напишавме во тоа соопштение се цитирани одредби практично од Законот за основно и средно образование во кои што се одредува начинот на работа и организација и спроведување на воспитно образовниот процес во образованието каде што е напишано дека не смее тој да биде прекинат и каде што исто така е напишано во една друга одредба дека тој мора да трае 180 работни дена во текот на годината. Тоа е она што е напишано и тоа е она што ние го упативме како апел до просветните работници заради спецификите на нивната работа и заради тоа што на крајот како и да го гледаме независно кој има право, кој нема право и каков ќе биде епилогот од оваа прилично непријатна ситуација за сите, тој се прекршува врз грбот на учениците. И тоа беше нашиот апел дека не е добро на штета на учениците, на штета на воспитно образовниот процес и затоа ги цитиравме овие одредби од Законот за да ги потсетиме дека начинот на кој што може да се организира, може да биде и поинаков. Се разбира, во ниеден момент ниеден член на Владата, ниту Владата во целина, ниту мислеле, ниту помислиле, ниту некогаш би коментирале одредби од Уставот кои што се загарантирани и важат за сите граѓани на Република Македонија како такви.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Дали пратеникот е задоволен од одговорот?

Повелете господине Бучковски.

**Владо Бучковски:** Благодарам.

Задоволен сум од тонот кој го спушти сега заменик претседателот на Владата и мислам можеме конструктивно да разговараме. Значи, во ова што е дел од вашата манипулација сте заборавиле да го напишете Уставот. Ако велите дека цитирате законски одредби, требаше прво да го цитирате членот 38 од Уставот. Тврдам дека вие веројатно заради сериозните обврски кои ги имате, не го гледате секој ден како се заканува тој ваш избран функционер, именуван функционер, Државниот просветен инспектор кој се заканува со втората точка, дека имал право на глоба. И второ, што ги имаме информациите од теренот, се заканува секаде каде што завршуваат договорите за работа, кои знаете дека завршуваат до крајот на годината. Тоа веројатно ќе го расправаме, затоа што денеска СДСМ ја поднесе интерпелацијата против министерот Стојановски кој сметавме дека требаше многу посоодветно да реагира на кршењето на Уставот и законите од еден свој пред се подреден функционер. Затоа што господине Ставрески вие бевте тогаш наш службенк, државен службеник испратен на привремена работа во Светска банка. И можеби заборавате дека и во периодот кога вие службувавте за Република Македонија во Светска банка, имаше исто така штрајкови предводени од СОНК. Срамежливо спомена претседателот на Владата во овие математики што никако не ви излегуваат, ги заборава 12% зголемување на платите во образованието. Некој требаше да ви каже, затоа што вие не бевте тука, дека се зголеми личниот доход на вработените во образованието, културата и во социјалните дејности на 12%. И беше потпишан во 2006 година колективниот договор кој сега создава проблеми. Но, создава проблеми во тоа време ниту еден од ВМРО-ДПМНЕ не излезе да рече, СОНК нема право да штајкува. Туку, условно речено како секоја опозиција, сака да помогне на сите оние кои се потенцијални целни групи. Значи јас вчера не гледам што беше чудно да барате и да инсистирате од Дојчин Цветановски дали го поддржало опозицијата. По опозицијата може ќе ги поддржува сите протести против Владата. Како што вие не само што го поддржувавте претходно СОНГ но сега не ви одговара да признаете дека секое легитимно право треба, кога некој го користи вие да се спротивставите со легитимни средства, а не со задушување на штрајкот на против уставен и против законит начин.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Дали господинот Бучковски има дополнително да постави прашање.

**Владо Бучковски:**

Па јас претходно го прашав министерот за образование, мене не ми пречи ако тој кажа нешто, иако процедурално е спорно, но не беше прашањето за Ставрески, беше дали ќе го разреши просветниот инспектор.

**Светлана Јакимовска:** На дополнителното прашање ќе ви одговори министерот за образование и наука.

Бидејќи одговараше, господинот заменик премиер на Владата Зоран Ставрески, повелете.

**Зоран Ставрески:** Благодарам.

Ние, како и во сите други ситуации го почитуваме законот и тоа што е наведено во соопштението околу глобата, исто така е цитат од законот. Така да ниту некој некому му се заканува, а најмалку оваа Влада, која што најмногу им помагаше на просветарите и на просветните работници, со сето почитување што вие во 2006 пред изборите во 2006 сте пристапиле кон зголемување на нивните плати, независно дали е пред избори, важно е да им се зголемат платите на луѓето да се подигнат, затоа што се навистина на многу ниско ниво.

Сепак ќе се сложите исто така заради бројките што се такви, дека ова зголемување што ние го правиме, веќе го направивме во две години, практично на двапати во една година, септември 2007 и септември 2008 и со она што во септември 2009 од прилика три пати поголемо од тоа што претходно во време на вашиот мандат се донело одлука, така да и тоа покажува некој однос и приоритетите што една Влада ги дава во своето работење и однос кон просветните работници.

И би сакал да напомнам дека секако, ако некаде се констатира прекршување на законот во било која насока и од било која страна, соодветни мерки низ процедурите и институциите на системот ќе си бидат преземени против поединци. Меѓутоа, треба да се внимава затоа што во ниедна ситуација не беше пред се кажано од наша страна дали има вмешаност или нема, тоа беше коментар на лидерот на СОНК дека лидер од опозицијата му се јавувал. Тоа се неговите зборови и вие ги слушнавте и целата македонска јавност ги слушна. Така да ние немаме што да коментираме на тоа, тоа се негови ставови. Значи, кратко кажано во делот каде што ако имало некакво прекршување на законот од било кој ќе се постави како и секогаш согласно одредбите на законот во случајов.

**Светлана Јакимовска:** На второто прашање господинот Бучковски побара писмен одговор од Владата, на вашето трето прашање ќе одговори заменикот премиерот на Владата господинот Зоран Ставрески, повелете.

**Зоран Ставрески:** Благодарам на почитуваниот пратеник Бучковски уште еднаш за прашањето околу инвестициите, и поконкретно инвестицијата за "Агрокор".

Ние се трудиме навистина господине Бучковски, вие бевте премиер и знаете колку е тешко да се донесат инвеститори во една мала земја, која што многумина пред 2006 повеќе отколку сега, меѓутоа и ден денес повеќе ја препознавале значи на времето по нестабилност политичка, економска, или било каква, по конфликти и по други ситуации како регион во целина. Да не зборувам до пред некоја година беше и корумпираноста исто така голем фактор на аверзијата на странските инвеститори кон Македонија. Така да јас ги ценам напорите на сите луѓе кои биле вклучени било кога на тој процес за да донесат некоја фирма во Македонија, затоа што носењето на тие фирми значи подобар живот за дел од македонските граѓани, за оние кои ќе најдат работа во таа фирма и индиректно преку контактите и работата на таа фирма со некои други.

Во тој контекст ние практично постојано освен што работиме на реформите, работиме и на промоција на Република Македонија, не само како инвестициска дестинација туку и промоција која што е значајна и за политичкиот имиџ на земјата.

Во таа насока за нас се охрабрувачки најавите на компаниите што планираат инвестиции во Македонија и ние, навистина имавме една добра тенденцијана пораст на странските инвестиции, што беше елаборирана, но заради времето јас нема сега да ги наведувам поединечните инвестиции. Но, за разлика од вас, само да кажам дека за нас се значајни сите инвестиции. Не ги делиме по тоа дали се во финансискиот сектор или се само грин филд инвестиции, затоа што и едните и другите се значајни на свој начин. Еден дел од тие инвестиции ќе разбијат одредени монополи, олигополи, ќе внесат конкуренција, ќе внесат нови свежи продукти, ќе спуштат каматни стапки или ќе имаат трето, поинакво влијание во одредени сегменти, како што е банкарскиот сектор, телекомуникациите, градежништвото и другите дејности.

Од друга страна, се разбира, грин филд инвестициите се најголем предизвик и најкорисни за економијата. Ние настојуваме и во тој дел да бидеме исто така успешни. Добро е што некои големи компании, не само како Џонсон Контролс, туку и Џонсон Мети и уште неколку други веќе донесоа одлуки за инвестирање. Како што знаете фабриката на Џонсон Мети, и покрај општата глобална криза во светот се гради во Бунарџик и се надевам, познато е за вас, и за јавноста дека до март 2009 година ќе биде завршена. Од март, до јуни, ќе биде во пробно производство, а од јуни понатаму ќе биде цлосно функционална. И останатите инвеститори во целина не се откажуваат од инвестициите во Македонија. Во овој период имавме потпишување на неколку меморандуми и после нив, практично, следува фазата на договарање околу конкретото земјиште што е потребно да се алоцира во зоната за нив итн., со цел да се реализира инвестицијата.

Така што, ние очекуваме во текот на 2009 година и покрај кризата да имаме значителен обем на странски инвестиции, но и домашни инвестиции, заради што ги преземавме и досегашните мерки за што денеска зборувавме, а и претходно зборувавме со даноците, со придонесите и слично.

Во тој контекст е и значењето на инвестицијата на Агрокор на која што и посветивме навистина големо внимание. Добро е што вие се сеќавате на

нашите дуели на терен пред граѓаните, околу изборите и пред изборите, кој што ветил и добро е и граѓаните да се сеќаваат на тоа и да знаат. Веројатно на таа база тие ја дадоа довербата и во изборната единица 4, а и пошироко. Така што пак пред тие граѓани ние излегуваме и во меѓувреме и кажуваме што е направено и што не е направено. И имаме доблест, за разлика од други политичари да кажеме и кога нешто се задоцнило или кога нешто, заради одредени административни или други причини не може веднаш да се релизира. Ние не се плашиме и не се срамиме да кажеме и ако згрешиме нешто, дека учиме и на сопствени грешки, учиме и на искуствата од други, се со цел следната мерка, следната политика да биде подобра од претходната.

Во оваа фаза на решавање на ситуацијата, од правен аспект околу Агрокор, поминаа неколку месеци каде што ние се обидовме да бидеме, колку што може, повеќе од поддршка за реализација од оваа инвесетиција. И конечно, после неколкумесечни проблеми околу бирократски и други процедури што, за жал, не може во рок од година или две да се решат сите, конечно е значајно што со само два-три месеци задоцнување успеавме да ги завршиме сите подготвителни работи. Фирмата е регистрирана од наша страна и сите подготовки од наша страна се завршени, заклкучно со вчерашната Одлука на Владата што, веројатно не ви е познато но еве токму ова е шанса да ве запознам дека Владата го уплати и последниот дел од средствата за комунално урдување на просторот, за што беа потребни околу 52 милиони денари. Толку беа во прашање за да биде уреден просторот и за да општината може да го издаде одобрението за градба. Од наша страна комплетно е се завршено и инвестицијата на Агрокор ќе се реализира во Република Македонија така како што е предвидена. Сега останува општината и Агрокор во својот дел да ги завршат работите.

Но, меѓутоа, значајно е што ние и во овој период бевме постојано во контакти со највисокото раководство на Агрокор. Можам да ви кажам дека од нивна страна се демантирани шпекулациите што излегоа во јавноста околу некакви проблеми во врска со финансиската конструкција или за било што. Тоа не беше официјален податок, морам да ви кажам. Вие рековте официјален податок. Тоа беше податок на веб сајт што практично ние, преку директни разговори со врвните луѓе на Агрокор добивме информации од прва рака дека не е точно и дека Агрокор останува и натаму посветен за реализација на оваа инвестиција и ги има сите потребни средства за реализација на оваа инвестиција. И не само средства туку го има изготвено и проектот за започнување на изградбата. Така што очекуваме сега, со уплаќањето на средствата, многу брзо да почне изградбата на првиот откупен центар на Агрокор, а во текот на неговата реализација ќе отпочне и изградгата на вториот откупен центар на Агрокор во Македонија.

Значи, инвестицијата на Агрокор, благодарам на прашањето, се реализира во целост и онака како што се предвидуваше.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Дали господине Бучковски сте задоволен од одговорот? Повелете.

**Владо Бучковски:** Благодарам потпретседателке.

Би сакал во овој контекст да допрецизирам она што јас се обидов да биде упатено како предупредување до Владата.

Би бил среќен вашиот оптимизам да е основан. Да сето ова не мириса на предизборен маркетинг, затоа што знаете дека во Струмица почна предизборната кампања, уште повеќе што се знае кандидатот на опозицијата. Нашиот претседател Заев ќе биде наш кандидат за градоначалник. И оваа тема ќе биде дел од предизборната кампања.

Тука го разбирам вашиот оптимизам, но од друга страна мислам дека сте преголем оптимист, затоа што вака говоревте пред неколку недели и кога имаше предвидувања за финансиската криза и за рефрексиите во регионот.

Да ве потсетам, бидејќи ќе проверите вие, во што јас ви ветив и ќе ви го дадам не само извадокот од порталот на бизнис - неделникот кој говори на оваа тема, туку и официјалните податоци за состојбата во Хрватска. Значи, еве еден друг посреден податок. Новиот доминантен сопственик на Маврово ИНГРАН, што чинеше 100 милиони евра, имаше капитал пред два месеци, денеска на берзата вреди половина од таа цена. Тоа е неговиот проблем зошто, веројатно и тој нема да биде во онаа посакувана кондиција како што сакавме ние. Бидејќи беше за поздравување, Маврово со сите свои проблеми што ги имаше беше добро што најде еден постабилен регионален играч на пазарот на градежништвото.

Но, господине Ставрески да бидеме реални. Состојбите во регионот не се такви какви што вие ги тврдите. Камо среќа Агрокор да вложи 200 милиони евра. Мислам дека заради овие, сега, новонастанати околности неопходно е носење на закон. Зошто не го донесете законот за утре, вие да не бидете обвинувани дека по кој основ, со кое дискреционо право вие самите рековте, платила Владата 52 милиони денари за приватна компанија. Дел од прашањата што мене ми ги поставувавте за Џонсон Контролс или за други компании. Да речеме, заради тоа, затоа што било, условно речено, привилегирана, мислевте, Делта холдинг, ја избркавте со некои небулози дека некој некому барал пари. Се испостави дека беше сосема неточна информација и груба шпекулација, што го злоупотребил некој премиерскиот кабинет. За да истиот тој господин, во регионот, во меѓувреме вложи 3,5 милијарди евра.

Сега, моето прашање е дали нечувствувате дека токму сега треба да се донесе закон, затоа што имавте идеа, рековте врз основа на некои

показатели, ранглисти, 100 најмоќни компании, дали во светот, дали во Европа, дали во регионот, ќе можат да користат државна помош, за што вие сега спомнавте.

Тоа е моето дополнително прашање, на тоа не одговоривте, дали размислувате да донесете заклон со што ќе се стимулираат странските инвестиции.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

На дополнителното прашање ќе ви одговори заменикот премиер на Владата господинот Зоран Ставрески, повелете.

**Зоран Ставрески:** Благодарам уште еднш на пратеникот за прашањето.

Ние имаме, како што знаете, донесено практично бројни мерки поврзани со стимулирањето на странските инвестиции. Верувам дека во тој дел и вие и јавноста ги знаете сите детали. Сите се регулирани на соодветен начин во неколку закони, а пред се во Законот за државна помош е тој што како рамка определува колкав износ на државна помош може да се даде за одредена компанија, било да е домашна, било да е странска. За странските компании во рамките на слободните зони со други закони се регулира прашањето на помошта што се доделува. Во случајов се работи за откупен центар и берза што се од јавен интерес и каде што, врз основа на посебни закони е регулирано правото на партнерство. Во тој контекст содружништво од страна на државата.

Така што, го почитувам вашето мислење како заложба законски во еден закон да се регулира материјата, меѓутоа, тука има различни решенија и различни искуства во земјиве. Дали некои прават посебен закон за привлекување или промоција на земјата како привлекување на странски инвестиции, странски инвеститори и го регулираат во еден закон прашањето на помошта. Во други земји тоа е решено со одредени системски закони. Ние го имаме применето вториот систем.

Ако имате некоја идеја околу суштински, да речам, предлози околу тоа кои додатни мерки да вклучиме во оваа лепеза на мерки што ги имаме за привлекување на странски инвеститори, ние би го ценеле тоа и би го разгледале, секако, како Влада, како конструктивен предлог. Ако е чисто правно формално прашањето дали во еден закон или во повеќе закони, тогаш би рекол дека за сега ова функционира добро. Го усогласивме со сите европски регулативи во тој дел и барем за сега немаме планирано во еден единствен закон да го регулираме.

Но, велам, остануваме отворени кон секоја конструктивна соработка, кон секој конструктивен предлог. Во иднина, можеби ќе се решиме во некоја фаза и на таков чекор.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Има збор пратеникот Мераљ Узеири Ферати, повелете.

**Мераљ Узеири Ферати:** Благодарам госпоѓо потпретседател.

Ќе го искористам моето право да поставам пратенички прашања.

Првото прашање ќе го поставам на министерот за одбрана, во врска со огласот за професионални војници.

Во огласот за професионални војници, огласен во февруари 2008 година од Министерството за одбрана, од еден голем број кандидати, пријавени, со успех ги положија сите потребни процедури 190 кандидати. Од нив 129 Албанци и 61 припадник на другите, немакедонски заедници.

Иако постојат решенија, потпишани од поранешниот министер за прием на овие кандидати, тие и по девет месеци од огласот на конкуростн не се повикуваат на работа. Поради тоа го поставувам следново прашање зошто се одолговлекува нивниот прием и колку време треба да помине тие да се повикаат на работа? Да ве потсетам, дека од средствата од Буџетот на Министерството, за секој кандидат кој се јавува за стручен професонален војник, а ги врши процедурите за прием, се трошат околу 200 евра. Тука се трошоците за лекарски прегледи, психички тестови и други услуги. Не можам да сватам дека без да се примат овие кандидати на работа, Министерството за одбрана на 12 ноември огласи друг конкурс за професионални војници.

Нема ништо спорно што се отвораат нови огласи за професионални војници, бидејќи тие се предвидени со динамиката за прием на професионални војници додека се исполни потребниот број во АРМ. НО, зошто се запоставуваат овие кандидати за кои постојат решенија да се примат на работа?

Второто мое прашање, повторно ќе го поставам на министерот за одбрана. Пред неколку дена Министерството за одбрана го прекина работниот однос на 14 албански кадри. Од нив, 9 вработени во Министерството за одбрана и пет во АРМ. Сите овие лица беа вработени, некој порано а некој подоцна со договор за дело, преку Агенцијата "Вепра".

Прашувам, зошто на овие вработени Албанци Министерството за одбрана не им го продолжи договорото, кога се знае дека од вкупниот број на вработени, привремено, во Министерството за одбрана и АРМ процентот на Албанците не е над 6%. Од 267 вработени со договор за дело, во Министерството за одбрана и во АРМ пред и неколку денови беа само 25 Албанци. Сега, со отпуштањето на овие 14, останаа само 10 што во процент е симболична бројка или претставува околу 5%.

Го поставувам прашањето зошто се презема ваков чекор кон албанските кадри од Министерството за одбрана и актуелната Влада, кога се знае дека кадровската политика треба а се развива во исполнување на начелата и определбите што произлегуваат од Охридскиот

договор и Уставот, за правична и соодветна застапеност.

За овие разрешувања во Министерство за одбрана и во многу други институции, не знам колку знае Секретаријатот за имплементација на Охридскиот договор при Владата кој се раководи од потретседателот на Владата господинот Адеми.

Моето трето прашање ќе му го поставам на министерот за здравство. Во планот на Владата во текот на владееењето на ДПА, Министерство за здравство планира изградба и обнова на амбулантите во руралните подрачја односно конктретно обновата на амбуланатата во село Селарево во Тетово и изградбата на амбулантите во село Мерово, Церово и Узовце, Тетово.

Имајќи ги предвид условите на овие жители во овие села, тие се многу тешки било од социјален било од инфраструктурен аспект не може да им се овозможи да дојдат до блиските амбуланти за да добијат потребна лекарска услуга, при што се оневозможува и нивната здравствена заштита.

Моето конктретно прашање е следно. Зошто сеуште не е реализиран овој проект на Министерствот за здравсто во однос на изградбата и реновирање на амбуланти во руралните подрачја со албанско население. Дали имате намера да го продолжите проектот отпочнат од ДПА. Ви благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

На првото прашање ќе ви одговори министерот за одбрана господинот Зоран Коњановски.

**Зоран Коњановски:** Благодарам.

Сакам да напоменам дека во текот на февруари месец 2008 година беше распишан оглас од страна на министерот за примање на професионални војници во Армијата на Република Македонија и при тоа по завршувањето на тој оглас и добиената согласност од страна на Министерство за финансии, тестирањето го положиле околу 190 војници. Одлуката тогаш од страна на министерот за одбрана Лазар Еленовски мислам дека тие 190 војници треба да се примат во Армијата на Република Македонија и од февруари односно март месец до јули месец не знам зошто одговорот не го побаравте од министерот Еленовски, како и од заменик министерот за одбрана, кој патем кажано, мислам дека имавте одлична комуникација и требаше да го добиете тој одговор. Како и да е запознат сум со случајот и правам напори да ги реализираме тие ветувања, затоа што веќе имаме и нов оглас и согласно и Рамковниот договор, согаслсно и принципите кои важат кои важат во Министерство за одбрана, дел од припадниците на Армијата треба да бидат од квотите на нациналностите односно од другите етнички заедници и до крај на годината се надевам дека позитивно ќе одговориме на ов абарање и ќе го реализираме огласот од февруари 2008 година.

Што се однесува до другиот дел од прашањето во однос на лицата на кои им завршија договорите, значи сите ние знаеме дека ...

**Светлана Јакимовска:** Се извинувам министре, да ја прашаме пратеничката дали е задоволна од првото прашање. Двете беа упатени до вас, меѓутоа таква е процедурата и јас се извинувам.

Дали за првото прашање го заокруживте одговорот?

**Зоран Коњановски**: Да.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Дали пратеникот е задоволен од одговорот на министерот, повелете.

**Мерај Узеири Ферати**: Ви благодарам.

Не сум задоволна од одговорот. Ми треба точен датум кога ќе се вработат овие лица?

**Светлана Јакимовска:** Дали е тоа вашето дополнително прашање?

**Мерај Узеири Ферати:**Да.

**Светлана Јакимовска:** Повелете господине министре.

**Зоран Коњановски**: Јас уште еднаш сакам да напоменам дека можеби точен датум требаШе да добиете од вашиот заменик министер кој беше тогаш во Министерство за одбрана, меѓутоа очигледно не добивте датум, а јас правам напори да го исправам тоа што не беше реализирано во тоа време и во најкус можен рок тоа ќе го исправам.

**Светлана Јакимовска:** На вашето втор прашање ќе одговори повторно министерот за одбрана господинот Зоран Коњановски.

Повелете министре.

**Зоран Коњановски**: Благодарам

Во однос на вработувањети и вработените сите знаеме дека во администрацијата имаме државни службеници кои работат во Министерство за одбрана и во другите министерства и има лица кои се вработени, ангажирани дополнително заради зголемен обем на работа преку Агенција за привремени вработувања чиј договор важи три, шест месеци, најмногу до една година. Договорот на дело од овие лица им заврши. Согласно на тоа мораше да прекинат со работа во Министерството.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Дали пратеникот е задоволен од одговорот?

**Мерај Узеири Ферати:** Ви благодарам.

Не сум задоволна од добиениот одговор и на другите им се прекинува договорот за работа, но можат да продолжат. А, зошто на овие не им се продолжува договорот?

**Светлана Јакимовска:** Тоа е вашето дополнително прашање.

Повелете господине министре.

**Зоран коњановски**: Согласно со потребите на Министерство за одбрана, доколу има потреба на некое работно место да има ангажирани лица преку Агенција односно привремено вработени,

нормално договорот се продолжува. Доколку нема потреба повеЌе од одредени лица на одредени работни места заради намален обем на работа, нормално дека договорот тогаш се прекинува. Значи, дел од тие договори се прекинати, дел се продолжен и и тоа е тоа. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

На вашето трето прашање ќе одговори министерот за здравство.

Повелете министре.

**Бујар Османи:** Благодарам.

Госпоѓо потпретседател, почитувани пратеници.

Благодарам на прашањето.

Министерството за здравство е посветено на решавање на проблемите на нееднаквостите во здравствениот систем и тоа нееднаквости во смисла на географската дистрибуција на здравсвените услуги , на социјалната дистрибуција. Меѓутоа, прво дозволете да кажам дека во Министерство за здравство кога бев назначен за министер не најдов никаква трага на било каков проект што се однесува на градење на амбуланти во рурални средини. Веројатно почитуваната пратеничка мисли напроектот кој што го започнамве пред неколку месеци, а тоа е по предлог на Министерство за здравство, Владата на Република Македонија донесе одлука за градба на 17 амбуланти во рурални средини , каде како критериум беше земена одалеченоста односно одалеченоста од најблиската амбулатна односно здравствена установа да биде 10 километри значи отсуство на таква здравствена установа и веќе ние постапивме по таа одлука на Владата, ги обезбедивме местата и ја можам тука во интерес еве и на одговорот на пратеничката и во интерес на граѓаните да ги кажам кои се тие локации на кои што Владата одлучи да гради амбуланти. Тоа се селото Мало Коњари во Прилеп, селото Црн врв од Скопје, селото Лешкиво во Виница, селото Ганолиевци во Скопје, селото Горно Косоврасти во Дебар, селото Шутово во Кичево, селото Клуѓерица во Радовиш, село Франгово во Струга,село Вејце во Тетово, населба Свети Стефан во Охрид, село Скудриње во Ростуше, село Мислодежда во Струга, село Калишта во Струга, село Локвица во Македонски брод, село Церово во Тетово, село Манастирец во Македонски брод и село Грушино во Скопје. Оваа одлука на Владата е донесена пред околу 30 дена и веќе ние постапивме, ги обезбедивме локациите , го обезбедивме дозволите од локалните, од месните заедници и верувам дека за некој ден утре или задутре ќе почне и објавување на огласот за фирмите кои ќе почнат со градбата на овие амбуланти. Градбата верувам дека според процедурата ќе почне некаде кон почетокот на месец февруари. Со ова обезбедуваме не само здравствени услуги за граѓаните кои живеат во руралните средини со цел да ги направиме тие услуги поблиски до нив, меѓутоа овозможуваме и вработување на цели тимови на медицински екипи во сите 17 амбуланти кои што ќе дадат здравствени услуги на тие пациенти. Така, да повторам дека овој проект е започнат пред околу месец дена, а во Министерство за здравсвто не најдов никакви траги од овој проект кога бев назначен за министер. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Дали пратеникот е задоволен од одговорот? Повелете.

**Мерaљ Узеири Ферати:** Не сум задоволна од добиениот одговор. Господине министер, ако ги анализирате подлабоко работите ќе најдете дека ова во програмата е од 2008 и треба да заврши во 2008 година. Јас бев јасна и ги нагласив овие места.

Ме интересира само за селата од Тетовско како што се Селаврева, Мерово, Церово и Бозовце. Овие се села од тетовско. Јас знам дека има и други села во руралните делови и барам одговор, писмен одговор и на детален начин. Ви благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Пратеничката побара писмен одговор и истиот ќе го добие. Благодарам.

Со ова ја заклучувам Триесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши со работа во 18,50 часот)